Коалиција сексуални и здравствени права
на маргинализирани заедници
М А Р Г И Н И
Бр. 01-87/02
30.07.2026 год.
Скопје



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / E pranuar | 30-07-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 34 | 26/4 | / | / |

# Влада на Република Северна Македонија

## Генерален секретаријат

**Сектор за анализа на политиките и координација /Одделение за соработка со невладини организации**

## ПРИЈАВА

**за кандидат за член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите во областа РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

По Јавен повик бр. 34- 26 / 1 објавен на 17.07..2026 година

| Податоци за организацијата |
|---|

### 1. Општи податоци

Име на здружението/фондацијата: Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" МАРГИНИ Скопје

Седиште и адреса: Народен Фронт 27/36 Скопје, Северна Македонија

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија: 6682382 14.02.2011

Единствен даночен број: 4080011519820

Телефон за контакт и е – пошта: 00389 23 214 269 и koalicijaszpmz@gmail.com

Име и презиме на овластеното лице за застапување: Др. Славчо Димитров

Област/и на дејствување согласно Статутот: Унапредување и заштита на човековите права, родовата еднаквост, еднаквоста, недискриминацијата и социјалната правда; заштита на правата и добросостојбата на маргинализираните заедници и унапредување на нивниот пристап до здравствени, социјални и правни услуги; застапување за унапредување на законите, јавните политики и институционалните практики; превенција и заштита од родово засновано и институционално насилство; пристап до правда и правна помош; образование, култура, медиуми, младинско учество и климатска правда; истражување, документирање, едукација и продукција на научно засновани, феминистички и квир содржини; дигитална безбедност, справување со родово засновани дезинформации и заштита на бранителите на човековите права; вмрежување и соработка со домашни и меѓународни организации и институции.

### 2. Ресурси

Дали здружението/фондацијата има обезбедено технички опремен канцелариски простор?:

☐ да ☐ сопствен, ☐ даден на користење, ☒ изнајмен, ☐ друго ☐ не

Вкупен број на членови на здружението/фондацијата:_5

Број на вработени/волонтери во здружението/фондацијата: 8

**3. Мрежно работење и соработка**

Мрежи или платформи (домашни и меѓународни) во кои членува здружението/фондацијата:

Коалиција МАРГИНИ е членка или партнерска организација во Платформата за родова еднаквост, Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, ILGA-Europe, Drug Policy Network South-East Europe, Creative Pedagogies Network, European Queer Festivals & Small Arts Network, ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена, регионалната мрежа Кооператива и регионалниот колектив „Побунети читателки" зад книжевната селекција „Штефица Цвек".

Краток осврт на: учество во активности за мониторинг или застапување за унапредување на граѓанското општество, учество во работни групи за изработка на закони/стратегии, реализирани проекти во соработка со други организации или со органи на државната управа и организирани координативни активности за организациите, во последните три години: Во последните три години, Коалиција МАРГИНИ континуирано спроведува мониторинг, истражување и застапување во областите на родовата еднаквост, антидискриминацијата, ЛГБТИК+ правата, пристапот до правда, образованието и заштитата од родово базирано и институционално насилство. Коалицијата го следеше постапувањето на институциите и законските процеси, подготвуваше анализи, амандмани и препораки и учествуваше во национални и меѓународни застапувачки процеси, вклучително и преку механизмите на Европската Унија, Обединетите нации и Советот на Европа.

Во областа на образованието, Коалицијата соработуваше со Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Министерството за образование и наука, пратеници, училишта и стручни служби. Учествуваше во подготовка и унапредување на наставни програми, насоки и механизми за спречување и пријавување насилство и дискриминација, како и во консултации за законски и подзаконски акти. Во услови на законски измени со кои се намалуваше постојната заштита, Коалицијата подготви и достави амандмани и иницираше постапки пред Уставниот суд за заштита на принципите на еднаквост и недискриминација. Преку обуки, менторство и модел на обука на обучувачи беа вклучени повеќе од 150 наставници, психолози и педагози, а во повеќе училишта беа воспоставени или унапредени интерни механизми за превенција и постапување во случаи на насилство. Коалицијата реализираше проекти и активности во соработка со домашни, регионални и меѓународни организации, институции, образовни работници, правни експерти, културни институции и претставници на засегнатите заедници. Работата опфати правна помош и стратешко застапување во случаи на дискриминација и родово базирано насилство, развивање образовни и истражувачки ресурси, како и феминистички и квир културни програми. Во овој период беше подготвена и објавена интердисциплинарната публикација „И по сè, родови проблеми", а Скопје Прајд Викенд продолжи да функционира како регионална платформа за критичка култура, јавен дијалог и создавање алтернативни наративи за родот, сексуалноста и општествената еднаквост.

Преку Платформата за родова еднаквост, Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, Мрежата за заштита од дискриминација и другите домашни и регионални партнерства, Коалицијата учествуваше во координирани реакции, консултации, заеднички застапувачки иницијативи и активности за заштита на граѓанскиот простор. Организираше координативни средби, јавни форуми, обуки, консултации и процеси на стратешко планирање со вработени, членки, партнерски организации и претставници на заедниците. Овие активности придонесоа кон поврзување на феминистичките, ЛГБТИК+, културните, образовните и пошироките човекови права организации и кон развивање заеднички одговори на анти-родовата мобилизација, демократската регресија и стеснувањето на просторот за дејствување на граѓанското општество.

**Податоци за организацијата**
**(Се пополнува доколку кандидатите за член и заменик член се од различна организација)**

## 2. Општи податоци

Име на здружението/фондацијата: Реактор – Истражување во акција

Седиште и адреса: Бул. Партизански Одреди 18-1/11, 1000, Скопје

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија:
5954096 / 25.01.2005

Единствен даночен број: 4030005548897

Телефон за контакт и е – пошта: +3892 3245536 / info@reactor.org.mk

Име и презиме на овластеното лице за застапување: Тања Иванова

Област/и на дејствување согласно Статутот: Социо-економско истражување на Република Македонија, нејзините институции и правни акти; Обезбедување точни, навремени и самостојни податоци за состојбите во Република Македонија и обезбедување нивна стручна анализа; Подигање на свеста, за значењето на одредени прашања и потикнување на процеси на креирање на политики за нивно уредување и унапредување; Поддршка и олеснување на процесот на европеизација на Република Македонија; Промовирање на родовата еднаквост; Унапредување на статусот и положбата на младите; Промовирање на партиципативен урбан развој; Промовирање на отворено, партиципативно и инклузивно носење на одлуки на национално и локално ниво.

## 4. Ресурси

Дали здружението/фондацијата има обезбедено технички опремен канцелариски простор?:

☒ да ☐ сопствен, ☐ даден на користење, ☒ изнајмен, ☐ друго ☐ не

Вкупен број на членови на здружението/фондацијата:______16____

Број на вработени/волонтери во здружението/фондацијата: ___8____

## 5. Мрежно работење и соработка

Мрежи или платформи (домашни и меѓународни) во кои членува здружението/фондацијата:
Националната платформа за родова еднаквост и во националната и регионалната мрежа на фондацијата Kvinna till Kvinna, а е и основач и координатор на македонскиот дел од регионалната Коалиција ЕКВАПРО за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ. Реактор е исто така

- Ко-основачка и координаторска улога, Национална платформа за родова еднаквост: Gender equality platform
- Претседателство, ко-основачка улога: Коалиција ЕКВАПРО за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ: Coalition for Gender Equality in the EU Accession Process – Reactor – Research in action
- Водечка регионална известувачка улога, Работна група за родова еднаквост и различност на Берлинскиот процес (2024–2025): Berlin Process
- Членка, регионална Група за застапување за ЕУ на Kvinna till Kvinna: Advocating towards the EU—how Kvinna till Kvinna and partners make a difference for women in the Western Balkans

- Членка, Меѓуресорска група за еднакви можности на жените и мажите, Северна Македонија: Интер ресорска група за еднакви можности на жените и мажите
- Членка, Годишен глобален дијалог со граѓанското општество и локалните власти за спроведувањето на ЕУ Родовиот акциски план III (GAP III) (*Capacity4Dev* платформа на Европската Комисија, поточно директоратот ИНТПА - DG INTPA: Towards a Gender Equal World: the EU Gender Action Plan III | Capacity4dev)
- Ко-основачка улога, Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и долгогодишно членство (2025)
- Членка (соработничка организација), Платформа за фундаментални права (Fundamental Rights Platform) на Агенцијата на ЕУ за фундаментални права (FRA): Activities | European Union Agency for Fundamental Rights
- ко-основачка улога, Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и долгогодишно членство (2025).

Во домашниот законодавен процес, Реактор учествуваше во работната група за изработка на Законот за родова еднаквост (2019–2023) и во работната група за Законот за заштита од вознемирување на работно место / мобинг (2020–тековно), додека по прашањата поврзани со Законот за работни односи организацијата застапуваше низ консултативни процеси, без формално членство во работната група, во периодот 2016–2023. Реактор има потпишано меморандуми за соработка со Министерството за внатрешни работи и со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а соработува и со Министерството за труд и социјална политика, во меѓувреме преименувано во Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ).

Во рамки на процесот на европска интеграција, Реактор е дел од координативните и политичките механизми и тела поврзани со ИПА III, вклучително и во секторските работни групи (меѓу другите, за образование и социјални политики, и за конкурентност и иновации), како и во мониторинг комитетите и поткомитетите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) во делот на правдата, слободата и безбедноста. Во последните три години, Реактор континуирано учествува во мониторинг и застапување за унапредување на положбата на граѓанското општество, со посебен фокус на родовата еднаквост во контекст на европската интеграција. Организацијата е автор на националните извештаи за напредокот на земјата во однос на родовата перспектива и ИПА 3 програмирањето, и ко-автор и придонесувач кон регионалните извештаи „Scratching the Surface" (2022) и „Towards Inclusive EU Accession" (2024), кои го следат спроведувањето на родовите стандарди во процесот на пристапување кон ЕУ во сите земји од Западен Балкан, изработени во соработка со партнерски организации од регионот и во консултација со надлежните институции. Реактор раководеше со партиципативниот процес за изработка на првиот национален План за спроведување на GAP III (КЛИП), консултирајќи над 25 локални граѓански организации преку мрежите Kvinna till Kvinna и ЕКВАПРО. Организацијата редовно следи и дава придонес кон годишните извештаи на Европската комисија за напредокот на земјата, како и кон секторските работни групи поврзани со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Реактор е иницијатор и автор на извештаи во сенка за спроведувањето на Националната стратегија за родова еднаквост и акциските планови – процес што организацијата континуирано го спроведува од 2012 година. Реактор е коавтор на повеќе наменски извештаи во сенка, како на пример ЦЕДАВ, и на првиот ГРЕВИО извештај во сенка за земјата. Дополнително, Реактор организираше координативни активности за граѓанските организации преку регионалниот Форум за родова еднаквост и европски интеграции и преку тематски консултации со мрежите и платформите во кои членува, обезбедувајќи редовна размена на информации, заеднички позиции и координиран пристап кон институциите. Реактор е меѓу ко-основачите на ИПА2ГО (IPA2CSO) механизмот – првата структурирана граѓанска иницијатива за учество на граѓанското општество во програмирањето на ИПА фондовите и националните стратешки документи, формирана во 2014 година преку работна група од девет граѓански организации. Оваа улога на Реактор во градењето на структурниот дијалог продолжи и во понатамошните итерации на овој процес, вклучително и преку веб-платформата „Дијалог кон ЕУ" (dijalogkoneu.mk), развиена во рамки на партнерски проект финансиран од ЕУ и одржувана од Реактор, наменета за следење на структурниот дијалог и учеството на граѓанските организации во процесот на европска интеграција. Паралелно, Реактор долгогодишно спроведуваше сопствени истражувања за состојбите и потребите на граѓанското општество (во периодот 2012-2016: https://www.graganskoucestvo.mk и подоцна во рамки

на Дијалок кон ЕУ - 20210–2022: https://dijalogkoneu.mk/civicengagement?civic_category=reports) преку кои редовно ги следеше и ги инкорпорираше гласовите на граѓаните и граѓанките и граѓанските организации во процесите на креирање политики и носење одлуки. Во последниов период, поради ограничени програмски и финансиски ресурси, овој вид истражувања продолжува во понеформална форма – преку кратки анализи (брифови) и континуирано учество во релевантни процеси, наместо преку самостојни публикации – но без организацијата да отстапи од оваа заложба. Ова е особено значајно бидејќи следењето на гласот на граѓанското општество и унапредувањето на граѓанското учество, паралелно со родовата еднаквост, се дел од самата основачка мисија и цел на Реактор.

| **Податоци за кандидатот за ЧЛЕН на Советот во областа<br>РОДОВА ЕДНАКВОСТ** |
|---|

**1.Општи податоци**

Име и презиме на кандидатот за член: Сара Миленковска

Вид и степен на образование: Дипломиран Политиколог Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Магистерски студии – MSc Gender, Policy and Inequalities, London School of Economics and Political Science (LSE)

Телефон за контакт и е – пошта:078329082 email: milenkovskas@gmail.com

**2. Професионално искуство на кандидатот за член на Советот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост - 10 години

Експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.

Експертизата на Сара Миленковска се темели на повеќегодишна работа во областа на родовата еднаквост, човековите права и јавните политики, поврзувајќи истражување, развој на политики, застапување и директна работа со заедниците. Нејзиниот професионален ангажман е насочен кон анализа на структурните причини за родовата нееднаквост и развој на решенија што придонесуваат кон поинклузивни, отчетни и демократски институции. Во својата работа развива и применува истражувачки методологии, подготвува анализи и препораки за јавни политики и координира национални и регионални иницијативи во областа на родовата еднаквост, превенцијата од родово базирано насилство, социо-економската инклузија, еднаквоста на пазарот на трудот, дигиталните права и заштитата на граѓанскиот простор. Како проектна координаторка и истражувачка во Коалиција МАРГИНИ го координираше националното истражување во рамките на регионалниот проект **„Working Safe“**, посветено на положбата на ЛГБТИК+ лицата на пазарот на трудот Паралелно, работи на истражување и анализа на анти-родовите политики и движења, нивното влијание врз законодавството, јавниот дискурс и процесите на демократско управување, како и на документирање на институционалните практики што влијаат врз остварувањето на човековите права. Во рамките на својата работа во Коалиција МАРГИНИ активно учествува во подготовка на анализи и застапувачки позиции за процесот на европска интеграција, вклучително и препораки поврзани со родовата еднаквост, ЛГБТИК+ правата, владеењето на правото и граѓанскиот простор. Во изминатиот период учествуваше во застапувачки процеси и директен дијалог со Европската комисија, Европскиот парламент, Европската служба за надворешно дејствување и други меѓународни чинители, со цел овие прашања да бидат интегрирани во извештаите за напредокот на Северна Македонија и пошироките политики за човекови права. Нејзината експертиза е изградена преку работа со домашни и меѓународни организации, како и преку учество во процеси за подготовка на национални и регионални истражувања, анализи и извештаи, развој на стратегии, подготовка на препораки за јавни

политики и придонес кон извештаи во сенка за меѓународните механизми за заштита на човековите права. Во рамките на овие процеси работела на теми како што се родово базираното насилство, економската еднаквост, родовите дезинформации, медиумските претстави, политичкото учество на жените, положбата на ЛГБТИК+ лицата и имплементацијата на меѓународните стандарди за родова еднаквост.

Покрај истражувачката и аналитичката работа, Миленковска има значително искуство во креирање и координација на процеси за учество на заедниците во подготовката на политики и застапувачки иницијативи. Работи на поврзување на институциите, граѓанските организации, академската заедница и меѓународните партнери, со цел јавните политики да се темелат на докази, искуствата на засегнатите групи и принципите на еднаквост и недискриминација. Нејзиниот пристап кон родовата еднаквост се заснова на разбирањето дека таа претставува хоризонтален принцип што треба да биде интегриран во сите јавни политики – од трудот и социјалната заштита, преку образованието, здравството и медиумите, до владеењето на правото, дигиталната трансформација и процесот на европска интеграција. Токму затоа нејзината работа е насочена кон унапредување на институционалните капацитети, развој на одржливи механизми за учество и јакнење на соработката помеѓу институциите и граѓанското општество во креирањето политики засновани на човекови права.

**3. Дали кандидатот за член на Советот е:**

| | | |
|---|---|---|
| Член на орган на политичка партија | ☐ да | ☒ не |
| Избрано или именувано лице | ☐ да | ☒ не |
| Вработен во орган на државната управа | ☐ да | ☒ не |

**Податоци за кандидатот за ЗАМЕНИК ЧЛЕН на Советот во областа РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

**2.Општи податоци**

Име и презиме на кандидатот за заменик член: Тања Иванова

Вид и степен на образование: Дипломирана специјалистка по англиска филологија (јазик, книжевност и лингвистика), VII/1 степен – Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески" (1992–1999).
Во тек: магистерски студии по политички студии (родови студии и социјална критика) – Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје (2024–во завршна фаза); магистерски студии по Power, Participation and Social Change – Универзитет во Сасекс, Обединето Кралство, стипендистка на Chevening (2025–во завршна фаза на дисертација).

Телефон за контакт и е – пошта: +38971240406, +447907873995 (WhatsApp) / tania@reactor.org.mk/

**2. Професионално искуство на кандидатот за заменик член на Советот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост __6 години_

Експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областа Родова еднаквост (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.)
Во периодот од 2020 година до денес, како претседателка и виша истражувачка во Реактор – истражување во акција, раководам со истражувања, правно-институционални анализи и застапнички иницијативи во областа на родовата еднаквост и европската интеграција. Учествував во изработка и

коавторство на националните и регионалните истражувања и извештаи „Scratching the Surface: Assessing implementation of gender equality standards in the EU Accession process for the Western Balkans" (2022) и „Towards Inclusive EU Accession" (2024), како и на други национални анализи, меѓу кои и: „Родови статистики и родово вклучување на статистичкиот систем на Северна Македонија" (2022) и „Жените во политиката 2: Пат до јавна функција и влијание на локално ниво во Северна Македонија" (2022–2023), како и последните истражувања за граѓанско учество на Реактор, во рамки на проектот Дијалог кон ЕУ (2020-2022). Коавторка сум и на првиот ГРЕВИО извештај во сенка за земјата и континуирано придонесувам кон извештаите во сенка на Реактор за спроведувањето на Националната стратегија за родова еднаквост и акциските планови – процес што организацијата го спроведува од 2012 година, а јас се вклучив во 2021.
Раководев со партиципативниот процес за изработка на првиот национален План за спроведување на Родовиот акциски план III на ЕУ (КЛИП). Претседавам со регионалната Коалиција ЕКВАПРО за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ и сум водечка регионална известувачка во Работната група за родова еднаквост и различност на Берлинскиот процес (2024–2025). Учествував во консултации со различни чинители и во работни групи за изработка на закони поврзани со родовата еднаквост и заштитата на работниците, и остварувам постојана институционална соработка со национални институции, меѓународни тела и со Делегацијата на Европската Унија во Скопје и со релевантните тела и генерални дирекции на Европската комисија во Брисел. Учествував во бројни настани и евалуации и придонеси кон стратегии за граѓанско општество и за родова еднкавост, а бев дел и од 10-тото издание на Регионалната конференција за граѓански организации на Економско социјалниот совет на Европската Унија.
Дополнително, но не помалку важно, редовно одржувам контакти и вмрежување не само со национални, туку и со локални организации од областите на делувањето на Реактор, вклучително и организации за женски права и младински организации, преку спомнатите мрежи но и преку работењето на Реактор и учеството во формални и неформални процесии и консултации.
Оваа експертиза се надоврзува на претходното професионално искуство како виша истражувачка во Ипсос (2007–2020), каде раководев со истражувања релевантни за граѓанскиот сектор и јавните политики, меѓу кои Студијата на ОБСЕ за безбедност и благосостојба на жените (прво репрезентативно истражување за родово базирано насилство во регионот), истражување за капацитетите на граѓанските организации во Западен Балкан и Турција (TACSO, 2014) и истражувања за демократско управување и владеење на правото за Светската банка и НДИ, и други.
Повеќе детали и директни референци до публикации и мрежи се наведени и во самата биографија на кандидатката.

**3. Дали кандидатот за заменик член на Советот е:**

| | | |
|---|---|---|
| Член на орган на политичка партија | ☐ да | ☒ не |
| Избрано или именувано лице | ☐ да | ☒ не |
| Вработен во орган на државната управа | ☐ да | ☒ не |

Место и датум
20.07.2026

Потпис на овластеното лице за застапување

МП

# Приоритетни прашања за развојот на граѓанското општество

Како кандидатки предложени од Коалиција МАРГИНИ и Реактор – Истражување во акција, м-р Сара Миленковска и Тања Иванова, нашата заедничка определба е да придонесеме кон унапредување на институционалната соработка, отворениот дијалог и суштинското учество на граѓанските организации во креирањето и спроведувањето на јавните политики со цел унапредување на родовата еднаквост и демократските процеси во земјата.

Нашиот пристап се заснова на разбирањето дека **родовата еднаквост е интерсекциско и демократско прашање**, непосредно поврзано со владеењето на правото, квалитетот на институциите, европските интеграции, социјалната кохезија и еднаквиот пристап до права и јавни услуги, а со тоа и унапредувањето на добросостојбата и животот на луѓето и целокупниот одржлив развој. Коалиција МАРГИНИ и Реактор имаат долгогодишно и докажано искуство во истражување, мониторинг, работа со заедници, развивање препораки за јавни политики и застапување во областа на родовата еднаквост, антидискриминацијата и човековите права. Ова искуство ќе го ставиме во функција на конструктивна, аргументирана и институционално насочена работа во рамките на Советот.

Нашата работа во Советот ќе биде директно насочена кон спроведување на Стратегијата за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2025–2028, особено во делот на Приоритетна област 2 – зајакнување на партнерството и вклученоста на граѓанските организации во креирањето политики (М 2.1.1 и М 2.1.2), каде родовата перспектива треба да биде составен дел од работата на секторските работни групи, консултациите преку ЕНЕР и следењето на Реформската агенда и Планот за раст. Ќе се залагаме и за целите од Приоритетна област 1, посебно во делот на транспарентно и предвидливо финансирање на организациите (точка 8 подолу).

Оваа кандидатура ја носи предноста на комплементарното, институционално и програмско искуство на Коалиција МАРГИНИ и Реактор – Истражување во акција. Двете организации имаат долгогодишно искуство во истражување, следење на јавните политики, застапување и структурен дијалог со институциите, но внесуваат различни и меѓусебно надополнувачки перспективи. Коалиција МАРГИНИ носи значајна експертиза во системско и правно застапување во областите на родовата еднаквост, антидискриминацијата, пристапот до правда, образованието, заштитата од насилство и човековите права. Нејзината работа опфаќа мониторинг на институционалното постапување, анализа на закони и јавни политики, подготовка на амандмани и препораки, учество во консултативни и реформски процеси, како и користење домашни и меѓународни правни и застапувачки механизми. Истовремено, директната работа со заедниците што се соочуваат со повеќекратна маргинализација овозможува институционалните позиции на Коалицијата да бидат засновани на конкретни искуства, податоци и реални потреби. Реактор – Истражување во акција придонесува со долгогодишна експертиза во истражување на родовата еднаквост, следење на

реформските процеси, развивање политики засновани на докази и застапување за поефективни механизми за учество на граѓанското општество на национално, регионално и европско ниво. Токму таквиот пристап овозможува заедничката работа во Советот да биде интерсекциска во вистинска смисла: да ги поврзе правните, политичките и институционалните процеси со различните ефекти што тие ги имаат врз граѓаните и да придонесе кон исполнување на мандатот на Советот кон целото граѓанско општество.

## 1. Родовата еднаквост како интерсекциско и демократско прашање

Ќе се залагаме родовата еднаквост да се третира како составен дел од демократското управување, владеењето на правото и еднаквиот пристап до институциите, а не како изолирана секторска тема.

Интерсекцискиот пристап подразбира препознавање дека законите, институционалните практики и јавните услуги различно влијаат врз различни групи граѓани. Поради тоа, при креирањето на политиките треба да се земат предвид искуствата на жените, ЛГБТИК+ луѓето, Ромките, лицата со попреченост, младите, лицата во социјален ризик, жителите на руралните средини и другите заедници што се соочуваат со повеќекратни форми на нееднаквост. Нашата цел ќе биде да придонесеме кон политики што се засноваат на проверени податоци, реалните потреби на заедниците и принципот на еднаков третман, дополнително преку афирмирање на нашата екрспертиза и знаење ќе придонесеме кон креирање на двонасочен процес помеѓу владата, граѓанските организации и самите граѓани.

## 2. Системско вклучување на родовата перспектива во јавните политики

Преку нашите заложби ќе работиме на системско интегрирање на родовата перспектива во креирањето, планирањето, буџетирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на јавните политики, во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/2021 и 39/2025), Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2022) и Националниот акциски план за родова еднаквост (Министерство за социјална политика, демографија и млади, 2025).

Ќе се залагаме за проактивен и партнерски однос и поддршка на институциите во ефективната имплементација на тековната Стратегија за родова еднаквост преку промовирање на координирана соработка помеѓу државните институции, граѓанските организации и сите други релевантни чинители. Истовремено, ќе се залагаме граѓанските организации кои работат во областа на родова еднаквост активно да учествуваат во подготовката на следниот стратешки циклус преку навремени консултации, доставување предлози засновани на докази и вклучување во процесот на изработка на новата Стратегија за родова еднаквост.

Ќе работиме родовата перспектива да биде доследно интегрирана во работата на сите секторски работни групи иво процесите на креирање јавни политики преку активен придонес и учество на граѓанските организации кои работат во областа на родовата еднаквост. Ова опфаќа доследна вклученост во работата на сите секторски работни групи и процеси на креирање политики, вклучувајќи ги областите на: безбедност и превенција на насилство (вклучително и родовоосновано насилство и меѓународна безбедност), правда и пристап до правна заштита, социјална и здравствена заштита, образование и наука, економски, работнички и даночни политики, култура и медиуми, животна средина и климатски акции, земјоделство и рурален развој, дигитализација, транспорт и локален развој, управување со кризи, и европска интеграција.

Ќе се залагаме родовата перспектива да не се третира како формална обврска, туку како составен дел од квалитетното креирање јавни политики - прекупромовирање практични механизми за родово одговорно планирање, користење на родово разделени податоци, проценка на родовото влијание и редовно следење на резултатите, со цел институциите навремено да ги препознаваат различните ефекти на политиките врз различни групи граѓани и да развиваат поефикасни, поправични и поодржливи решенија, без да се создаваат дополнителни административни оптоварувања за институциите.

## 3. Европските интеграции и усогласувањето со европските стандарди

Процесот на европска интеграција претставува важна рамка за унапредување на владеењето на правото, човековите права, недискриминацијата и институционалната отчетност. Родовата еднаквост како фундаментална вредност на Европската унија (ЕУ) претставува интегрален принцип и хоризонтална компонента во сите кластери и преговарачки поглавја во процесот на пристапување кон ЕУ. Оттука, нашите заложби се родовата еднаквост да биде систематски интегрирана во процесот на планирање, спроведување и следење на реформите поврзани со членството во Европската Унија, преку примена на родови анализи, користење родово разделени податоци, проценка на родовото влијание на законите и политиките и примена на родово одговорно буџетирање.

Ќе се залагаме организациите кои работат во областа на родовата еднаквост и човековите права да бидат редовно и суштински вклучени во сите фази на реформите поврзани со европската интеграција – од планирањето на приоритетите, преку изработката на закони и стратешки документи, до следењето на спроведувањето и оценувањето на влијанието. Ова вклучува активно учество во секторските работни групи, јавните консултации и координацијата околу Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), Реформската агенда, Планот за раст на ЕУ и секторските реформски документи, во согласност со целите на Стратегијата за соработка 2025–2028 (М 2.1.2) за поголемо учество на граѓанските организации во секторските работни групи и консултативните процеси поврзани со пристапувањето.

Ќе настојуваме препораките од редовните извештаи на Европската комисија да се преточат во конкретни институционални активности, индикатори, рокови и механизми за отчетност, особено оние за владеењето на правото, основните права,

недискриминацијата, родовата еднаквост, просторот за граѓанските организации и учеството на граѓанското општество во креирањето политики. Особено внимание ќе посветиме на наодите од Годишниот извештај на ЕУ 2025 за стеснувањето на просторот за граѓанските организации, преку залагање граѓанските организации да имаат редовна можност да придонесат со податоци, анализи и практични препораки за спроведувањето на реформите, бидејќи тие имаат непосреден контакт со заедниците чии права се засегнати.

Ќе се залагаме Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество да прерасне во активна платформа за координација на придонесот на организациите во процесот на евроинтеграција, преку структуриран дијалог со Министерството за европски прашања, ресорните институции и секторските работни групи, со редовна размена на информации, заеднички иницијативи и следење на реформските обврски од аспект на човековите права и родовата еднаквост.

Во таа насока, ќе иницираме тематска координативна група за родова еднаквост и европски интеграции во рамките на Советот, која ќе ги поврзува организациите во оваа област со надлежните институции преку заеднички мислења, размена на анализи и следење на препораките на ЕК од родова перспектива. Дополнително, ќе иницираме годишен извештај за учеството на граѓанското општество во евроинтеграцискиот процес, со посебен фокус на родовата еднаквост и недискриминацијата, кој ќе следи и препорачува унапредување на дијалогот и отчетноста.

Во оваа област, долгогодишното искуство на Реактор во истражување, мониторирање и евалуација на политиките и реформите поврзани со процесот на пристапување кон ЕУ од родова перспектива, како и искуството на Коалиција МАРГИНИ во мониторингот на институционалните практики и примената на стандардите за човекови права, претставуваат значајна основа за конструктивен придонес во работата на Советот.

## 4. Овозможувачка средина за независно и одржливо граѓанско општество

Ќе се залагаме за институционална средина во која граѓанските организации можат слободно, независно и професионално да дејствуваат, да учествуваат во јавниот дијалог и да придонесуваат кон развивање подобри политики. Тоа подразбира:

- транспарентен пристап до информации;
- навремено вклучување во процесите на креирање политики;
- предвидливи механизми за соработка со институциите;
- заштита на слободата на здружување и изразување;
- институционален одговор на закани, говор на омраза и дискредитација на организации и активисти;
- признавање на критичката улога на граѓанското општество како дел од демократскиот систем.

Особено внимание ќе посветиме на организациите што работат со маргинализирани заедници и кои поради природата на својата работа се почесто изложени на јавни притисоци и ограничен пристап до институционалните процеси.

## 5. Суштинско и навремено учество во креирањето јавни политики

Ќе се залагаме консултациите со граѓанските организации да започнуваат во раните фази на развивањето закони, стратегии и програми, кога сè уште постои реална можност нивните предлози да влијаат врз конечните решенија. За подобрување на довербата меѓу институциите и граѓанскиот сектор, потребно е институциите да обезбедуваат јасна повратна информација за: примените предлози; прифатените препораки; предлозите што не биле прифатени; и образложението за донесените одлуки. Особена заложба ќе биде разбирањето на родовата еднаквост како дел од целокупниот институционален систем и вклученост во секој сектор. Родовата еднаквост е дел од сите аспекти на живеењето, социјалната и правна држава - и со тоа потребно е јасно вклучување на оваа експертиза во сите секторски работни групи и одделенија. Преку активно учеството и овозможување на транспарентност на организациите да се заснова на нивната релевантна експертиза, работата со заедниците и познавањето на конкретните политики, со почитување на различните ставови во рамките на секторот.

## 6. Континуитет и унапредување на стандардите за родова еднаквост

Ќе придонесуваме кон навремено следење на законските, стратешките и институционалните процеси што влијаат врз родовата еднаквост и принципот на недискриминација. Нашиот пристап ќе биде насочен кон обезбедување правна сигурност, доследна примена на постојните стандарди и развивање решенија што одговараат на реалните предизвици со кои се соочуваат граѓаните и институциите. Кога ќе бидат идентификувани ризици од намалување на постојното ниво на заштита или од нееднакво влијание на одредени политики, ќе настојуваме прашањата да бидат отворени навремено, аргументирано и во духот на институционалниот дијалог.

## 7. Институционален одговор на дезинформациите и поларизацијата

Јавните дебати за родовата еднаквост во последниве години сè почесто се проследени со намерно поедноставување, погрешно толкување и ширење на неточни информации за целите и содржината на политиките за родова еднаквост, што придонесува кон зголемена општествена поларизација. Ова може да ја отежне работата на институциите и да ја намали довербата на граѓаните во јавните политики, особено кога јавниот дискурс наместо на факти и анализи се потпира на емотивни и поедноставени наративи.поедноставување на комплексни политики и зголемена општествена поларизација. Ова може да ја отежне работата на институциите и да ја намали довербата на граѓаните во јавните политики. Ќе се залагаме за:

- јавна комуникација заснована на факти и проверени податоци;

- јасно и разбирливо објаснување на целите на политиките;
- соработка меѓу институциите, академската заедница и граѓанските организации;
- навремено адресирање на дезинформациите што можат да предизвикаат дискриминација или непотребна поларизација;
- создавање простор за аргументиран дијалог меѓу различни општествени чинители.

Во оваа област ќе настојуваме комуникацијата да биде внимателна, професионална и насочена кон градење доверба, без откажување од принципите на еднаквост и човекови права.

### 8. Транспарентно, правично и одржливо финансирање на граѓанските организации

Ќе се залагаме финансирањето на граѓанските организации од јавни средства да се заснова на јасни критериуми, транспарентни постапки и реалните потреби на заедниците. Потребно е приоритетите за финансирање да се утврдуваат врз основа на секторски анализи и консултации со организациите, а одлуките за доделување средства да бидат јавно образложени. Ќе ја поддржиме и дискусијата за подолгорочни и поодржливи модели на финансирање, со кои ќе се зајакнат институционалните капацитети на организациите, особено на помалите, локалните и организациите предводени од засегнатите заедници.

### 9. Подобра координација меѓу институциите и граѓанското општество

Прашањата поврзани со родовата еднаквост најчесто се во надлежност на повеќе институции и не можат да се решаваат преку изолирани секторски интервенции.

Ќе се залагаме за подобра хоризонтална координација меѓу министерствата, независните институции, единиците на локалната самоуправа и граѓанските организации. Советот може да има важна улога во идентификувањето празнини во координацијата и во предлагањето практични механизми за нивно надминување. Во рамките на оваа заложба ќе настојуваме искуствата и податоците на Коалиција МАРГИНИ, Реактор и поширокиот граѓански сектор да бидат ставени во функција на подобро информирани и поефикасни институционални решенија.

## План за координација и комуникација со граѓанските организации

Како кандидатки предложени од Коалиција МАРГИНИ и Реактор – Истражување во акција, координацијата со граѓанските организации ќе ја поставиме како континуиран, двонасочен и отчетен процес. Целта е организациите навремено да добиваат информации за прашањата што се разгледуваат во Советот, да имаат реална можност да доставуваат ставови и предлози и да бидат информирани за начинот на кој нивните позиции биле претставени и разгледани.

Пред седниците на Советот ќе ги споделуваме релевантните точки од дневниот ред и ќе отвораме простор за доставување коментари, податоци и предлози. За прашањата што се посложени, итни или засегаат повеќе области и заедници, ќе организираме кратки консултации со релевантните организации, мрежи и платформи. При утврдувањето на прашањата што ќе ги застапуваме, приоритет ќе имаат темите што засегаат поширок круг организации или заедници, се поврзани со тековни законски и стратешки процеси, имаат значење за европските интеграции или создаваат ризик за намалување на постојното ниво на заштита.

Во рамките на Советот, ставовите на организациите ќе ги пренесуваме прецизно и одговорно. Кога постои заедничка секторска позиција, таа ќе биде јасно претставена, додека во случаи кога постојат различни ставови, тие разлики ќе бидат соодветно комуницирани, без создавање привиден консензус. На овој начин ќе обезбедиме претставувањето да биде веродостојно и да ја одразува различноста на граѓанското општество.

Координацијата меѓу членката и заменик-членката ќе биде редовна и структурирана, со навремена размена на информации, усогласување на пристапот и јасна поделба на обврските. На тој начин ќе обезбедиме континуитет во следењето на работата на Советот и доследно претставување на организациите, независно од тоа која од кандидатките учествува на конкретна седница или активност.

По секоја седница ќе споделуваме кратко и разбирливо известување за разгледаните прашања, застапуваните позиции, донесените заклучоци и следните чекори. Ќе комуницираме отворено и кога нема постигнато напредок или кога одредени предлози не биле прифатени, за организациите да имаат реална слика за можностите и ограничувањата на Советот.

Покрај комуникацијата поврзана со поединечните седници, ќе одржуваме периодични консултации со организациите од областа на родовата еднаквост за утврдување на заедничките приоритети, следење на институционалните процеси и навремено препознавање на нови ризици. Ќе ги користиме постојните мрежи и платформи каде сме организации членки, како што се Платформата за родова еднаквост, Мрежата за заштита од дискриминација,но и постоечките комуникациски ресурси и веб-платформи развиени од нашите организации, преку кои дополнително ќе придонесеме кон транспарентноста, објавувајќи периодични или наменски информации за работата на Советот достапни и за пошироката јавност. Истовремено ќе обезбедиме и отворен канал за помалите и локалните организации, неформалните иницијативи и организациите што не се дел од воспоставените мрежи, преку други неформални коалиции од кои сме дел и ни овозможуваат пристап до локалните гласови.

На годишно ниво ќе подготвуваме краток осврт за нашето учество во Советот, отворените прашања, застапуваните позиции, доставените препораки и постигнатите резултати. Освртот ќе ги опфати и предизвиците и приоритетите за следниот период, со цел

организациите да можат да ја следат нашата работа и да придонесат кон нејзиното понатамошно насочување.

Со оглед на тоа што учеството во Советот е волонтерско и се надоврзува на нашите редовни професионални обврски, комуникацијата и известувањето ќе се темелат на постоечки, веќе воспоставени канали и ресурси, наместо на[illegible]ирање нови паралелни структури, пристап што сметаме дека е и поодржлив и поефикасен за самите организации кои учествуваат.

Комуникацијата ќе биде институционална, јасна и внимателна, особено кога станува збор за чувствителни прашања или политички поларизирани теми. Ќе настојуваме да градиме конструктивен дијалог со институциите и простор за постигнување конкретен напредок, без отстапување од принципите на еднаквост, недискриминација и човекови права. Истовремено, ќе го почитуваме нивото на доверливост побарано од организациите, особено кога информациите се однесуваат на институционални притисоци, закани или прашања што можат да ја загрозат безбедноста на организации, активисти и заедници.

**Сара Миленковска**

**Истражувачка | Кооснов ачка | Проектна координаторка**

- milenkovskas@gmail.com

Истражувачка и активистка со повеќе од 10 години искуство во областа на родовата еднаквост, човековите права, јавните политики и демократското управување. Работам на пресекот помеѓу истражувањето, застапувањето и развојот на јавни политики, со посебен фокус на родово базираното насилство, анти-родовите движења, дигиталните права, ЛГБТИ правата и јакнењето на граѓанскиот простор. Преку мојата работа во Коалиција МАРГИНИ, Мрежата Стела и како консултантка на меѓународни организации, придонесувам кон развој на истражувања, подготовка на препораки за јавни политики и унапредување на соработката помеѓу институциите, граѓанското општество и меѓународните организации. Имам искуство во работа со институции на национално, европско и меѓународно ниво, вклучително Европската Унија, Советот на Европа и агенциите на Обединетите нации.

**Професионално искуство**

**Коалиција МАРГИНИ Проектна координаторка и истражувачка | 2024 – денес**

- Координација на проекти во областа на родовата еднаквост, ЛГБТИ правата и граѓанскиот простор со фокус на работнички права и градење на заедници.
- Истражување на анти-родови движења, дигитално родово базирано насилство и институционално насилство.
- Подготовка на анализи, препораки за јавни политики и застапувачки иницијативи пред домашни и меѓународни институции.
- Координација на национални и регионални партнерства.

**Мрежа Стела - Ко-основачка и програмска менаџерка | 2018 – денес**

- Развој и координација на програми за менторство и зајакнување на жени и девојки.
- Придонесува кон развојот на регионална мрежа од повеќе од 250 менторки и програми преку кои биле опфатени над 1.100 девојки и жени. Координира истражувања, кампањи и образовни активности поврзани со пристапот до образование, професионалниот развој, родовите стереотипи и положбата на младите, руралните жени и жените од малцинските заедници.
- Развој на иницијативата #СподелиАвторка/#NdajmëNjëAutore, преку која се донирани повеќе од 5.000 книги во јавни библиотеки, училишта и организации.

**medica mondiale - Регионална консултантка | 2024 – 2025**

- Подготовка на петгодишна регионална стратегија за сексуално и родово базирано насилство на Западен Балкан.
- Анализа на политики и развој на препораки во согласност со меѓународните стандарди.

**УНФПА- Истражувачка / Консултантка | 2022 – 2024**

**Сара Миленковска**

- Истражување за родово базирано насилство извршено со злоупотреба на технологија врз лица со попреченост.
- Авторка на Поимник за родово базирано насилство извршено со злоупотреба на технологија.

**UN Women Albania / Lattanzio KIBS - Истражувачка | 2023**

- Коавторка на регионалното истражување „Гласовите на младите: Родова еднаквост и социјална кохезија на Западен Балкан".

**Balkan Investigative Reporting Network (BIRN) Истражувачка | 2022 – 2023**

- Истражување на воено сексуално насилство.
- Авторка на текстови за дигитални права и родова еднаквост.

**USAID North Macedonia Support Initiative**

**Програмска асистентка и службеничка за родова еднаквост | 2015 – 2020**

- Поддршка, развој и имплементација на програми за демократско владеење, евроатлантска интеграција и активно граѓанско учество.
- Подготовка на извештаи, мониторинг и интегрирање на родовата перспектива во програмските активности.

**Дополнително истражувачко и консултантско искуство**

- Главна истражувачка, истражување за економско насилство како структурно и институционално родово базирано насилство (ОН, 2026).
- Истражувачка, анализа на дезинформации и родово засновани дезинформации (UNDP и ЗМАИ, 2024).
- Авторка и истражувачка За Медуза – феминистичка медиумска платформа (2018 – дене) фокус на родово базирано насилство, институционална одговорност, феминистички движења, култура, грижа и медиумски наративи. Објавени и во публикациите Therefore Resilience и Unconditional Beginnings.
- Истражувачка, анализи за родова пристрасност во медиумите (Институт за комуникациски студии, 2024–2025).
- Истражувачка за извештај во сенка за имплементацијата на Истанбулската конвенција (2022).
- Коавторка на извештај во сенка за имплементацијата на CEDAW (NDI, 2023).
- Консултантка за студија на Friedrich-Ebert-Stiftung за положбата на жените во Северна Македонија (2020).

**Образование**

**MSc Gender, Policy and Inequalities**

London School of Economics and Political Science (LSE) | 2021 – 2022 | Merit

Интердисциплинарна магистерска програма со фокус на родовата еднаквост, структурните нееднаквости и феминистичката и критичката анализа на јавни политики.

**Сара Миленковска**

Програмата опфати анализа на креирањето, спроведувањето и оценувањето на политики во национален и меѓународен контекст.
**Магистерски труд:** *Collective Care as a Tool for Reimagining the Future*
Истражување на колективната грижа, заемната поддршка и феминистичката продукција на знаење како одговор на општествените нееднаквости и кризите.

**Магистерски студии по стратешки комуникации**
Институт за комуникациски студии, Скопје | 2019 – 2026
Фокус на стратешките комуникации, медиумските наративи и улогата на граѓанското општество во адресирањето на родовата нееднаквост, дезинформациите.

**Дипломиран политиколог**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | 2013 – 2019
Насока: меѓународни односи и европска интеграција
Просек: 9,43/10

**Признанија**

- Chevening Scholar од Британското Министерство за надворешни работи, соработка и развој (2021/22)
- Делегатка на Обединетите нации – ICPD30 (2024)
- Делегатка на Commission on the Status of Women – CSW70 (2026)
- Делегатка на UN Global Dialogue on Technology (2024)
- Social Impact Award (2017)

**Јазици:** Македонски (мајчин), Босански (мајчин), Англиски (високо), Француски (основно познавање)

**Клучни компетенции**

- Анализа на јавни политики
- Родова еднаквост и човекови права
- Истражување (квалитативни и квантитативни методи)
- Стратешко застапување
- Координација на проекти
- Меѓународна соработка

Истражувања и публикации

- Димитров, Славчо, Мања Величковска и Сара Миленковска (ур.). *А и после сѐ, проблеми со родот: Критички истражувања за родот, полот и сексуалноста.* (2025)
- Величковска, М., Атанасовска, Г., & Миленковска, С. (2024). *Цензура, бојкот и намалување на просторот за делување на ЛГБТИК активистите и на уметниците како резултат на говорот на омраза.* Институт за медиуми и аналитика.
- „Како антиродовите движења ја уназадуваат состојбата со родовата еднаквост и борбата против родово базираното насилство"(2022) – Тематски извештај. Линк

**Сара Миленковска**

- „Гласовите на младите: Родова еднаквост и социјална кохезија на Западен Балкан“ – Регионално истражување, UN Women Albania, 2023. Линк
- „Анализа на дезинформациите, вклучително и родово заснованите дезинформации во Северна Македонија“ – UNDP & ЗМАИ, 2024. Линк
- „Родовите дезинформации во медиумите – пречка за жените во спортот“(2024) – Институт за комуникациски студии. Линк
- „Политичарките и медиумската пристрасност“(2024) – Институт за комуникациски студии. Линк
- „Медиумскиот пристап кон силувањето и согласноста“(2024) – Институт за комуникациски студии . Линк
- „Поимник на родово базираното насилство извршено со злоупотреба на технологијата“(2024) – UNFPA Северна Македонија. Линк

# МОТИВАЦИСКО ПИСМО

**за кандидатка за членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа на родовата еднаквост**

Почитувани,

Со ова писмо ја поднесувам мојата кандидатура за членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа на родовата еднаквост, предложена од Коалиција МАРГИНИ, заедно со кандидатката за заменик-членка предложена од Реактор – Истражување во акција.

Кандидатурата ја разбирам како обврска за одговорно, независно и континуирано претставување на граѓанските организации што работат во областа на родовата еднаквост. За мене, членувањето во Советот не подразбира само присуство на неговите седници, туку и активно посредување меѓу институциите и граѓанското општество, навремено пренесување на потребите и препораките на организациите и отчетност за позициите што ќе бидат застапувани.

Мојата професионална и академска работа е насочена кон родовата еднаквост, јавните политики, човековите права, антидискриминацијата и демократското учество. Магистерските студии по **Gender, Policy and Inequalities на London School of Economics and Political Science – LSE** ми овозможија систематски да го проучувам односот меѓу родот, нееднаквоста и јавните политики. Програмата не беше ограничена само на истражувањето во рамките на магистерскиот труд, туку беше целосно насочена кон анализа на начинот на кој институциите ги дефинираат општествените проблеми, ги дизајнираат политиките и ги распределуваат јавните ресурси.

Преку студиите стекнав продлабочено знаење за развивање, анализа, спроведување и евалуација на политики од родова и интерсекциска перспектива. Посебно значајни за мојата работа се разбирањето на институционалните механизми што произведуваат или одржуваат нееднаквост, употребата на податоци и истражувања при креирањето политики и препознавањето на различното влијание што навидум неутралните закони и мерки можат да го имаат врз различни групи граѓани. Ова образование ми овозможи родовата еднаквост да ја разгледувам не како издвоена секторска област, туку како прашање што треба да биде вклучено во целокупниот циклус на јавните политики.

Дополнително, магистерските студии по стратегиски комуникации и додипломското образование по политички науки ми овозможија да ги поврзам политичката и институционалната анализа со стратешкото комуницирање, јавниот дијалог и застапувањето. Оваа комбинација ја сметам за особено релевантна за работата на Советот, каде што е потребно комплексните прашања да се преточат во јасни препораки, да се комуницира со различни чинители и да се гради простор за институционална соработка без губење на суштината на застапуваните позиции.

Во рамките на Коалиција МАРГИНИ работам како истражувачка и проектна координаторка на програми поврзани со ЛГБТИК+ правата, родовата еднаквост, антидискриминацијата, институционалното насилство, работничките права, родово базираното насилство и справувањето со анти-родовата мобилизација. Моите одговорности вклучуваат координација на проекти и партнерства, развивање програмски концепти, подготовка на анализи и препораки, застапување пред домашни и меѓународни институции и комуникација со организации, експерти и заедници.

Значаен дел од мојата работа е поврзан со следење на законските и институционалните процеси што влијаат врз заштитата од дискриминација и насилство. Во рамките на Коалиција МАРГИНИ сум вклучена во застапување поврзано со работнички права, заштитата, пристапот до правда, институционалниот третман на маргинализираните заедници и спроведувањето на домашните и меѓународните стандарди за човекови права. Ова искуство ми овозможува политиките да ги анализирам и од аспект на нивната формална поставеност и од аспект на нивното реално влијание врз животот на луѓето.

Преку мојата работа сум учествувала во процеси на застапување пред институциите на Европската Унија, Обединетите нации и Советот на Европа. Работев на теми поврзани со анти-родовите и антидемократските движења, дигиталното родово базирано насилство, дискриминацијата на работното место, криминализацијата и притисоците врз бранителките на човековите права, како и потребата од посилно учество на граѓанското општество во креирањето политики. Во овие процеси настојувам искуствата на локалните организации и заедници да бидат преточени во јасни и применливи институционални препораки.

Како коосновачка и програмска менаџерка на Мрежата Стела, повеќе години работам и на унапредување на положбата на девојките и жените преку менторство, образование, култура и меѓугенерациска солидарност. Работата на Стела се заснова на интерсекциски и повеќејазичен пристап и вклучува соработка со училишта, младински организации, локални заедници и институции. Преку ова искуство имам непосредно работено на градење мрежи, координација на голем број менторки и кориснички и развивање пристапи што ги поврзуваат родовата еднаквост, образованието, младинското учество и еднаквиот пристап до можности.

Мојата дополнителна професионална работа вклучува консултантски и истражувачки ангажмани со UNFPA, UN Women, UNDP, medica mondiale и други домашни и меѓународни организации. Работев на прашања поврзани со технолошки олеснетото родово базирано насилство, родовата и политичката дезинформација, попреченоста, младинското учество, женското лидерство, феминистичките регионални стратегии и градењето мир. Овие ангажмани дополнително ја зајакнаа мојата способност да работам со различни институционални и организациски култури, да спроведувам консултативни процеси и да формулирам препораки засновани на истражувања и искуства од практиката.

Верувам дека мојата експертиза е особено релевантна за Советот затоа што ги обединува јавните политики, истражувањето, работата со заедници, координацијата и

застапувањето. Истовремено, моето искуство ме научи дека одржливите институционални промени бараат и јасност во однос на принципите и внимателно избрани начини на комуникација. Во политички и општествен контекст во кој прашањата поврзани со родовата еднаквост неретко се предмет на поларизација, сметам дека е потребен пристап што е институционален, аргументиран и насочен кон конкретни решенија, без повлекување од стандардите на еднаквост, недискриминација и човекови права.

## *МОТИВАЦИСКО ПИСМО*

за кандидатка за заменик-членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа на родовата еднаквост

Почитувани,

Со ова писмо ја поднесувам мојата кандидатура за заменик-членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа на родовата еднаквост, предложена од Реактор – Истражување во акција, заедно со кандидатката за членка предложена од Коалиција МАРГИНИ.

Кандидатурата ја разбирам како обврска за континуирано, стручно и одговорно претставување на граѓанските организации кои работат во областа на родовата еднаквост, во тесна координација со членката на Советот, со цел обезбедување континуитет и доследност во следењето на работата на Советот, независно од тоа која од нас учествува на одредена седница или активност.

Мојата професионална работа веќе повеќе од 25 години е насочена кон применето општествено истражување, јавни политики, родова еднаквост и процесот на пристапување кон Европската Унија, со посебен фокус на граѓанско учество и социјална правда. Оваа комбинација на долгогодишно истражувачко искуство и постојана институционална и застапничка работа ми овозможи родовата еднаквост да ја толкувам не како изолирана тема, туку како прашање што бара системски пристап и постојан дијалог меѓу институциите, граѓанското општество и заедниците.

Од 2020 година сум претседателка и виша истражувачка во Реактор – Истражување во акција, каде ја водам стратешката насока на организацијата и супервизирам истражувања и правно-институционални анализи во областа на родовата еднаквост и европската интеграција, применувајќи интерсекциска перспектива во дизајнот, следењето и евалуацијата на политиките. Во оваа улога, претседавам и со регионалната Коалиција ЕКВАПРО за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ и две години по ред сум водечка регионална известувачка во Работната група за родова еднаквост и различност на Берлинскиот процес (2024–2025), преку што остварувам постојана институционална соработка со Делегацијата на Европската Унија во Скопје, претставници и претставнички на земјите членки на ЕУ, како и со релевантните тела и генерални дирекции на Европската комисија. Коавторка сум и на првиот ГРЕВИО извештај во сенка за Република Северна Македонија, како и на други релевантни извештаи и застапувачки документи во рамки на кои го следам унапредувањето на родовите политики во земјата и во ЕУ, вклучително и анализа на наративите што ги поедноставуваат или погрешно ги претставуваат целите на родовата еднаквост, со цел разбирање на нивното влијание врз довербата на граѓаните во институциите и врз секојдневниот живот на засегнатите

заедници. Низ мојата тековна работа, координирам дијалог заснован на докази меѓу граѓанското општество и институциите за креирање политики и планирање, вклучително и раководење на партиципативниот процес за првиот Национален акциски план за имплементирање (CLIP) на Родовиот акциски план III на ЕУ, со консултации на над 25 локални организации. Придонесувам и кон извештаите во сенка на Реактор за спроведувањето на Националната стратегија за родова еднаквост и соодветните акциски планови, процес што трае од 2012 година.

Пред мојот ангажман во Реактор, тринаесет години работев како менаџерка за истражување и виша квалитативна специјалистка во Ипсос, каде раководев со мулти-национални општествени истражувања за Светската банка, ЕБОР, ОБСЕ, УНИЦЕФ, УНДП, НДИ, Еврофонд (Eurofound), УСАИД и институциите на ЕУ низ Западен Балкан. Во оваа улога, раководев со Студијата на ОБСЕ за благосостојба и безбедност на жените за Северна Македонија и за Косово – прво репрезентативно истражување за преваленца на родово базирано насилство во регионот – како и со истражувања за инклузија на Ромите, демократско управување и дезинформации и други теми што се комплементарни за мојата тековна работа и учество во Советот. Ова богато истражувачко искуство и работа со најразлични влијателни чинители ми овозможува родовите прашања секогаш да ги разгледувам во поширок општествен и институционален контекст, поврзувајќи ги со владеењето на правото, пристапот до правда и квалитетот на јавните политики.

Дополнително, тековно завршувам меѓународни академски студии – магистерски студии на тема Моќ, учество и општествени промени (Power, Participation and Social Change) на Институтот за развојни студии при Универзитетот Сасекс (како стипендистка на Chevening), кој веќе 10 години е прв на ранг листата за развојни студии во светот, како и магистерски студии по политички студии, со фокус на родови студии, на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје – преку кои продолжувам системски да го проучувам односот меѓу моќта, учеството и родовата нееднаквост, дополнувајќи го и врамувајќи го моето практично искуство со актуелна академска перспектива.

Комбинацијата од долгогодишно истражувачко и застапувачко искуство, постојана институционална соработка со тела на ЕУ и националните институции, и практично познавање на механизмите за застапување и градење коалиции, сметам дека претставува конкретен придонес кон работата на Советот. Од мојата досегашна работа научив дека одржливите институционални промени бараат време, трпеливост, аргументиран пристап и способност за градење доверба со различни чинители – квалитети кои настојувам конзистентно да ги применувам во секоја професионална ангажираност.

Заедно со кандидатката предложена од Коалиција МАРГИНИ, ја носиме предноста на комплементарно институционално искуство – долгогодишна работа на пошироко граѓанско учество и структурен дијалог, комбинирана со специфична експертиза во работата со конкретни заедници – што нашата заедничка работа во Советот ја прави интерсекциска во вистинска смисла и придонесува кон исполнувањето на мандатот на Советот кон целото граѓанско општество.

Со почит,
Тања Иванова

# Тања Иванова

Кандидатка за заменик-членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество;

Област: Родова еднаквост

Скопје, Република Северна Македонија; е-пошта: tanja@reactor.org.mk; тел.: +389 71 240 406; +447907873995 (WhatsApp)

## ПРОФЕСИОНАЛЕН ПРОФИЛ

Виша истражувачка, аналитичарка на јавни политики и лидерка во граѓанскиот сектор со над 25 години искуство во применети општествени истражувања и над 10 години во следење и унапредување на родови политики и застапување во процесот на пристапување кон ЕУ. Претседателка и виша истражувачка во Реактор – истражување во акција, каде раководи со организацијата, дизајнира и супервизира истражувања, работи на анализи на политики и институционална соработка во областа на родовата еднаквост, европската интеграција и граѓанското учество. Долгогодишно искуство во претставување на граѓанското општество пред национални институции, регионални мрежи и тела на ЕУ, комбинирајќи истражувања и застапување засновано на докази со постојан институционален дијалог и градење коалиции – искуство директно релевантно за советодавната и претставничката улога на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

## РЕЛЕВАНТНО ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

**Претседателка / виша истражувачка и раководителка на политики**

**Реактор – Истражување во акција, Скопје, Република Северна Македонија (2020 – тековно)**

- Ја води стратешката насока и супервизира истражувања на политики и правно-институционални анализи во областа на родовата еднаквост и европската интеграција, применувајќи интерсекциска перспектива во дизајнот, следењето и евалуацијата на истражувањата.
- Претседава со регионалната Коалиција ЕКВАПРО за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ; членка на регионалната Група за застапување за ЕУ на Kvinna till Kvinna.
- Водечка регионална известувачка, Работна група за родова еднаквост и различност на Берлинскиот процес (2024–2025); постојана институционална соработка со Делегацијата на ЕУ во Скопје, ГД NEAR, ГД INTPA и ГД JUST.
- Ко-авторка на првиот ГРЕВИО извештај во сенка за земјата, и на други релевантни извештаи и застапувачки документи во рамки на кои го следи унапредувањето на родовите политики во земјата и во ЕУ, вклучително и анализа на наративите што ги поедноставуваат или погрешно ги претставуваат целите на родовата еднаквост, со цел разбирање на нивното влијание врз довербата на граѓаните во институциите и врз секојдневниот живот на засегнатите заедници
- Спроведува мапирање на засегнати страни и дава препораки засновани на докази до владата и институциите на ЕУ во областа на родовата еднаквост, родово-базираното насилство и насилството врз жените, вклучително и препораки за програмирањето на ИПА3, Планот за раст и Реформската агенда, како и за релевантните Стратегии за граѓанско учество на национално, регионално и ЕУ ниво.
- Координира дијалог заснован на докази меѓу граѓанското општество и јавните институции за информирање на креирањето политики, програмирањето и финансиското планирање, вклучително и водење на партиципативниот процес за првиот Национален план за спроведување (CLIP) на Родовиот акциски план 3 на ЕУ (ГАП3/ GAP III), со консултации на над 25 локални организации преку мрежата Kvinna till Kvinna и ЕКВАПРО – македонскиот дел, и следење на индикаторите за ГАП 3 (преку критериумите на ОЕЦД-ДАГ) и на родовата вклученост во ИПА 3.
- Придонесува со анализи и податоци кон извештаите во сенка на Реактор за спроведувањето на Националната стратегија за родова еднаквост и акциските планови, процес што Реактор континуирано го спроведува од 2012 година, преку постојано следење, учество во работни групи и консултации, како и собирање административни податоци од институциите.

**Менаџерка за истражување / виша квалитативна специјалистка**

**Ипсос Скопје / Ипсос Глобал (2007 – 2020)**

- Раководеше со Студијата на ОБСЕ за благосостојба и безбедност на жените за Северна Македонија и за Косово – прво (за жал и последно вакво) репрезентативно истражување за преваленција на родово базирано насилство/насилство врз жените во регионот, спроведено согласно методологијата на Агенцијата за основни човекови права на ЕУ (FRA – Fundamental Rights Agency) во Виена

- Раководеше мултинационални општествени и национални истражувања на јавното мислење за Светската банка, ЕБОР, ОБСЕ, УНИЦЕФ, УНДП, НДИ, Eurofound, УСАИД и институциите на ЕУ низ Западен Балкан, вклучувајќи истражувања за демократско управување, дезинформации и граѓанско учество.
- Раководеше истражувања за инклузија на Ромите за УНИЦЕФ, Светската банка и УНДП.
- Покрај наведеното, тринаесетте години во Ипсос вклучуваат богато и разновидно портфолио како виша квалитативна експертка на национално и регионално ниво, виша истражувачка и раководителка на квантитативни истражувања и анализи на политики – работа што опфаќа и комплексни маркетиншки, мултинационални и национални социјално-политички и економски истражувања за водечки институции и компании.
- Детални информации за овие искуства се достапни на дополнително барање, а подолу се наведени само порелевантни примери од спомнатите искуства.

## ДРУГИ ПОМАЛКУ РЕЛЕВАНТНИ ИСКУСТВА

**Проекти финансирани од Европска Унија; Македонски ПЕН центар**

**Скопје, Република Северна Македонија (1999 – 2007)**

- Помеѓу 1999 и 2007 година работата вклучува ангажмани на полето на комуникации, институционална и меѓународна соработка и застапување, низ проекти финансирани од ЕУ и меѓународни институции. Во 2007 година, кратко работеше како координаторка за надворешни проекти во Сеавус, пред да ја продолжи кариерата во Ипсос Скопје истата година. Претходно, како виш експерт за комуникации на ЕУ, титула добиена во рамки на проектот за формирање на Еуро инфо контакт центарот при Стопанската комора на Република Северна Македонија (2003-2005) во соработка со Миланската трговска комора и нивниот конзорциум од ЕУ комори), работеше на бизнис соработка со ЕУ, координирање комуникациски стратегии, деловни настани и обуки за градење капацитети наменети за институциите и бизнис секторот, во согласност со соодветните мрежи на тогашни Еуро инфо и истражувачки и развојни центри, како и комуникациските правила и упатства на ЕУ. Во рамки на проектот на ТДИ Групацијата од Даблин за подобрување на инвестициската клима (2007-2008, Агенција за странски инвестиции при Министерството за економија), раководеше со проектните комуникации и координираше изработка на национална стратегија за комуникации, како и студиска посета во Ирска за домашните институционални чинители од овој сектор. Во овој период (2001-2003), како комуникациска и канцелариска менаџерка на Македонскиот ПЕН центар (дел од меѓународната асоцијација - ПЕН Интернешнл), координираше меѓународна соработка со другите центри во светот, како и национална соработка со медиуми, институции и тела од интерес, како и организации како Про Хелвеција, Фондацијата Отворено општество и Европската културна фондација; подготвуваше апликации за грантови и организираше меѓународни настани, вклучувајќи го 68-от Светски конгрес на ПЕН Интернешнл (Охрид, 2002).

*Претходни работни искуства, кои не се сродни со областа на оваа кандидатура, не се вклучени во оваа биографија.*

## ЧЛЕНСТВО ВО МРЕЖИ И ГРАЃАНСКИ АКТИВНОСТИ (ПОСЛЕДНИ 3 ГОДИНИ)

- Членка, Национална платформа за родова еднаквост: http://rodovaplatforma.mk/en/

- Претседателка (преку мандатот во Реактор), Коалиција ЕКВАПРО за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ: https://reactor.org.mk/en/coalition-for-gender-equality-in-the-eu-accession-process/
- Водечка регионална известувачка, Работна група за родова еднаквост и различност на Берлинскиот процес (2024–2025): https://www.berlinprocess.de/ ; учесничка во процесот од 2021 година до денес.
- Членка, регионална Група за застапување за ЕУ на Kvinna till Kvinna: https://kvinnatillkvinna.org/regional-advocacy/western-balkans/
- Членка, Меѓуресорска група за еднакви можности на жените и мажите, Северна Македонија: https://www.mtsp.gov.mk/mk-MK/ednakvi-moznosti/inter-resorska-grupa-za-ednakvi-moznosti-na-zenite-i-mazite
- Членка, Годишен глобален дијалог со граѓанското општество и локалните власти за спроведувањето на ЕУ Родовиот акциски план III (GAP III) (*Capacity4Dev* платформа на Европската Комисија, поточно директоратот ИНТПА - DG INTPA: https://capacity4dev.europa.eu/groups/public-gender_en)
- Членка, ЕСОМАР (2018–2025): https://esomar.org/
- Членка (како соработничка организација, преку Реактор), Платформа за фундаментални права (Fundamental Rights Platform) на Агенцијата на ЕУ за фундаментални права (FRA): https://fra.europa.eu/en/cooperation/civil-society/activities

## ОБРАЗОВАНИЕ

- Магистерски студии: Моќ, учество и социјални промени (Power, Participation and Social Change), Институт за развојни студии при Универзитет Сасекс, Обединето Кралство (стипендистка на Chevening); 2025–во завршна фаза
- Магистерски студии по политички студии (родови студии и социјална критика) — Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје; 2024–во завршна фаза
- Диплома по Англиска филологија – Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје; 1992–1999/2022

## ОБУКИ И СЕРТИФИКАТИ

Континуирано ја надополнува професионалната експертиза преку специјализирани обуки и сертификации:

- Во рамки на Реактор (2020–денес) поминав обуки за ЕУ застапување основи, следење и евалуација, комуникации и видливост на ЕУ, дигитална безбедност и управување со ЕУ проекти (преку платформата за учење на Kvinna till Kvinna и други партнерски обуки),
- UN Habitat – Her City (2021) обука за родовата димензија на унапредување на јавните простори, во рамки на Реактор и долгогодишната работа на организацијата на ова поле.
- НДИ обука за жени во политиката и сексуално вознемирување и насилство, ГРЕВИО обука за известување во сенка и застапување, и обука за родово одговорно буџетирање.
- OSCE и UNFPA обука за истражувачка етика и спроведување квалитативни и квантитативни истражувања за родово базирано насилство (2016) – во рамки на Ипсос
- Во периодот во Ипсос (2007–2020): официјални квалификациски сертификати преку интерната платформа за знаење и обука – мултинационален тренинг кампус на Ипсос и физичко учество на обуки во повеќе земји (Хрватска, Србија, Португалија, Чешка, Германија, Франција), со опфат на истражувачки методи и политики, менаџмент на проекти и комуникација со чинители, вклучително и специјализирана обука за специјална квалитативна модерација, анализа и истражувања (Censydiam) и осетливи истражувања за родово базирано насилство и мултинационални ЕУ социо-економски истражувања (EWCS, BEEPS). (сертификатите за поголем дел од овие обуки се достапни на дополнително барање)

## ИЗБРАНИ ПУБЛИКАЦИИ

- Political Representation of Women in South-East Europe (Edward Elgar Publishing, 2026)

- Scratching the Surface: анализа на примената на стандардите за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ на Западен Балкан (прво издание 2022; второ издание 2024; национални и регионални извештаи)
- Жените во политиката 2: Пат до јавна функција и влијание на локално ниво во Република Северна Македонија (2022–2023)
- Родови статистики и родово вклучување на статистичкиот систем на Република Северна Македонија (2022)
- Men in Care: Грижлива машкост (проект на ниво на ЕУ, 2020–2022)
- Влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз образовните процеси во Република Северна Македонија: искуства и ставови кон учењето на далечина (УНИЦЕФ, 2020-2021)

## КРАТКА СЕЛЕКЦИЈА НА РЕЛЕВАНТНИ СОЦИО-ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ВО РАМКИ НА ИСКУСТВАТА ВО ИПСОС[1]

(улога: национална координаторка и виша истражувачка)

- Студија на ОБСЕ: Безбедност и благосостојба на жените во Југоисточна Европа и Јужен Кавказ (2017–2018) (одговорна за Република Северна Македонија и Косово)
- Европско истражување за условите на работното место (European Working Conditions Survey – EWCS), 2010, 2015, 2020 (одговорна за Република Северна Македонија и супервизија на колегите од Косово)
- Демократиите под притисок – глобално истражување (IRI / Fondation pour l'innovation politique), 2019 (одговорна за Република Северна Македонија)
- Индекс за владеење на правото (World Justice Project), 2017 (повеќегодишно истражување) (одговорна за Република Северна Македонија)
- Регионално истражување за социо-економската положба на маргинализираните Роми во Западен Балкан (УНДП/Светска банка), 2017 (одговорна за Република Северна Македонија)
- Проценка на бариерите за пристап до здравствено осигурување за ромските семејства (УНИЦЕФ), 2015–2016
- Истражување на јавното мислење за ЛГБТ заедниците во Западен Балкан (НДИ), 2015 (повеќе-национално, одговорна за Република Северна Македонија)
- TACSO – Истражување за капацитетите на граѓанските организации во Западен Балкан и Турција (финансирано од ЕУ, спроведено од SIPU International), 2014 (конкретниот извештај не е јавно архивиран, но официјалната страница на TACSO (Техничка помош за граѓански организации) е активна и ги содржи поновите слични истражувања и извештаи од истата серија: https://tacso.eu/
- НВО што застапуваат ранливи групи во Србија, Косово и Северна Македонија; 2008. (нарачано истражување за Oxford Analytica (аналитичка/консултантска компанија, не јавна издавачка куќа, па конкретниот извештај од 2008 не е јавно достапен онлајн)

## ЈАЗИЦИ

Англиски (Ц2) · Македонски (мајчин) · Јазици од поранешна ЈУ (српски, босански, хрватски) (течно) · Француски (Б2) · Италијански (Б1)

[1] Референци и целосна листа на искуства може да бидат доставени на увид на дополнително барање. Намерно се селектирани само неколку искуства за да се избегне оптоварување на документот.

## ***МОТИВАЦИСКО ПИСМО***

**за кандидатка за заменик-членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа на родовата еднаквост**

Почитувани,

Со ова писмо ја поднесувам мојата кандидатура за заменик-членка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во областа на родовата еднаквост, предложена од Реактор – Истражување во акција, заедно со кандидатката за членка предложена од Коалиција МАРГИНИ.

Кандидатурата ја разбирам како обврска за континуирано, стручно и одговорно претставување на граѓанските организации кои работат во областа на родовата еднаквост, во тесна координација со членката на Советот, со цел обезбедување континуитет и доследност во следењето на работата на Советот, независно од тоа која од нас учествува на одредена седница или активност.

Мојата професионална работа веќе повеќе од 25 години е насочена кон применето општествено истражување, јавни политики, родова еднаквост и процесот на пристапување кон Европската Унија, со посебен фокус на граѓанско учество и социјална правда. Оваа комбинација на долгогодишно истражувачко искуство и постојана институционална и застапничка работа ми овозможи родовата еднаквост да ја толкувам не како изолирана тема, туку како прашање што бара системски пристап и постојан дијалог меѓу институциите, граѓанското општество и заедниците.

Мојата професионална работа веќе повеќе од 25 години е насочена кон применети општествени (и пазарни) истражувања, јавни политики, родова еднаквост и процесот на пристапување кон Европската Унија – работа која, особено откако го заменив приватниот со граѓанскиот сектор, подразбира непосредно застапување и пренесување на гласот на граѓанските организации и заедниците пред институциите. Ова практично искуство дополнително го продлабочувам преку тековно академско усовршување, со цел теренската практика да ја надградам со академска длабочина и системска анализа.

Од 2020 година сум претседателка и виша истражувачка во Реактор – Истражување во акција, каде ја водам стратешката насока на организацијата и супервизирам истражувања и правно-институционални анализи во областа на родовата еднаквост и европската интеграција, применувајќи интерсекциска перспектива во дизајнот, следењето и евалуацијата на политиките. Во оваа улога, претседавам и со регионалната Коалиција ЕКВАПРО за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ и две години по ред сум водечка регионална известувачка во Работната група за родова еднаквост и различност на Берлинскиот процес (2024–2025), преку што остварувам постојана институционална соработка со Делегацијата на Европската Унија во Скопје, претставници

и претставнички на земјите членки на ЕУ, како и со релевантните тела и генерални дирекции на Европската комисија. Коавторка сум и на првиот ГРЕВИО извештај во сенка за Република Северна Македонија, како и на други релевантни извештаи и застапувачки документи во рамки на кои го следам унапредувањето на родовите политики во земјата и во ЕУ, вклучително и анализа на наративите што ги поедноставуваат или погрешно ги претставуваат целите на родовата еднаквост, со цел разбирање на нивното влијание врз довербата на граѓаните во институциите и врз секојдневниот живот на засегнатите заедници. Низ мојата тековна работа, координирам дијалог заснован на докази меѓу граѓанското општество и институциите за креирање политики и планирање, вклучително и раководење на партиципативниот процес за првиот Национален акциски план за имплементирање (CLIP) на Родовиот акциски план III на ЕУ, со консултации на над 25 локални организации. Придонесувам и кон извештаите во сенка на Реактор за спроведувањето на Националната стратегија за родова еднаквост и соодветните акциски планови, процес што трае од 2012 година.

Пред мојот ангажман во Реактор, тринаесет години работев како менаџерка за истражување и виша квалитативна специјалистка во Ипсос, каде раководев со мулти-национални општествени истражувања за Светската банка, ЕБОР, ОБСЕ, УНИЦЕФ, УНДП, НДИ, Еврофонд (Eurofound), УСАИД и институциите на ЕУ низ Западен Балкан. Во оваа улога, раководев со Студијата на ОБСЕ за благосостојба и безбедност на жените за Северна Македонија и за Косово – прво репрезентативно истражување за преваленца на родово базирано насилство во регионот – како и со истражувања за инклузија на Ромите, демократско управување и дезинформации и други теми што се комплементарни за мојата тековна работа и учество во Советот. Ова богато истражувачко искуство и работа со најразлични влијателни чинители ми овозможува родовите прашања секогаш да ги разгледувам во поширок општествен и институционален контекст, поврзувајќи ги со владеењето на правото, пристапот до правда и квалитетот на јавните политики.

Дополнително, тековно завршувам меѓународни академски студии – магистерски студии на тема Моќ, учество и општествени промени (Power, Participation and Social Change) на Институтот за развојни студии при Универзитетот Сасекс (како стипендистка на Chevening), кој веќе 10 години е прв на ранг листата за развојни студии во светот, како и магистерски студии по политички студии, со фокус на родови студии, на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје – преку кои продолжувам системски да го проучувам односот меѓу моќта, учеството и родовата нееднаквост, дополнувајќи го и врамувајќи го моето практично искуство со актуелна академска перспектива.

Комбинацијата од долгогодишно истражувачко и застапувачко искуство, постојана институционална соработка со тела на ЕУ и националните институции, и практично познавање на механизмите за застапување и градење коалиции, сметам дека претставува конкретен придонес кон работата на Советот. Од мојата досегашна работа научив дека одржливите институционални промени бараат време, трпеливост, аргументиран пристап и способност за градење доверба со различни чинители – квалитети кои настојувам конзистентно да ги применувам во секоја професионална ангажираност.

Заедно со кандидатката предложена од Коалиција МАРГИНИ, ја носиме предноста на комплементарно институционално искуство – долгогодишна работа на пошироко

граѓанско учество и структурен дијалог, комбинирана со специфична експертиза во работата со конкретни заедници – што нашата заедничка работа во Советот ја прави интерсекциска во вистинска смисла и придонесува кон исполнувањето на мандатот на Советот кон целото граѓанско општество.

Со почит,
Тања Иванова

Скопје, 27 јули, 2026г.

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ЕМБС: | 6682383 |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје |
| **Кратко име:** | МАРГИНИ Скопје |
| **Седиште:** | Ул. НАРОДЕН ФРОНТ Бр.27-36 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР ЦЕНТАР |
| **Вид на субјект на упис:** | Друго |
| **Акт:** | Статут : пречистен текст од 23.04.2026 година |
| **Датум на основање:** | 14.02.2011 |
| **Времетраење:** | неограничено |
| ***Вид на сопственост:** | Недефинирана сопственост |
| **Единствен даночен број:** | 4080011519820 |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 10.9 - останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани |
| **Надлежен регистар:** | Регистар на здруженија и сојузи |
| **Деловен статус:** | Активен |

## Сопственици

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 5196248 |
| **Име:** | **ИЗБОР Струмица** |
| **Адреса:** | Ул. БРАЌА МИЛАДИНОВИ Бр.55-3 СТРУМИЦА СТРУМИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 5290350 |
| **Име:** | **Здружение на граѓани ХОПС-опции за здрав живот Скопје** |
| **Адреса:** | Бр.КАПАН АН /ЛОК.БР.3 СКОПЈЕ ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 5380120 |
| **Име:** | **Здружение на граѓани Х.Е.Р.А.Асоцијација за здравствена едукација и истражување** |
| **Адреса:** | Ул. ДЕБАРЦА Бр.56/1-4 СКОПЈЕ ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 5943507 |
| **Име:** | **Здружение на граѓани Еднаквост за геј и лезбејки-ЕГАЛ Скопје** |
| **Адреса:** | Ул. ДИМИТРИЕ ЧУПОВСКИ Бр.4/4-14 СКОПЈЕ КИСЕЛА ВОДА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 6589634 |
| **Име:** | **Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје** |
| **Адреса:** | Ул. ХРИСТО СМИРНЕНСКИ Бр.46/2-12 СКОПЈЕ ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

## Дејности

| | | |
|---|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 94.990 | Дејности на други организации врз база на зачленување |

## Овластувања

### Овластени лица

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2202984493001 |

Деловоден број: 30120260013400

| | |
|---|---|
| **Име:** | **СЛАВЧО ДИМИТРОВ** |
| **Адреса:** | Ул. ИВАН КОЗАРОВ Бр.31/1 -37 СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА КИСЕЛА ВОДА |
| **Овластувања:** | Директор |

## Дополнителни Информации

| | |
|---|---|
| **Дополнителни информации:** | Долгорочни цели на Коалицијата се:<br>1. Унапредување на здравјето и добросостојбата на маргинализираните заедници преку овозможување на достапност и подобрување на пристапот до квалитетни здравствени, социјални и правни услуги;<br>2. Унапредување на националните и регионалните закони, политики и практики засновани на еднаквост, човекови права и социјална правда;<br>3. Воспоставување на поддржувачка околина за маргинализираните заедници;<br>4. Вклучување на младите, особено младите од маргинализираните заедници како ко-креатори, донесувачи на одлуки на организациско и општествено ниво, застапници за човекови права, креирач(к)и на знаење и мобилизација на младинската заедницата;<br>5. Воведување на нестигматизирачки и плурални репрезентации во традиционалните и нови медиуми, научно засновани и критички знаења и дискурси во формалното и неформалното образование, и културни и уметнички практики за родот, сексуалноста и маргинализираните заедници во јавната сфера;<br>6. Зајакнување на активизмот и активната вклученост на маргинализираните заедници во борбата за остварување на сопствените права и слободи;<br>7. Соработка, поврзување, солидаризација и зачленување со други домашни и странски здруженија, организации и движења кои работат на иста или слична проблематика, и движења за климатска правда. |
| **КОНТАКТ:** | |
| **E-mail:** | koalicijaszpmz@gmail.com |

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Овластено лице за регистрација:
Билјана Младеновска

Потпис и печат

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА — РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ-бр.5 — ZYRA RAJONALE E REGJISTRIMIT SHKUP-nr.5 — REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 20 од Уставот на Република Македонија, член 5 и член 18 од Законот за здруженијата и фондациите (Службен весник на РМ бр.52/10), Собранието на Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје на седницата одржана 23.04.2026 година донесе:

**СТАТУТ**

**НА Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје**

(Пречистен текст)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се утврдуваат: името и седиштето, целите и задачите, облиците и дејностите за остварување на тие цели; зачленување, исклучување и престанок на членување; органите, нивниот состав, начинот на нивниот избор; траење на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите; стекнување и располагање со имотот; начинот на кој ќе се остварува јавноста во работата; определување на начини услови на организирање; услови и начин на кој ќе се врши пристапување и исклучување на членството; претставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица; условите и начинот за престанок и постапување со имотот во случај на престанок, како и други прашања утврдени со закон и други правни акти, а кои се однесуваат на овој статутот.

**Член 2**

Името на Коалицијата гласи: Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје (во понатамошниот текст: Коалицијата).

Скратената ознака на името на Коалицијата гласи: МАРГИНИ Скопје.

Во комуникацијата со странство - Коалицијата го употребува своето име на англиски јазик и латинично писмо и гласи: Coalition sexual and health rights of marginalized communities Margins Skopje.

**Член 3**

Коалицијата е доброволно, непрофитно и непартиско здружување на здруженија, фондации и други форми на здружувања кои работат во партнерство за да ги промовираат, застапуваат и да се грижат за заштита и почитување на основните човекови права на маргинализирани заедници, односно за остварување на еднаков пристап до здравствени, социјални и правни услуги и вклучување во сите процеси на општественото живеење преку обезбедување на средина која е поддржувачка за сите луѓе и во која се почитуваат еднаквоста, слободата и различностите и преку активно учество на припадниците на маргинализираните заедници во борбата за остварување на сопствените права и слободи.

Коалицијата своите права, должности и одговорности ги остварува согласно Уставот, закони, статутот и програмата на Коалицијата.

**Член 4**

Основачи на Коалицијата се:

1. Здружение на граѓани ХОПС – опции за здрав живот Скопје;
2. Здружение на граѓани Х.Е.Р.А.- Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје;
3. Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстаниции ИЗБОР Струмица
4. ЕГАЛ
5. Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

## 2. ЦЕЛИ

**Член 5**

Долгорочни цели на Коалицијата се:

1. Унапредување на здравјето и добросостојбата на маргинализираните заедници преку овозможување на достапност и подобрување на пристапот до квалитетни здравствени, социјални и правни услуги;

2. Унапредување на националните и регионалните закони, политики и практики засновани на еднаквост, човекови права и социјална правда;

3. Воспоставување на поддржувачка околина за маргинализираните заедници;

4. Вклучување на младите, особено младите од маргинализираните заедници како ко-креатори, донесувачи на одлуки на организациско и општествено ниво, застапници за човекови права, креирач(к)и на знаење и мобилизација на младинската заедницата;

5. Воведување на нестигматизирачки и плурални репрезентации во традиционалните и нови медиуми, научно засновани и критички знаења и дискурси во формалното и неформалното образование, и културни и уметнички практики за родот, сексуалноста и маргинализираните заедници во јавната сфера;

6. Зајакнување на активизмот и активната вклученост на маргинализираните заедници во борбата за остварување на сопствените права и слободи;

7. Соработка, поврзување, солидаризација и зачленување со други домашни и странски здруженија, организации и движења кои работат на иста или слична проблематика, и движења за климатска правда.

**Член 6**

Во остварување на своите цели и задачи Коалицијата се користи со следните методи:

- Застапување за политики, закони и практики кои ќе овозможуваат праведен и еднаков третман за маргинализираните заедници;
- Едукација на засегнатите маргинализирани заедници, претставници на национални и локални институции, обезбедувачите на услуги, соработниците, и општата јавност за потребите и правата на маргинализираните заедници;
- Продукција на критички и научно засновани содржини, знаење, истражувања и дискурси поврзани со потребите, искуствата, практиките и идентитетите на маргинализираните заедници;
- Продукција и поддршка на феминистички и квир културно-уметнички содржини;
- Креирање на програми за млади со фокус на млади од маргинализирани заедници;
- Застапување за вградување на концептот на родова еднаквост во политиките од областите на образование, правда, култура, здравство, социјална заштита и медиуми;

- Застапување за интегрирање на интерсекциски пристап во третманот на родово заснованото насилство во работата на институциите и граѓанското општество;
- Застапување за развивање на механизми за заштита на бранителите на човековите права;
- Застапување за вклучување на родовата еднаквост и човековите права во рамките на заложбите за климатска правда;
- Развивање и спроведување на интегрални стратегии за справување со родово засновани дезинформации;
- Зајакнување на дигитална безбедност на маргинализираните заедници и бранителите на човекови права;
- Застапување за унапредување и заштита на човекови права и родова еднаквост пред регионални меѓународни организации и тела;
- Развивање/вклучување/поврзување во национални и меѓународни мрежи со сродни организации преку кои ќе се овозможува размена на знаења, преземаат заеднички акции и ќе се овозможува примена на добри практики за унапредување на правата на маргинализираните заедници;
- Развивање на стратегии за обезбедување на финансиски средства од различни извори;
- Кампањи за сензибилизација на јавноста за правата на маргинализираните заедници;
- Континуирано обезбедување на психосоцијална поддршка за жени и ЛГБТИК+ лица;
- Промоција на закони, политики и механизми за заштита на правата на маргинализираните заедници;
- Креирање и зајакнување на прогресивни инклузивни гласови во јавната сфера, традиционалните медиуми, новите медиумски форми и социјалните мрежи;
- Креирање на референтна мрежа на лекари, правници и други професионалци кои се сензибилизирани за работа со маргинализираните заедници;
- Покренување на стратешки судски случаи и обезбедување на правна помош;
- Застапување за воспоставување на специјализирани (бесплатни, квалитетни, доброволни, доверливи) сервиси за маргинализираните заедници во рамките на системот на здравствена заштита;
- Застапување за воведување на содржини кои се однесуваат на човековите права на маргинализираните заедници, родовата еднаквост и сексуалност во образовниот систем;
- Воспоставување на соработка и партнерство со национални институции и механизам за заштита на човековите права;
- Документирање на случаи на прекршување на човековите права и подготовка и објавување на извештаи за состојбата со човековите права на маргинализираните заедници;
- Организирање на активности за јакнење и политичка мобилизација на маргинализираните заедници.

**Член 7**

Коалицијата се организира и дејствува на целокупната територија на Република Македонија и надвор од државата.

**3. ЧЛЕНСТВО**

**Член 8**

Членки на Коалицијата може да бидат здруженија, фондации и други форми на здружување кои работат на унапредувањето на човековите права, еднаквите можности и заштитата од дискриминација. Членувањето во Коалицијата е врз доброволна основа.

За пристапувањето на нови членови во Коалицијата одлучува мнозинството од присутните претставници на собранието на Коалицијата, по претходно поднесено писмено барање од заинтересираната страна до Управниот одбор на Коалицијата.

Пристапувањето во Коалицијата се врши со прифаќање на статутот и програмата на Коалицијата од страна на заинтересираната страна.

**Член 9**

Секој член за време на своето членување плаќа годишна членарина. Одлуката за висината на плаќање ја носи собранието на Коалицијата по предлог на управниот одбор.

**Член 10**

Членството во Коалицијата престанува со доброволно истапување, со исклучување или во други случаи предвидени со закон и со статутот на Коалицијата.

Секоја членка може доброволно да истапи од Коалицијата. Истапувањето се врши со писмена изјава, во која не е потребно да се наведе посебно образложение.

Членството во Коалицијата може да престане и со исклучување со мнозинство гласови од членките на Коалицијата, и тоа во случаите кога:

- членката не го почитува статутот;
- со своите постапки и делување работи во спротивност на целите, задачите и угледот на Коалицијата;
- во други случаи предвидени со закон и статут.

Предлогот за исклучување до Собранието го поднесува управниот одбор на Коалицијата или 1/5 од вкупниот број на членови на собранието.

**Член 11**

Коалицијата за своето членство води регистар на членови и евиденција на членовите на органите кој се ажурира најмалку еднаш на две години.

## 4. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

**Член 12**

Органи на Коалицијата се:

- Собрание;
- Управен одбор;

Овластено лице за застапување на Коалицијата е извршниот директор.

Коалицијата по потреба може да формира и други постојани и привремени тела и органи.

Членувањето во органите на Коалицијата е без надомест.

### Собрание

**Член 13**

Собранието е највисок орган на Коалицијата.

Своите права и обврски собранието ги врши врз основа и во рамките на закон, статутот и општите акти на Коалицијата.

**Член 14**

Собранието е составено од по еден претставник од организациите кои се членки на Коалицијата, а претставниците на здруженијата имаат свој заменик.

Секоја организација членка има по еден глас.

Претставниците се делегираат од страна на организациите и нивниот мандат е две години, со право на повторен избор.

Членовите на Коалицијата можат и пред истекот на мандатот да го отповикаат претставникот, за што веднаш ќе го известат собранието и ќе определат друг претставник.

**Член 15**

Собранието на Коалицијата:

- го донесува, изменува и дополнува статутот;
- го усвојува годишниот извештај за работа и финансискиот извештај;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- донесува деловник за работа на собранието;
- одлучува за промена на целта на здружување;
- избира членови на управниот одбор и други органи;
- одлучува за основање и укинување на огранoци и други облици на организирање на Коалицијата;
- одлучува за здружување или разделување од сојузи и други форми на здружување како и за зачленување во домашни и меѓународни организации и мрежи;
- одлучува за прием на нови членови и престанок на членувањето со мнозинство гласови од вкупниот број членки;
- одлучува за воспоставување на извршна канцеларија;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела во Коалицијата;
- одлучува за престанок на Коалицијата;
- врши и други работи во согласност со статутот и општите акти на Коалицијата.

**Член 16**

Собранието се свикува по потреба, но најмалку еднаш во календарската година.

Седниците на Собранието ги свикува извршниот директор на Коалицијата, или претседавачот на Управниот одбор по сопствена иницијатива, по барање на Управниот одбор, или по барање на 1/5 од членовите на Собранието.

Ако претседавачот со управниот одбор во рок од четиринаесет дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува управниот одбор или иницијаторите.

**Член 17**

Покана за седница на собранието, со дневен ред и материјали за работа се доставуваат до членовите најдоцна седум дена пред денот
на одржувањето на седницата.

Со седницата на собранието претседава претседавач.

Претседавачот на собранието се избира за секоја одделна седница на самата седница, по предлог на управниот одбор или три члена на собранието.

За претседавач на собранието може да се избере секој член на Собранието, со исклучок на членовите на управниот одбор.

**Член 18**

Собранието има кворум ако се присутни мнозинството од вкупниот број членови.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со овој статут не е предвидено посебно мнозинство.

На собранието се одлучува со јавно гласање освен ако со мнозинство гласови од присутните не одлучи гласањето да се спроведе тајно.

**Член 19**

Членовите на собранието може да одлучуваат и без одржување состанок или без присуство со давање на својот глас преку официјалната електронска адреса на секоја членка на Коалицијата до официјалната електронска адреса на Коалицијата.

Доколку одделни членки преку своите претставници воопшто не гласале се смета дека се воздржале од гласање.

Членовите на Собранието може да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со конференциска врска.

**Управен одбор**

**Член 20**

Управниот одбор на Коалицијата е орган за општо управување и е највисок орган на управување меѓу две седници на собранието.

Своите права и обврски управниот одбор ги врши врз основа и во рамките на Статутот и општите акти на Коалицијата.

**Член 21**

Управниот одбор го сочинуваат седум члена од кои пет се претставници на членките на Коалицијата и два надворешни членови кои не се членови во здруженијата членки на Коалицијата и не учествуваат во работата на Коалицијата.

Од редовите на членовите на управниот одбор се избира претседавач.

**Член 22**

Членовите на управниот одбор поединечно ги избира собранието на предлог на 1/5 од членовите на собранието.

Мандатот на членовите на управниот одбор е две години со право да бидат избрани повторно на уште две години.

Членовите на управниот одбор можат да бидат избрани на уште две години по истекот на две години од претходните два последователни мандата.

**Член 23**

Претседавачот на управниот одбор се бира од членовите на управниот одбор со мнозинство гласови од вклупниот број членови на управниот одбор.

Претседавачот на управниот одбор се избира за време од две години со право на повторен избор.

Претседавачот на управниот одбор е одговорен за работата и процесот на донесување на одлуки на Управниот одбор.

**Член 24**

Управниот одбор на Коалицијата:

- донесува перспективни и годишни програми и планови за работа;
- одобрува проекти што се во интерес на членките на Коалицијата;
- носи мерки за обезбедување ефективно и рационално извршување на програмата;
- одлучува за средствата на Коалицијата во рамките на финансискиот план;
- одлучува за воспоставување награди и признанија;
- донесува акти со кои се уредува работата на извршната канцеларија;
- именува извршен директор и ја надгледува неговата работа;
- ја следи работата на извршната канцеларија

- предлага вклучување и исклучување на членови во Коалицијата;
- врши други работи во согласност со овој статут и со општите акти на Коалицијата.

**Член 25**

Управниот одбор работи и одлучува на седници кои се оддржуваат по потреба, а најмалку еднаш на три месеци.

Седниците на управниот одбор ги свикува претседавачот на управниот одбор; по сопствена иницијатива; по барање на најмалку два члена на управниот одбор; по барање на најмалку пет члена на собранието или по барање на извршниот директор.

**Член 26**

За одлучување е потребно присуство на мнозинство од членовите во управниот одбор.

Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на управниот одбор.

Член на управниот одбор се иззема од гласањето за прашања кои се поврзани лично со него, неговиот брачен другар или роднина до втор степен во странична линија.

На седниците на управниот одбор можат да присуствуваат претставници на донаторите и портпаролот на Коалицијата, кои немаат право на глас.

За работата на управниот одбор се води записник кој се усвојува на наредната седница.

**Член 27**

Членовите на управниот одбор може да одлучуваат и без одржување состанок или без присуство, ако членовите дадат согласност за одлуката којашто се донесува да се даде преку електронска пошта.

Членовите на управниот одбор може да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со конференциска врска.

**Член 28**

За претресување на прашањата од својата надлежност управниот одбор формира комисии и други работни тела, кои се формираат како постојани или како привремени.

**Член 29**

Членовите на собранието и на управниот одбор имаат право и должност да учествуваат во работата на собранието и на управниот одбор, да даваат иницијатива за подготвување општи акти и да учествуваат во вршењето други надлежности на собранието и на управниот одбор, во согласност со деловниците за работа и со заклучоците на собранието и на управниот одбор.

Членовите на собранието имаат право:

-да бираат и да бидат избрани во органите на Коалицијата;

-да вршат надзор над работата на другите органи;

-да се придржуваат на одредбите од статутот;

-во Коалицијата да ги застапуваат интересите и ставовите на здружението чии претставници се;

-да предлагаат решенија од заеднички интерес на Коалицијата;

-да ги известуваат членовите на здружението чии претставници се за работата на органите на Коалицијата и за текот на реализацијата на нејзините цели и задачи;

-да земаат активен придонес во остварувањето на целите и задачите на Коалицијата.

**Член 30**

Управниот одбор и неговите членови, како и членовите на собранието одговараат за својата работа пред собранието.

Членовите на собранието и на управниот одбор се одговорни за остварување на целите и задачите на Коалицијата.

Членовите на собранието и на управниот одбор се одговорни за штетата предизвикана од нивното работење или поради запоставување на работата.

**Член 31**

Претседавачот на управниот одбор, како и најмалку два члена на управниот одбор може да предложи разрешување член на управниот одбор.

Разрешување на член на управниот одбор може да биде предложено поради неприсуство од неоправдани причини на најмалку три последователни седници на управниот одбор или поради претставување на Коалицијата кое не е во согласност со улогата и идентитетот на Коалицијата или поради постапување во спротивност со одредбите на овој статут.

Во случај предлогот за разрешување да се однесува на претседавачот на управниот одбор, на барање на четири члена на собранието, или на два члена на управниот одбор, барањето се проследува директно до собранието.

Член на собранието и на управниот одбор може да поднесе оставка.

**Извршна канцеларија**

**Член 32**

Секојдневното работење на Коалицијата е организирано во извршна канцеларија.

Управниот одбор, за поефикасно и поекономично остварување на својата функција, ја доверува работата на извршната канцеларија.

Управниот одбор е одговорен за формирање на извршната канцеларија во согласност со принципите на ефикасност, компетентност, интегритет и афирмативност.

Организацијата и работата на извршната канцеларија се уредува со акти што ги донесува управниот одбор.

**Член 33**

Извршната канцеларија на Коалицијата е постојано тело кое го сочинува извршен директор и потребен број персонал.

**Член 34**

Извршната канцеларија ги врши раководните, како и стручните и административните работи, односно ги води дневните работи, ги сервисира органите на Коалицијата и ја администрира политиката и програмите одобрени од нив.

Извршната канцеларија:

- подготвува седници на собранието и на управниот одбор на Коалицијата и соодветни материјали;
- ги раководи и ги координира сите планирани активности на Коалицијата, во рамките утврдени со годишниот план за работа и со финансискиот план;
- подготвува среднорочни и годишни планови за работа и финансиски планови;
- раководи со финансиските средства, мобилизира нови фондови, преговара и склучува договори со донатори и со други финансиери;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководство;
- поднесува извештаи за работата и финансиски извештаи до управниот одбор;
- одржува односи со јавноста.

**Извршен директор**

**Член 35**

Извршниот директор го избира управниот одбор на предлог на најмалку три члена на органот.

Извршниот директор на Коалицијата не може да биде лице кое извршува функција на главен извршен директор или овластен застапник на друго правно лице.

Извршниот директор е одговорен пред управниот одбор.

**Член 36**

Извршниот директор е главен административен службеник кој:

-го надгледува спроведувањето на одлуките донесени од управниот одбор;

-се грижи за реализирање на проектите спроведувани од Коалицијата;

-именува програмски директор чии права обврски се регулираат со деловникот заработа на извршна канцеларија;

-именува портпарол на Коалицијата;

-донесува одлуки за вработување и престанок на ангажман и на вработени во извршната канцеларија на предлог на комисијата за избор избрана од управниот одбор и со добиена согласност од претседателот на управниот одбор;

-по овластување на управниот одбор склучува договори со надворешни партнери;

-го известува управниот одбор за преземените активности;

- го известува управниот одбор за значајните заеднички акции и истапување во јавноста во име на Коалицијата.

Извршниот директор учествува во работата на собранието и на управниот одбор без право на глас.

**Член 37**

Извршниот директор го раководи работниот процес на Коалицијата.

Извршниот директор ги следи и ги анализира состојбите и проблемите во дејноста на Коалицијата; дава прогнози и предвидувања за идни услови, проблеми и можности; комуницира и соработува со други организации.

Извршниот директор раководи со Извршната канцеларија, ја планира, организира и спроведува работата на Извршната канцеларија.

Извршниот директор ја застапува Коалцијата во правниот промет со трети лица, одговорен е за законитоста во работењето на Коалицијата и за правилна примена на Статутот и на општите акти на Коалицијата.

Извршниот директор врши и други работи во негова надлежност согласно законот, статутот и општите акти на Коалицијата.

Извршниот директор поднесува годишен извештај пред Собранието на Коалицијата.

**Член 38**

Функцијата на извршниот директор престанува:

-на сопствено барање или

-со одлука на управниот одбор.

Предлог за разрешување на извршниот директор може да поднесат најмалку три члена на управниот одбор.

## 5. ФИНАНСИИ НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 39**

Коалицијата стекнува и прибавува финансиски средства од: донации, прилози, подароци и завештанија, членарина, приходи од буџетот на Република Македонија, буџетот на единиците на локална самоуправа и Градот Скопје и други приходи.

**Член 40**

Средствата на Коалицијата се употребуваат за цели, задачи и активности во согласност со овој статут и со општите акти на Коалицијата и согласно со условите и ограничувањата на донаторите.

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Коалицијата согласно надлежностите утврдени со статутот.

**Член 41**

Вишокот на приходите над расходите (добивката) остварен од Коалицијата не смее да биде дистрибуиран како таков на ниедно лице, туку мора да биде употребен исклучиво за остварување на целите, задачите и активностите на Коалицијата.

**Член 42**

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Висината и начинот на распределба на средствата на Коалицијата се утврдуваат секоја година со финансискиот план, а врз основа на годишниот план за работа.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат, како и расходите за планираните активности за заедничка потрошувачка на вработените, надоместоци за ангажирање на стручни лица и за материјални трошоци за работа на Коалицијата и друго.

Годишниот деловен план, вклучувајќи го и финансискиот план, го донесува управниот одбор, а на предлог на извршниот директор.

Годишниот деловен план за секоја година се донесува на крајот од тековната календарска година, за наредната година.

**Член 43**

Годишниот деловен извештај, вклучувајќи го и финансискиот извештај го донесува собранието.

Годишниот финансиски извештај може да биде подложен на ревизија од независен ревизор, избран од управниот одбор.

Годишниот деловен извештај за претходната година се донесува најдоцна до 31 март во тековната календарска година.

**Член 44**

Коалиција води сметководство, води и чува книги, поднесува годишна сметка и врши попис на начин уреден со закон.

Управниот одбор со општ акт го уредува финансиското работење.

Управниот одбор го одобрува извештајот за попис.

## 6.ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕТО

**Член 45**

Коалиција во своето седиште во архивата ги чува актите согласно со законот.

Извршниот директор го уредува начинот на канцелариското и архивското работење.

**Член 46**

Работата на Коалицијата е јавна. Органите на Коалицијата се обврзуваат да обезбедат систем за информирање на јавноста.

Јавноста во работата на Коалицијата се остварува преку:

- прес конференции
- одржување на сопствена интернет страница;
- редовни известувања до средствата за јавно информирање за работата на Коалицијата;
- обезбедување на присуство на медиумите на настаните и активностите на Коалицијата;
- обезбедување на присуство на претставници на надворешни лица на седниците на органите и телата на Коалицијата;
- испраќање на информации на мрежи и заеднички листи;
- достапност на извештаите и на другите акти до членовите и други заинтересирани лица;
- издавање на печатен материјал и други соодветни начини.

**Член 47**

Управниот одбор ги уредува податоците и информациите кои се објавуваат, како и начинот на објавување.

Извадок од годишниот извештај на Коалицијата и ревизорското мислење може да се објавува.

Коалицијата може да основа периодични публикации заради остварување на целите.

## 7. ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 48**

Членките на Коалицијата своите релации ги градат врз следните принципите:

- меѓусебно почитување и доверба;
- еднаквост и демократичност во управувањето и водењето на Коалицијата;
- позитивенпристапконсексуалноста;
- автономија и самоопределување;
- слободни и информирани избори во врска со сите аспекти на животот, вклучувајќи го и сексуалниот живот;
- сеопфатно разбирање за сексуалноста кое ги интегрира емотивните, психолошките, социјалните и културните фактори при планирањето и испорачувањето на услуги и политики;
- доверливост и приватност;
- културна разноликост;
- солидарност;
- одговорност пред себе и пред другите;
- хоризонтално и колаборативно носење на одлуки.

**Член 49**

Секоја од организациите членки ја задржува својата независност во однос на другите. Коалицијата не е во надредена улога во однос на членките организации и не може да ги управува или ограничи нивните активности, ниту да се огласува во нивно име.

Сите значајни заеднички акции и истапувања во јавноста во име на Коалицијата мора да бидат одобрени од управниот одбор.

Доколку нема согласност од управниот одбор по одредено прашање, членките поединечно го искажуваат својот став за одредено прашање и истапувањето во јавноста во тој случај е само во име на организациите кои го поддржуваат одредениот став.

## 8. АКТИ НА КОАЛИЦИЈАТА

**Член 50**

Коалицијата донесува статут, правилници, деловници, одлуки, решенија и други акти.

Со правилниците и одлуките се регулираат прашањата за кои со законот или со овој статут е предвидено да се регулираат со општи акти.

**Член 51**

Статутот е највисок акт на Коалицијата.

Општите акти на Коалцијата мора да бидат во согласност со овој статут.

Ако одредба на општ акт не е во согласност со овој статут, таа е ништовна и се применуваат одредбите од овој статут.

**Член 52**

Предлог за измени и дополнувања на статутот во писмена форма можат да поднесат управниот одбор, извршниот директор или најмалку два члена на собранието.

Писмениот предлог се поднесува до управниот одбор кој по разгледувањето го доставува со собранието.

Собранието го донесува статутот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

**Член 53**

Општите акти на Коалицијата ги потпишува извршниот директор или лице овластено за тоа.

## 9. ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА

**Член 54**

Коалицијата престанува:

- ако е донесена одлука за престанок од страна на собранието на Коалицијата со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови;
- ако бројот на членките на Коалицијата се намали под две членки;
- во други случаи определени со закон.

**Член 55**

По утврдувањето дека Коалицијата престанала да постои имотот и средствата кои останале по намирувањето на обврските се префрлаат пропорционално во сопственост на здруженијата од кои е основана.

По престанокот на работата ликвидацијата ја води управниот одбор во својство на ликвидатор под надзор на собранието на начин и постапка утврдени со закон.

За почетниот биланс за отворање постапка за ликвидација, за годишната сметка и за извештајот за работењето на ликвидаторите одлучува собранието на Коалицијата, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

## 10. СТАТУС

**Член 56**

Коалицијата "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" е правно лице, односно сојуз на здруженија, фондации и други форми на здружување, со права, обврски и одговорности утврдени со закон и со овој статут.

**Член 57**

Седиштето на Коалицијата е во Скопје, на ул. Народен Фронт бр.27/36Скопје.

**Член 58**

Коалицијата има свој печат, штембил и лого.

Печатот го содржи името и седиштето на Коалицијата. Печатот има кружна форма а околу работ е испишано на кирилица на македонски јазик името на Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ.

Штембилот е во правоаголна форма со впишан текст :

Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ

Број______________________

Датум____________________

Текстот содржан во печатот и штембилот е испишан на македонски јазик и писмо.

Логото на Коалицијата го избира управниот одбор по претходно спроведена постапка за прибирање на повеќе идејни решенија.

1. **ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 59**

Во рок од шест месеци од основањето, собранието на Коалицијата треба да ги донесе Деловник за работа, Правилник за материјално и финансиско работење и Правилник за употреба на печат и штембил.

Управниот одбор во истиот период ќе ги донесе општите акти кои се потребни во неговото работење, а се од негов делокруг.

**Член 60**

Овој статут влегува во сила со денот на потпишување на основачкиот акт, а ќе се применува од денот на регистрација на Коалицијата во Централен регистар.

Во Скопје
на 23.04.2026 година

Директор
_______________________

ЕМБС: 06682383
Целосно име: Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 4.685.460,00 | | | 2.913.834,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 707.137,00 | | | 344.527,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 70.125,00 | | | 77.340,00 |
| 204 | - - Други услуги | 1.293.725,00 | | | 1.236.191,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 656.020,00 | | | 243.365,00 |
| 206 | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 6.130,00 | | | 10.850,00 |
| 209 | - - Наемнини | 876.010,00 | | | 644.311,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | 1.076.313,00 | | | 357.250,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 11.280.475,00 | | | 8.544.204,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 118.030,00 | | | 118.394,00 |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 128.213,00 | | | 112.200,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | 173.494,00 | | | 146.832,00 |
| 218 | - - Членарини | 9.311,00 | | | 6.925,00 |
| 219 | - - Други расходи | 10.851.427,00 | | | 8.159.853,00 |
| 222 | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | 95.621,00 | | | 40.998,00 |
| 224 | - - Средства за опрема | 95.621,00 | | | 40.998,00 |
| 226 | - - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229) | 6.592.604,00 | | | 2.683.495,00 |
| 229 | - - Други помошти и давања | 6.592.604,00 | | | 2.683.495,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 6.665.470,00 | | | 6.692.322,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 4.401.223,00 | | | 4.431.085,00 |
| 232 | - - б) Вкалкулирани надомести | 2.264.247,00 | | | 2.261.237,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **233** | - - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 34.786,00 | | | 38.258,00 |
| **235** | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 29.354.416,00 | | | 20.913.111,00 |
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 3.407.425,00 | | | 12.111.787,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 3.407.425,00 | | | 12.111.787,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 32.761.841,00 | | | 33.024.898,00 |
| **240** | - - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242) | | | | 142.131,00 |
| **242** | - - Приходи од услуги | | | | 142.131,00 |
| **243** | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | | | | 65.641,00 |
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 28.476.347,00 | | | 29.394.168,00 |
| **247** | - - Други приходи | | | | 15.533,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 4.285.494,00 | | | 3.407.425,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 32.761.841,00 | | | 33.024.898,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 32.761.841,00 | | | 33.024.898,00 |
| **438** | - - Број на работници | 7,00 | | | 7,00 |

## Биланс на состојба

| **Ознака за АОП** | **Опис** | **Претходна година** | **Бруто за тековна година** | **Исправка на вредноста за тековна година** | **Нето за тековна година** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 542.790,00 | 2.688.977,00 | 2.060.200,00 | 628.777,00 |
| **3** | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 542.790,00 | 2.688.977,00 | 2.060.200,00 | 628.777,00 |
| **6** | - - Опрема | 451.375,00 | 2.198.471,00 | 1.660.763,00 | 537.708,00 |
| **7** | - - Други материјални средства | 91.415,00 | 490.506,00 | 399.437,00 | 91.069,00 |
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 3.425.267,00 | 12.150.425,00 | | 12.150.425,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 3.383.391,00 | 12.109.367,00 | | 12.109.367,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 3.383.391,00 | 12.109.367,00 | | 12.109.367,00 |
| **20** | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 9.148,00 | 9.060,00 | | 9.060,00 |
| **23** | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ | 32.728,00 | 31.998,00 | | 31.998,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 42 | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 3.968.057,00 | 14.839.402,00 | 2.060.200,00 | 12.779.202,00 |
| 44 | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 293.903,00 | | | 372.784,00 |
| 45 | - - Деловен фонд | 293.903,00 | | | 372.784,00 |
| 46 | - - РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 248.887,00 | | | 255.993,00 |
| 51 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 17.842,00 | | | 38.638,00 |
| 53 | - - б) Добавувачи | 17.842,00 | | | 25.806,00 |
| 55 | - - г) краткорочни финансиски обврски | | | | 12.832,00 |
| 62 | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 3.407.425,00 | | | 12.111.787,00 |
| 64 | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 3.407.425,00 | | | 12.111.787,00 |
| 69 | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 3.968.057,00 | | | 12.779.202,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 680 | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 4.401.223,00 | | | 4.431.085,00 |
| 681 | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 1.886.337,00 | | | 1.873.876,00 |
| 682 | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 397.910,00 | | | 387.361,00 |
| 691 | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | 28.476.347,00 | | | 29.394.167,00 |
| 695 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 7,00 | | | 7,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 351 | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 3.407.425,00 | | | 12.111.787,00 |
| 353 | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 3.407.425,00 | | | 12.111.787,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 3.407.425,00 | | | 12.111.787,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **4631** | - 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. | | | | 33.024.898,00 |

**Потпишано од:**

Cvetanka Shaurek

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

**КОАЛИЦИЈА МАРГИНИ**
ЕМБС: 6682383
ЕДБ: 4080011519820
ул. „Народен Фронт“ бр. 27-36
1000 Скопје

---

# ПОТВРДА

**за статусот на канцелариskиот простор**

Коалиција МАРГИНИ, со ЕМБС: 6682383 и ЕДБ: 4080011519820, со седиште на ул. „Народен Фронт“ бр. 27-36, 1000 Скопје, со оваа потврда

**П О Т В Р Д У В А**

дека канцеларискиот простор што го користи организацијата е **изнајмен**, односно организацијата го користи просторот врз основа на договор за закуп и за истиот редовно плаќа месечен надомест (кирија), согласно договорените услови.

Оваа потврда се издава за потребите на докажување на статусот на користење на канцеларискиот простор.

Скопје, 27.07. 2026 година

**Овластено лице**

М.П.

**КОАЛИЦИЈА МАРГИНИ**
ЕМБС: 6682383
ЕДБ: 4080011519820
ул. „Народен Фронт“ бр. 27-36
1000 Скопје

---

# ПОТВРДА

**за бројот на вработени и волонтери**

Коалиција МАРГИНИ, со ЕМБС: 6682383 и ЕДБ: 4080011519820, со седиште на ул. „Народен Фронт“ бр. 27-36, 1000 Скопје, со оваа потврда

**П О Т В Р Д У В А**

дека заклучно со денот на издавање на оваа потврда организацијата има:

- **8 (осум) вработени лица**;
- **0 (нула) волонтери**, односно организацијата нема ангажирано волонтери.

Оваа потврда се издава за потребите на докажување на точниот број на вработени и волонтери.

Скопје, 27.07. 2026 година

**Овластено лице**

М.П.

**До:**
**Генерален секретаријат**
**Сектор за анализа на политиките и координација**
**Одделение за соработка со невладини организации**

## Предмет: Известување за претходно организациско искуство

Почитувани,

Во име на **Коалиција МАРГИНИ**, со ова писмо сакаме да ве известиме за претходното искуство на нашата организација во спроведување на проекти и програми финансирани од домашни и меѓународни донатори.

Коалиција МАРГИНИ е долгогодишна граѓанска организација со богато искуство во креирање, имплементација, управување и известување за проекти насочени кон унапредување на човековите права, социјалната правда, еднаквоста, јавното здравје, демократското владеење и правата на маргинализираните заедници. Во текот на своето работење, организацијата успешно реализирала бројни проекти финансирани од реномирани меѓународни донатори, при што доследно ги исполнувала сите договорни, финансиски и извештајни обврски.

Нашата организација успешно има имплементирано проекти поддржани од следните донатори:

- Делегација на Европската Унија (European Union Delegation)
- Шведска агенција за меѓународна развојна соработка (Sida)
- Фондација „Хајнрих Бел" (Heinrich Böll Foundation – HBS)
- Глобален фонд за жени (Global Fund for Women – GFW)
- Фондација „Квина тил Квина" (Kvinna till Kvinna Foundation)
- Американска агенција за меѓународен развој (United States Agency for International Development – USAID)
- Фондација Отворено Општество – Македонија (Open Society Foundation – Macedonia – FOSM)

- Цивика Мобилитас (Civica Mobilitas)

Преку овие партнерства, Коалиција МАРГИНИ изгради силни институционални и административни капацитети во управување со проекти, финансиска администрација, јавни набавки, мониторинг и евалуација, застапување, комуникација со јавноста и координација со институции и граѓански организации. Нашата организација континуирано ги реализира проектните активности согласно одобрените работни планови и буџети, применувајќи високи стандарди на транспарентност, отчетност и одговорно финансиско управување.

**Коалиција Маргини**
ул.Народен Фронт 27-36, Скопје 1000, Р.Северна Македонија +389 2 3214 269
www.coalition.org.mk
koalicijaszpmz@gmail.com

Успешната реализација на овие донаторски проекти ја потврдува способноста на Коалиција МАРГИНИ ефикасно да управува со комплексни проектни активности, да соработува со државни институции, граѓански организации и меѓународни партнери, како и да обезбедува одржливи и мерливи резултати.

Останувамe посветени на почитување на највисоките стандарди на професионалност, интегритет и отчетност и се надеваме дека и во иднина ќе придонесуваме кон развојот на инклузивно, демократско и праведно општество преку нови партнерства и иницијативи.

Доколку ви бидат потребни дополнителни информации во врска со нашето претходно искуство или реализираните проекти, ќе ни претставува особено задоволство да ви доставиме дополнителна документација.

**Коалиција Маргини**
ул Народен Фронт 27-36, Скопје 1000, Р.Северна Македонија +389 2 3214 269
www.coalition.org.mk
koalicijaszpmz@gmail.com

# Годишни извештаи

Коалиција МАРГИНИ Скопје

2023-2025

Извештајот за работата на Коалиција МАРГИНИ Скопје за периодот 2023-2025 ги рефлектира приоритетите, активностите и резултатите коишто беа планирани, утврдени и очекувани согласно **среднорочните стратешките цели** изготвени во рамки на организацискиот **стратешки план за периодот 2023-2026 година**. Со гласно истата, за посочениот период, Коалицијата ги утврди следниве среднорочни цели:

**1. Подобрување на третманот на маргинализираните заедници од страна на институциите;**

**2. Унапредување на националната рамка на политики и закони преку вклучување на интересите и потребите на маргинализираните заедници;**

**3. Воведување на нестигматизирачки репрезентации и научно засновани информации и знаења за родот, сексуалноста и**
**културите на маргинализираните заедници во јавната сфера;**

**4. Јакнење на капацитетите на Коалицијата за стратешко застапување, за односи со јавноста и финансиска одржливост, и**

**5. Градење на критичка култура и политичко ангажирано граѓанство, и креирање и проширување на автономни и прогресивни простори за маргинализаните заедници.**

Овие среднорочни цели ги одразуваат генералните заложби и **долгорочните цели на организацијата**, утврдени во нејзиниот **Статут:**

**1. Унапредување на здравјето и добросостојбата на маргинализираните заедници преку овозможување на достапност и подобрување на пристапот до квалитетни здравствени, социјални и правни услуги;**

**2. Споделување на вредностите на Европската унија во насока на унапредување на човековите права, заштита од дискриминација и родова рамноправност;**

**3. Воспоставување на поддржувачка околина за маргинализираните заедници, во која еднаквоста, слободата и почитувањето на сексуалните различности се темелни вредности;**

**4. Зголемена јавна свест за правата на маргинализираните заедници, и**

**5. Активна вклученост на маргинализираните заедници во борбата за остварување на сопствените права и слободи.**

| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
|---|---|---|---|---|
| [illegible] | | | | |
| Обука на наставници и стручни соработници од основни училишта по модулот: Род, родова еднаквост и родово засновано насилство. Спречување и заштита од насилство во училиштата од Полошкиот плански регион | Тетово, октомври 2025 | Обучени 19 претставници од 9 училишта од Полошкиот плански регион на теми поврзани со справување со насилството во училишна средина | листа за присуство; фотографии | Ensuring Gender Equality through Education - Kvinna till Kvinna |
| Изработка на Анализа на Законот за просветна инспекција, со фокус на унапредување на улогата на Државниот просветен инспекторат во заштита од дискриминација и насилство во образованието | јануари - ноември 2025 | Изработен сеопфатен аналитички документ кој ги идентификува правните и институционалните празнини во постојната рамка и нуди конкретни препораки за унапредување на надлежностите и практиките на Државниот просветен инспекторат; поставена основа за понатамошно застапување и институционален дијалог за зајакнување на системската заштита од дискриминација и насилство во образованието | Анализа | Ensuring Gender Equality through Education - Kvinna till Kvinna |
| Организација на тркалезна маса „Подобрување на улогата на Државниот просветен инспекторат | 20 ноември 2025 | Овозможен инклузивен дијалог помеѓу институции, граѓански организации и експерти за унапредување на улогата на | листа за присуство; фотографии | Ensuring Gender Equality through Education - Kvinna till Kvinna |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| во заштита од дискриминација и насилство во образованисто", како дел од процесот на застапување врз основа на Анализата на Законот за просветна инспекција | | Државниот просветен инспекторат во заштита од дискриминација и насилство; доусовршен документот за застапување преку вклучување на релевантни чинители и придонесено кон формулирање на конкретни и применливи препораки за системско унапредување на заштитните механизми во образованието | | |
| Поднесување иницијативи до Уставниот суд за оценување на уставноста на измените на Законот за основно образование и Законот за учебници, во рамки на МЗД, во соработка со партнерски организации | август - декември 2025 | Иницирани две постапки пред Уставниот суд со кои се оспоруваат законски измени што ја ограничуваат заштитата од дискриминација во образованието; отворено прашањето за усогласеноста на националното законодавство со Уставот и меѓународните стандарди за човекови права; зајакната застапувачката позиција на граѓанскиот сектор во одбрана на еднаквоста, инклузивноста и правото на образование без дискриминација | Иницијативи; соопштенија; дописи | Ensuring Gender Equality through Education - Kvinna till Kvinna |
| Организација и спроведување на тридневна обука за јакнење на капацитетите на професионалци кои работат со маргинализирани заедници на локално ниво, со фокус на интерсекциски и мултисекторски пристап во работа со жртви на родово базирано и семејно насилство | 4–6 ноември 2025 | Зајакнати знаења и вештини на социјални работници, психолози и претставници на граѓански организации за препознавање и адресирање на родово базирано насилство преку интерсекциски пристап; унапредена меѓусекторска соработка помеѓу центрите за социјална работа и граѓанскиот сектор; зголемена подготвеност за примена на човеково-правен пристап и подобрена чувствителност кон потребите на ранливите групи; евидентирано значително подобрување на знаењата преку пред- и пост-тестирање и високо ниво на задоволство од обуката | листа за присуство; фотографии | Building a community of human rights defenders to promote gender equality in North Macedonia: Delegation of the EU in North Macedonia (HERA lead) |
| Спроведување на јавен повик и процес на селекција за доделување мали грантови за развој и нудење на социјални услуги на локално ниво | август-октомври 2025 | Успешно спроведен процес на субгрантирање преку кој се селектирани и поддржани 3 граѓански организации за развој и имплементација на локални, инклузивни и недискриминаторски | линк до повик: https://hera.org.mk/javen-povik-za-dodeluvane-mali-grantovi-za-razvoj-i | Building a community of human rights defenders to promote gender equality in North Macedonia: Delegation of the EU in North Macedonia (HERA lead) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | социјални услуги; зајакнати капацитетите на локалните организации за работа со ранливи групи и обезбедена основа за подобрување на пристапот до психосоцијални, правни и здравствени услуги во заедниците; поттикната соработка помеѓу граѓански организации и локални институции | -nudene-na-soczijalni-uslugi-na-lokalno-nivo/ | |
| Подготовка и објавување на публикацијата „Предизвици на родовата реалност – Зборник на анализи, приказни и одговори на дезинформации поврзани со родот, родовата еднаквост и родовата различност“ | јануари - март 2025 | Подготвен и објавен зборник кој обединува аналитички текстови, истражувања и лични сведоштва со цел справување со дезинформации поврзани со родот и родовата еднаквост; придонесено кон информирање на јавноста и поттикнување критичко размислување преку проверени и афирмативни содржини; зајакната видливоста на маргинализираните заедници и промовирана потребата од сеопфатно сексуално образование, етичко медиумско известување и родово сензитивни политики | линк до зборник: https://hera.org.mk/predizviczi-na-rodovata-realnost-zbornik-na-analizi-prikazni-i-odgovori-na-dezinformaczii-povrzani-so-rodot-rodovata-ednakvost-i-rodovata-razlichnost/ | Empowering parents, teachers and media in understanding and supporting sexuality education and gender equality: MATRA (HERA) |
| Подготовка и поднесување на писмен поднесок со коментари за Предлог-Препораката CM/Rec(2025) на Комитетот на министри на Советот на Европа за еднакви права на интерсекс лицата | Јануари 2025 | Подготвен експертски поднесок кој придонесува кон националниот став во процесот на усвојување на препораката; идентификувани клучни предизвици за имплементација на стандардите за заштита на правата на интерсекс лицата на национално ниво | (документ / поднесок) | „Access to Justice and Human Rights“ - УСАИД |
| Подготовка и поднесување иницијатива до Врховниот суд за донесување начелно правно мислење за надомест на штета на жртви на кривични дела, со фокус на родово-базирано насилство | Мај 2025 | Иницирана постапка за воедначување на судската пракса со цел обезбедување ефективен правен лек за жртвите и намалување на ризикот од секундарна виктимизација; придонес кон унапредување на пристапот до правда за жртви на насилство | (иницијатива) | „Access to Justice and Human Rights“ - УСАИД |
| Подготовка на заеднички поднесок до Комитетот на министри на Советот на Европа (Rule 9.2) во | Јули 2025 | Поднесен меѓународен правен поднесок со кој се придонесува кон надзорот на спроведувањето на пресудата на ЕСЧП за | (поднесок) | „Access to Justice and Human Rights“ - УСАИД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| случајот X против Северна Македонија | | правно признавање на родот; зајакнато застапувањето за воспоставување на соодветна законска рамка | | |
| Подготовка и објавување на Прирачник за заштита од родово-базирано насилство врз транс лица | Октомври 2025 | Развиен практичен ресурс со јасни насоки за правна заштита и постапување во случаи на насилство; зајакнати капацитетите на транс заедницата за препознавање, пријавување и адресирање на родово-базирано насилство | Линк до прирачникот: https://transforma.mk/%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%87%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BE%D0%B4-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%B1%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D1%80%D0%B0/ | Guerilla Foundation |
| Учество во подготовка на Националната стратегија за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство (2026–2033) | Март – декември 2025 | Обезбеден придонес во процесот на креирање национална политика преку вклучување на перспективи на маргинализирани групи; зајакната инклузивноста на стратешките мерки за превенција и заштита од насилство | (стратегија) | |
| Обезбедување континуирана правна помош и стратешко застапување за случаи на дискриминација, родово-базирано насилство и права на ЛГБТИ лица | Јануари – декември 2025 | Обезбедена правна поддршка за 15 лица во случаи на правно признавање на род, дискриминација, вознемирување и насилство; иницирани постапки пред домашни институции и Европскиот суд за човекови права; обезбедено застапување за жртви на сексуално насилство во кривични и граѓански постапки; придонесено кон унапредување на судската и институционалната практика и заштита на правата на ранливите групи | извештаи | Ensuring Gender Equality through Education - Kvinna till Kvinna;<br><br>FCDO<br><br>+„Access to Justice and Human Rights" - УСАИД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одржани две едукативни средби за недискриминација со ЛГБТИ жени и сексуални работнички | 22 мај и 22 октомври | Средбата беше фокусирана на прашањата поврзани со препознавање на дискриминација и заштита од дискриминација. На средбата учествуваа и две параправнички (Лила Милиќ и Љупка Топаловска) кои им помагаа на учесничките да ги препознаат разните видови на дискриминација и споделија информации каде може да ги пријават. Средбата беше организирана како безбеден и поддржувачки простор, во кој учесничките имаа можност да споделат лични искуства, да поставуваат прашања и да добијат конкретни насоки за институционална и заедничка поддршка. Како дел од активноста, на крајот беа поделени хигиенски пакети на социјално загрозените жени, како симболичен израз на солидарност и грижа. | Листа за присуство, фотографии од настаните. | Цивика мобилитас: Еднаквост сега - зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација (lead: Хелсиншки комитет) |
| Обезбедување на параправна помош и поддршка за жените од маргинализирани заедници (Маргини како партнери на проектот конкретно ги покриваат ЛГБТИ жените и сексуалните работнички) | тековно 2025 | Обезбедувањето на параправна помош и поддршка овозможува најнепосредни контакти и идентификување на случаи на дискриминација директно меѓу заедниците на маргинализираните жени. Поголема свесност за сопствените права и зголемен пристап до правда и правна помош при случаи на дискриминација. | Месечни извештаи и листи за понудена параправна помош | Цивика мобилитас: Еднаквост сега - зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација (lead: Хелсиншки комитет) |
| Обука за документирање и мониторинг на случаи на дискриминација и родово базирано насилство | 20 и 21 февруари 2025 | Во Хотел Сити Парк се одржа дводневна обука за документирање и мониторирање на случаи на дискриминација и родово базирано насилство. Целта на обуката беше зајакнување на капацитетите на организациите-субгрантисти кои директно работат со маргинализирани жени, вклучително и транс жени, за препознавање, документирање и следење на случаи на родово и сексуално насилство. | Листа за присуство, фотографии; линк до Инстаграм: https://www.instagram.com/p/DGfnCryNrwP/?igsh=ZW5sZ3M3ZDQyMGZl | European Union: WE CARE: United we stand to fight against sexual and gender-based violence<br><br>(lead: National Network against Violence against Women and Domestic Violence – Voice against Violence) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | На обуката учествуваа вкупно девет учесници, меѓу кои пет претставнички од пет субгрантистички организации, како и три претставнички од Женските центри во Битола, Скопје и Тетово. Обуката ја водеше Атанас Аврамов, правен експерт, а присутни беа и претставници од водичот на проектот, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство - Глас против насилство, како и клучните проектни партнери: (организаторот) Коалиција Маргини, ХОПСи МЗД. | | |
| Работилница за стратешко застапување за заштита од сексуално насилство | 26 март 2025 | Во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) во Скопје се одржа специјализирана работилница посветена на изработка на Стратегија за стратешко застапување за заштита од сексуално насилство. На работилницата присуствуваа шест претставници од пет субгрантистички организации, како и претставници од проектните партнери и водечкиот партнер, заедно со претставничка од Женскиот центар во Скопје. Обуката ја водеше Наташа Бошкова, правна експертка со долгогодишно искуство во стратешко застапување и застапување за човекови права и родово базирано насилство.<br>Целта на работилницата беше да се зајакнат капацитетите на субгрантистите за развој и примена на ефективни стратегии за застапување поврзани со правните и институционалните одговори на сексуалното насилство, особено кога станува збор за маргинализирани жени. Преку презентации, интерактивни дискусии и групна работа, учесниците ги | Листа за присуство, фотографии | European Union:<br>WE CARE: United we stand to fight against sexual and gender-based violence<br><br>(lead: National Network against Violence against Women and Domestic Violence – Voice against Violence) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | анализираа постојните предизвици во институционалниот третман на сексуалното насилство во Северна Македонија. | | |
| Изготвување на првиот од трите полугодишни извештаи: октомври 2024-март 2025 | април-мај 2025 | Извештај за дадениот период за родово базирано насилство и сексуално насилство (вклучително и дигитално родово и сексуално насилство) од случаите кои субгрантистите ги пријавуваа на платформата за документирање на Коалиција Маргини. | Готов извештај документ | European Union:<br>WE CARE: United we stand to fight against sexual and gender-based violence<br><br>(lead: National Network against Violence against Women and Domestic Violence – Voice against Violence) |
| Skopje Pride Weekend 2025 – *YUGOQUEER* (куратор на програма Славчо Димитров) | февруари - октомври 2025 | Фестивалот беше успешно реализиран како мултидисциплинарна платформа што обедини изложби, перформанси, дискусии и симпозиуми, насочени кон истражување на квир и феминистички практики во (пост)југословенски контекст. Сите настани беа реализирани според планот, со просечна посетеност од 150–300 учесници, а отворањето привлече над 400 посетители, што укажува на зголемен интерес и проширување на публиката, особено кај младите. Програмата овозможи интензивен регионален дијалог и размена помеѓу уметници, теоретичари и активисти. Дополнително, фестивалот резултираше со продукција на каталог-антологија со 9 преведени теоретски текстови, значително надминувајќи ги иницијалните очекувања. Онлајн кампањата достигна над 54.000 лица и генерираше високо ниво на интеракција, што придонесе за зголемена видливост и ангажман на заедницата. | линк до Linktree (каталог, зборник, постер, промо видео, архивско видео): https://linktr.ee/skopjeprideweekend | YUGOQUEER Resistance: Exploring Queer Performative Arts in (Post)Yugoslav Spaces and Countering Anti-Gender Narratives Through Critical and Scientific Perspectives - supported by: Heinrich Böll Stiftung (HBS);<br><br>Ensuring Gender Equality through Education - supported by Kvinna till Kvinna;<br><br>Global Fund for Women; Friedrich-Ebert-Stiftung Skopje; A.K.T.; Pforzheim<br><br>(реализирано во партнерство со Тиииит!Инк., Медуза, КСП „Центар-Јадро", МСУ Скопје, и А.К.Т.; од Пфорцхајм, и Истражувачкиот центар при Словенечката академија на науките и уметностите.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Реализираната програма вклучуваше:<br><br>- Изложба на фотографии, видеа и архивски материјал „Словенечкиот панк и фотографија", курирана од проф. д-р Марина Гржиниќ.<br><br>-Симпозиумот „За квир културата, Балканот, Источна Европа и глобалните транс* побуни" со учество на теоретичарите, уметници и активисти: Марина Гржиниќ, Тјаша Канцлер, Весна Липоник, Јануш Чех и ДК<br><br>- Перформанс на Алма Гачанин (БиХ) - "Добро ли изведуваше денес?"<br><br>-Вечер на раскажување квир приказни под наслов СРАМОТА!, во соработка со ПичПрич<br><br>- Танцова претстава со кореографија на Игор Коруга (Срб) - „Unstable Comrades";<br><br>- Танцов перформанс на Александар Георгиев (МКД/Тенерифе) – "ATRAZ";<br><br>-Перформанс „Dissolutions" на Маја Зечо и отворање на нејзината самостојна изложба „Незгодни иднини", во кураторство на Џон Блеквуд.<br><br>-Објавен зборник придружник на фестивалскиот каталог со вклучени 9 текстови, преведени и објавени за првпат на македонски јазик. | | |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реализација и поткастот *Радио Милева - Емисија за здравје и општа култура* | јануари - март 2025 | Во 2025 година беа објавени 3 епизоди од втората сезона на Радио Милева, кои тематски обработуваат различни општествени и културни прашања од феминистичка перспектива.<br><br>Епизодата С02Е04 е посветена на темата развод, со критичка анализа на општествените и институционалните норми што го приоретизираат бракот и го стигматизираат разводот. Во неа се отвораат и прашања поврзани со јазикот и родовите претстави во детските содржини, како и репрезентацијата на женските ликови во цртаните филмови, со осврт кон конкретен случај на родово базирано насилство.<br><br>Епизодата С02Е05 се фокусира на теориите на заговор, нивното ширење и психолошките и општествените фактори што придонесуваат за нивната популарност, вклучително и влијанието на интернетот. Дополнително, се обработуваат јазични иновации поврзани со современи феномени, како и родовите аспекти на средовечната криза, со осврт кон рестриктивни анти-женски политики на глобално ниво.<br><br>Епизодата С02Е06 се занимава со стареењето, особено од перспектива на жените, анализирајќи ги општествените очекувања и норми поврзани со овој процес. Во неа се разгледуваат и дефинициите за род во речниците, медиумските наративи во локалниот | https://www.youtube.com/watch?v=0fVqBPmfAw8&list=PLv_KgzNtBWZnf9BZfNAZRm6zn7W8PCyes | Empowerment, Safety, and Resilience: Fostering unity and coalitions for gender equality and LGBTQI+ rights - поддржано од Фондацијата Квина тил Квина и UK International Development |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | контекст, како и културни препораки за публика. | | |
| Психо-социјална поддршка за ЛГБТИК+ заедницата | јануари-декември 2025 | Нудење психосоцијална помош и поддршка од стручни и доверливи психотерапевтки со кои соработуваме долги години. | Интерни наративни извештаи | Beyond Resistance: Queer and Feminist Strategies for Care, Visibility, and Justice - поддржано од Фондацијата Квина тил Квина и UK International Development<br><br>и<br><br>Access to Justice and Human Rights" - УСАИД |
| Правна помош за ЛГБТИК+ лица | јануари-декември 2025 | Нудење правна помош за ЛГБТИ+ луѓе и жени жртви на семејно насилство, и нивно правно застапување во судска постапка, од стручно правно лице, адвокатката Наташа Бошкова која има огромно искуство со случаи кои засегаат родовоосновано насилство и ЛГБТИ+ луѓе и нивните права. | Интерни наративни извештаи | Beyond Resistance: Queer and Feminist Strategies for Care, Visibility, and Justice - поддржано од Фондацијата Квина тил Квина и UK International Development<br><br>и<br><br>Access to Justice and Human Rights" - УСАИД |
| Реализација на *Школа за род, сексуалност, култура и политика 2024-2025* | 29 јануари | Финализирање на Школата за род, сексуалност, култура и политика преку завршен настан на споделување на рефлексии | Интерна документација и извештајна проектна документација | Empowerment, Safety, and Resilience: Fostering unity and coalitions for gender equality and LGBTQI+ rights - поддржано од Фондацијата Квина тил Квина и UK International Development |
| Реализација на *Школа за род, сексуалност, култура и политика 2025-2026* | септември - декември | Реализиран првиот дел од школата (6 предавања со вкупно 7 предавач(к)и) како едукативна и колективна платформа за учење, која обедини млади луѓе, активисти | Интерна документација и извештајна проектна документација | Beyond Resistance: Queer and Feminist Strategies for Care, Visibility, and Justice - поддржано од Фондацијата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | и културни работници во процес на критичко промислување на родот, сексуалноста и политиката. Преку серија предавања и работилници, учесниците стекнаа теоретско и практично знаење, развија сопствени перспективи и продуцираа заеднички содржини, придонесувајќи кон зајакнување на нова генерација ангажирани актери.<br><br>Реализираната програма за 2025 вклучуваше:<br><br>- Предавање на Ирена Цветковиќ и Наѓа Павлица за историјата на феминизмот и клучните концепти на родовите студии (Public Room, 18 октомври 2025)<br><br>- Предавање на Ивана Хаџиевска за политички заснованата „женска солидарност" во социјалистичка Македонија (КСП Центар-Јадро, 25 октомври 2025)<br><br>- Предавање на Наташа Бошкова за родот во правото и практиката (Public Room, 15 ноември 2025)<br><br>- Предавање на Славчо Димитров за квир теорија, политика и култура (КСП Центар-Јадро, 8 ноември 2025)<br><br>- Предавање на Ана Симона Зеленовиќ за од револуција до канон, и понатаму: историја и иднина на феминистичката и квир уметност (КСП Центар-Јадро, 29 ноември 2025) | | Квина тил Квина и UK International Development |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Предавање на Ана Мартиновска за родот и сексуалноста во македонската народна култура (КСП Центар-Јадро, 13 декември 2025) | | |
| Реализација на серијалот настани *Родот и градот* | март - октомври 2025 | Организирани беа јавни дискусии во културни и алтернативни простори кои отворија дијалог за родовата еднаквост и ЛГБТИК+ прашања преку уметност, литература и секојдневни искуства. Настаните овозможија вклучување на поширока публика надвор од активистичките кругови, придонесувајќи кон нормализација на темите и градење мостови помеѓу заедниците и пошироката јавност.<br><br>Реализирани настани:<br>- *Родот и градот:* Девојките се од Месечината - проекција на аниме и интерактивна дискусија (Јавна соба, 9 февруари 2025)<br>-*Родот и градот*: На кого му припаѓаат јавните простори? (КСП Центар-Јадро, 12 март 2025)<br>- *Родот и градот*: Разговор со Билјана Црвенковска и Румена Бужаровска, добитнички на регионалната феминистичка и квир награда „Штефица Цвек" за 2025 година (Бар МАККА, 28 октомври 2025) | https://shorturl.at/LerOw<br><br>https://shorturl.at/7DwNB<br><br>Јавни објави на социјални медиуми | Beyond Resistance: Queer and Feminist Strategies for Care, Visibility, and Justice - поддржано од Фондацијата Квина тил Квина и UK International Development |
| Реализација на настани со заедницата *QForums & Community Gatherings* | август - декември 2025 | Реализирани настани во 2025:<br>- 1 *QForum*: Вечерно дружење: Што се случува по Парадата? Квир вечер на рефлексија, солидарност и љубов (двор на Хелсиншки комитет, 7 август 2025) | Интерна документација и извештајна проектна документација + јавни објави за промоција на настаните; | European Union: Together For LGBTQI+ Equality - *Future Commons: Towards Politics of Resistance, Care and Hope* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - 2 *QForum*: Summertime Sadness – неформално дружење со психологинката Ана Блажева (кафе бар Love, 24 август 2025)<br>- 3 *QForum*: Слободен град, заеднички простори – разговор со Ивана Драгшиќ (кафе Буква, 29 октомври 2025)<br>- 4 *QForum*: Проекција на филмот „Борби со ветерници" и разговор со режисерот Борјан Гаговски и Билјана Димитрова од колективот Ветерница (KOTUR, 24 ноември 2025)<br>- 5 *QForum*: Отворен разговор со Андреј Лазаревски и Марија Велинова на тема *Колку е квир македонската книжевност?* (Буква, 17 декември 2025)<br>- 6 *Qforum*: Разговор со Радмила Живановиќ за влијанието на зимските празници врз ЛГБТИ луѓето и привременото враќање во плакарот (23 декември 2025)<br><br>- *1 Community Gathering*: Работилница за изработка на (квир) ќебиња и знамиња (Комбо, 8 ноември 2025)<br>- 2 *Community Gathering*: Работилница за гласовно изразување и идентитет со двајца претставници од факултетот за изведбени уметности Фонтис од Холандија (Јавна соба, 26 ноември 2025)<br>- 3 *Community Gathering*: Проекција на филмот „PRIDE" (2014) + отворена дискусија на тема интерсекциска солидарност (Културен простор Тетово, 10 декември 2025) | фотографии од настаните | |
| Реализација на серија на уметнички квир настани крурирани од уметници (*Artist Curated Nights*) | август - декември 2025 | Организирани 2 квир вечери како кураторски настани воден од уметници, кои преку перформанс, музика и уметнички активизам ќе создаде инклузивен простор за заедништво, | Јавни објави за промоција на настаните, фотографии од настаните | Beyond Resistance: Queer and Feminist Strategies for Care, Visibility, and Justice - поддржано од Фондацијата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | солидарност и колективен отпор.<br>Концептот се надоврзува на историјата на квир активизмот во поранешна Југославија, каде ноќниот живот бил простор за политичко организирање и алтернативни визии, а настанот го третира квир уживањето како форма на отпор и политичка пракса.<br><br>Реализирани настани:<br>- 3-та кураторска вечер и забава „Bottom", 2025<br>Вечер курирана од Јован Јосифовски<br>- 4-та кураторска вечер и забава „Bottom", 2025<br>Вечер курирана од Ивана Секулоска | | Квина тил Квина и UK International Development и<br><br>European Union: Together For LGBTQI+ Equality -<br>*Future Commons: Towards Politics of Resistance, Care and Hope* |
| Social Media Campaign (видеа, карусели и текстови + рилови) | мај-декември 2025 | Карусели:<br>1 Гордоста е и наша историја - карусел за важноста на Прајд парадата<br>2 Да живеат дрег кралевите - кратка историја на дрег кралевите<br>3 Казна за несовршени квир тела - критика на родовите норми и притисоците врз квир телата и телата со попреченост/хронични состојби<br>4 Ден на менталното здравје - подигнување на свест за грижа за менталното здравје и објава за психосоцијална помош што ја нудиме<br>5 Квир историја низ ткаенини и бои - историјата и важност на квир килтовите<br>6 Што е квир книжевност<br>7 Колку е квир современата македонска книжевност<br><br>Видео: | Објави на социјални мрежи | European Union: Together For LGBTQI+ Equality -<br>*Future Commons: Towards Politics of Resistance, Care and Hope* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1 и 2 видео серијали: 6 видеа во колаборација со Медуза - визуелна и перформативна реинтерпретација на квир и феминистички песни во превод<br><br>Текстови + кратки видеа<br>1 *Живи, здрави и слаби* - Елена Петровска, објавен на Медуза<br>2 *Како МПЦ ме обезбожи* - М. П., објавен на Медуза | | |
| Спроведување и прогласување на регионалната книжевна селекција *Штефица Цвек* за 2024 година (во партнерство со Pobunjene čitateljke (Србија), Kulturtreger/Booksa (Хрватска), Naratorium (Босна и Херцеговина)) | септември | Прогласувањето и регионалната презентација на изборот „Штефица Цвек" во Подгорица во 2025 година се реализираа во партнерство помеѓу иницијативата/колективот зад изборот (поврзан со Booksa и регионалната мрежа на *Побунети читателки*) и локални партнери во Црна Гора, пред сè Центар за женски студии Подгорица, во чиј простор („Sopstvena soba") се одржа настанот, како дел од програмата на Недела на гордоста во Црна Гора.<br><br>Финалниот избор на регионалниот книжевен избор „Штефица Цвек" за 2025 година (за книги објавени во 2024) опфати пет дела: „Долж остриот нож лета птица" од Тања Ступар Трифуновиќ, „Како се кршат тањирчиња" од Мак Маслаќ, „Празни куќи" од Данка Ивановиќ, „Тони" од Румена Бужаровска и „Приказни од Ѕунливото Море" од Билјана С. Црвенковска. | https://meduza.mk/culture/ob%D1%98aven-e-regionalniot-knizheven-izbor-shtefitsa-tsvek-za-2025-godina/<br><br>https://www.instagram.com/p/DPW5QcHjEMI/ | Поддржано главно преку Rekonstrukcija ženski fond (на партнерската организација Pobunjene čitateljke, Србија) |
| Продуцирана и промовирана публикацијата *И после се', проблеми со родот – Критички истражувања за родот, полот и сексуалноста* (ур. Славчо Димитров, Мања Величковска и Сара Миленковска) | февруари - октомври 2025 | Изработена е сеопфатна публикација на македонски јазик која претставува критички и интердисциплинарен ресурс за анализирање и деконструкција на анти-родовите наративи. Формиран е уреднички тим кој спроведе мапирање на | линк до дигитална публикација: https://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2025/11/I-POSLE-SE-PRO | YUGOQUEER Resistance: Exploring Queer Performative Arts in (Post)Yugoslav Spaces and Countering Anti-Gender Narratives Through Critical and Scientific Perspectives |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 32 релевантни извори и обезбеди авторски права за 18 текстови, кои беа преведени, уредени и интегрирани во финална публикација од околу 430 страници. Публикацијата комбинира теоретски, историски и научни пристапи, обезбедувајќи аргументи и алатки за активисти, едукатори и пошироката јавност. Секој текст е придружен со резиме и клучни поенти за полесна употреба, со што се зголемува неговата применливост надвор од академскиот контекст. Обезбедено е печатење и дигитална дистрибуција, а публикацијата веќе служи како основа за понатамошни јавни дискусии и образовни активности. | BLEMI-SO-RODOT_DIGITAL.pdf | Supported by: Heinrich Böll Stiftung (HBS)<br><br>Ensuring Gender Equality through Education - supported by Kvinna till Kvinna |
| Продукција на публикацијата *Кога те нема, најприсутна си тогаш: Родот и сексуалноста помеѓу субверзија и дисциплина во македонската култура* | август - декември 2025-2026 | Во 2025 година започна продукцијата на интердисциплинарната публикација, при што беа селектирани 6 авторки кои подготвуваат нови, досега необјавени текстови, како и 7 претходно објавени студии за кои беа побарани и обезбедени права за реобјава. Публикацијата е конципирана како простор на пресрет меѓу истражувањето, критичката мисла и активистичкото знаење, со цел да понуди повеќеслојна анализа на родот и сексуалноста во македонскиот културен контекст. Таа ги третира овие прашања не само како идентитетски теми, туку како сложена инфраструктура од културни, институционални и политички процеси што ги обликуваат општествените односи, нормите и формите на отпор. Преку мултиперспективен пристап што ги опфаќа народното творештво, етнографијата, книжевноста, визуелните и изведувачките уметности, како и популарната култура, | | Beyond Resistance: Queer and Feminist Strategies for Care, Visibility, and Justice - поддржано од Фондацијата Квина тил Квина и UK International Development |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | публикацијата придонесува кон воспоставување континуитет на локално знаење и кон создавање критичка архива на квир и феминистички практики. Истовремено, таа функционира како ресурс за едукација и застапување, со потенцијал да го прошири јавниот дискурс и да ја зајакне видливоста на овие теми. Публикацијата е закажана за промоција во 2026 година. | | |
| Продукција и објава на публикацијата *Придушени гласови: Анализа на застапеноста на родовите и на ЛГБТИК+ перспективите на локалните избори 2025 година* (авторка Елена Данова; ур. Ангел Димитриевски) | јуни - декември 2025 | Публикацијата се базира на мониторинг на локалните избори и нуди увид во (не)застапеноста на родовите и ЛГБТИК+ прашањата во изборниот процес и јавниот дискурс, со цел да укаже на структурните ограничувања и невидливоста на овие теми во политичката сфера. | https://shorturl.at/pmR43 | European Fund for the Balkans |
| Продукција и објава на извештајот извештајот *Тишина меѓу редови: Безбедноста на бранител(к)ите на човекови права* (авторки: Ирена Цветковиќ и Мања Величковска) | април - декември 2025 | Беше спроведен мониторинг и изготвено истражување за насилството, вознемирувањето и заканите насочени кон бранител(к)и на човекови права, граѓански организации, даватели на услуги и правни застапници кои работат со жртви на родово базирано насилство. Извештајот ги отвора прашањата за безбедноста, дискредитацијата и различните форми на притисок и напади врз бранител(к)ите на човекови права, и ги мапира обемот и спецификите на овие појави, институционалниот одговор и последиците врз засегнатите, и нуди препораки за унапредување на заштитата и превенцијата. | https://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2025/05/Tishina-megju-redovi__compressed.pdf | Empowerment, Safety, and Resilience: Fostering unity and coalitions for gender equality and LGBTQI+ rights - поддржано од Фондацијата Квина тил Квина и UK International Development |
| Објавено е истражувањето *Опасност од (не)постоење: Институционално насилство, пристап до права и* | март 2025 | Со истражувањето се мапирани 255 приказни на институционална неправда во период од 3 години. Анализата е резултат | https://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2025/03/INSTITUCIONA | ILGA Europe |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *ставови за ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија (2021-2023)* (авторки: Драгана Дрндаревска и Мања Величковска) | | на опсежно истражување за институционалното насилство, за пристапот до права и за ставовите за ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија (2021–2023), базирано на 44 полу-структурирани интервјуа со ЛГБТИК+ лица, 16 интервјуа со давателни на услуги, како и темелна правна и статистичка анализа. | LNO-NASILSTVO-FIN-WEB.pdf | |
| Ко-организација на регионален *Gender Summit* | ноември 2025 | Во рамки на регионалниот Gender Summit организиран од Heinrich Böll Stiftung во Скопје, се одржаа неколку тематски сесии од затворен карактер кои отворија простор за продлабочена дискусија околу родовите политики, анти-родовите наративи и стратегиите на отпор во регионот. Самитот собра околу 30 учесници – активисти, истражувачи и културни работници – овозможувајќи интензивна размена на искуства, знаење и практики во помал, фокусиран формат кој поттикна непосреден дијалог и вмрежување. | Интерна документација и извештајна проектна документација | Иницирано и поджано од Heinrich Böll Stiftung (HBS); |
| Организација на јавното предавање Јавно предавање: *Not Just Protesting: Resisting Anti-Gender Backlash in Central Europe* (во соработка со Heinrich Böll Stiftung (HBS)) | октомври 2025 | Во рамки на регионалните активности посветени на родова еднаквост и критичка анализа на современите политички процеси, се одржа јавно предавање на проф. Гжегож Пјотровски, кој се осврна на начините на кои општествените движења во Централна Европа се спротивставуваат на растечкиот анти-родовите реторики. | https://www.instagram.com/p/DP1MitLDJKw/?igsh=djljNng1eDJ5ejB0 | Иницирано и поджано од Heinrich Böll Stiftung (HBS); |
| Обезбедување на психолошка поддршка за трансродови лица (активност на ТрансФормА) | јануари - декември 2025 | Психолошка поддршка им беше обезбедена преку 179 средби. Темите што се обработија вклучуваа отфрлање од семејството, социјална изолација, економска несигурност, трауматски искуства, родова дисфорија и предизвици поврзани со процесот на транзиција и институционално признавање. | Интерна документација и извештајна проектна документација | International Trans Fund<br><br>Guerrilla Fondation<br><br>Urgent action fund |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Побарувачката за психолошка поддршка беше особено изразена кај транс жените, кои се изложени на зголемен јавен притисок и негативни наративи во контекст на растечкото влијание на конзервативните и антиродовите движења. Овој општествен контекст има директно влијание врз нивното чувство на безбедност и ментално здравје. | | |
| Обезбедување на правна поддршка за трансродови лица<br>(активност на ТрансФорма) | јануари - декември | Правна поддршка им беше обезбедена на вкупно 23 транс лица. Корисниците побараа помош за разни правни прашања, најчесто поврзани со процедури за промена на нивното име и презиме, како и процедури за промена на ознаката за пол, што подразбира издавање на нов личен идентификациски број. Некои од нив добија и поддршка во случаи на дискриминација, закани и говор на омраза, семејни постапки, наследни прашања и заштита од семејно насилство. Во еден случај, беше обезбедена директна поддршка при пријавување на заканувачки пораки до надлежните институции, по што беа покренати понатамошни постапки.. | Интерна документација и извештајна проектна документација | Guerrilla Fondation<br><br>Urgent action fund |
| Продукција на видеа за одбележување на 20ти ноември - Меѓународен ден на сеќавање на трансродовата заедница<br>(активност на ТрансФормА) | ноември | Како дел од онлајн кампањата по повод 20ти ноември Меѓународен ден на сеќавање на трансродовите лица, беа продуцирани и објавена 5 видеа со цел подигање на свеста за насилството врз трансродовата заедница и потребата од солидарност и поддршка. Онлајн кампањата достигна повеќе од 85.000 корисници на Фејсбук и Инстаграм, демонстрирајќи силна видливост и јавен ангажман. | Myths or Facts: Do trans people misuse public restrooms?<br><br>Myths or Facts: Will inclusive education make children become trans?<br><br>Myths or Facts: Misuse of the Gender Equality Law? | Guerrilla Fondation |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Myths or Facts: Are drag queens dangerous for children in schools?<br><br>Myths or Facts: Are trans people a threat to children and families?<br><br>Myths or Facts: Do trans people misuse public restrooms?<br><br>Myths or Facts: Will inclusive education make children become trans?<br><br>Myths or Facts: Misuse of the Gender Equality Law?<br><br>Myths or Facts: Are drag queens dangerous for children in schools?<br><br>Myths or Facts: Are trans people a threat to children and families? | |
| Развој и објавување на веб-прирачници и водичи за поддршка на транс лица (насилство, здравје и правни процедури)<br><br>(активност на ТрансФормА) | јули - ноември 2025 | Објавени се онлајн прирачници кој обезбедува лесно достапни информации и алатки за заштита од родово базирано насилство за транс заедницата и професионалци, информации за хормонска терапија како и информации за промена на име и презиме. Прирачниците с е | https://shorturl.at/A21GT<br><br>https://shorturl.at/oCCXa<br><br>https://shorturl.at/OfT98 | Guerrilla Fondation |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дистрибуирани преку комуникациски канали на организацијата. | | |
| Одбележување на 31ви март - Меѓународен ден на видливоста на трансродовата заедница (активност на ТрансФормА) | март 2025 | Објавено соопштение до медиуми и на веб станата на ТрансФормА | Поради кратењето на средствата од УСАИД не бевме во можност да одржиме марш на видливост. По нивно одмрзнување беа пренаменети за Скопје Прајд 2025 година. | Outright International |
| Учество во организирање на Парадата на гордоста 2025 | јануари-јуни | Комуникација со медиуми, создавање на манифестот (политичко позиционирање на Парадата), логистика | Интерна документација, јавни објави | Коалиција Маргини |
| Учество во организирање на Осмомартовскиот марш 2025 | Јануари - март 2025 | Комуникација, дизјан, логистика и пишување и држење говори. | Интерна документација, јавни објави | Коалиција Маргини |
| Градење капацитети – регионална обука „Training on Labor Rights of LGBTIQ+ People in the Western Balkans and Türkiye" | мај 2025, Приштина, Косово | Успешно учество на регионална тридневна обука организирана од ERA – LGBTI Equal Rights Association for the Western Balkans and Türkiye, со учесници од Албанија, БиХ, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција. Зајакнати капацитети на учесниците за разбирање на законската рамка за работнички права, антидискриминациски механизми, синдикално организирање, колективно договарање и ангажман со приватен и јавен сектор. Развиени вештини за справување со дискриминација на работното место и промоција на безбедни и инклузивни работни средини. | Програма за обука, апликациски формулар, тренинг материјали (ERA) | „Working Safe: Социо-економска инклузија на ЛГБТИК+ заедницата во Западен Балкан и Турција", имплементиран од ERA во партнерство со регионални организации, финансиран од Европската Унија |
| Развој на заедничка истражувачка методологија и национален придонес и Спроведување на национално | Октомври 2025 - Април 2026 | Активен придонес во креирање на унифицирана регионална методологија за истражување, вклучително и дефинирање на индикатори, алатки за прибирање | Публикација во 2026 | „Working Safe: Социо-економска инклузија на ЛГБТИК+ заедницата во Западен Балкан и Турција", |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| истражување (анкети, интервјуа, фокус групи) | | податоци и истражувачки пристап. Обезбедени национални податоци за законска рамка, политики за антидискриминација, состојби на пазарот на труд и предизвици со кои се соочуваат ЛГБТИК+ лица во Северна Македонија. Организирана и спроведена теренска работа како дел од регионалното истражување, со вклучување на ЛГБТИК+ лица и релевантни чинители. Реализирани анкети, интервјуа и фокус групи, вклучувајќи регрутација на учесници и логистичка поддршка. Собрани квалитативни и квантитативни податоци за искуствата со дискриминација, пристап до заштита и работни услови. | | имплементиран од ERA во партнерство со регионални организации, финансиран од Европската Унија |
| Поддршка на субгрантисти (регионален грантинг механизам) | 2025 - 2026 | Придонес во процесот на селекција и поддршка на 11 граѓански иницијативи од 7 земји, со вкупен буџет од околу 390,000 ЕУР. Поддржан развој и имплементација на локални и национални активности за унапредување на безбедни, инклузивни и правично базирани работни средини. | Јавен повик, објави за селектирани грантисти | „Working Safe: Социо-економска инклузија на ЛГБТИК+ заедницата во Западен Балкан и Турција", имплементиран од ERA во партнерство со регионални организации, финансиран од Европската Унија |
| ЕУ застапување за човекови права, родова еднаквост и заштита на бранители/ки на човекови права | Мај и ноември 2025 | Одржани состаноци со DG NEAR (North Macedonia, Serbia, Kosovo, BiH), EEAS и европратеници. Обезбедени конкретни препораки за 2025 Country Reports (Enlargement package 2025) со фокус на родова еднаквост, анти-родови политики, владеење на право и состојбата со ЛГБТИК+ права. Учество на roundtable со European Endowment for Democracy и придонес во дијалог за проширување и граѓански простор. | Brussels Advocacy Week 2025<br><br>EU Advocacy November 2026 | „Ensuring Gender Equality through Education" (Kvinna till Kvinna) |

| 2024 | | | | |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Документирање и мониторинг на повреди на човекови права на маргинализирани заедници преку заеднички бази на податоци | 1 јануари – 31 декември 2024 | Документирани случаи на повреди на права, говор на омраза, дискриминација и злосторства од омраза; изработени квартални и финален годишен извештај. | Платформа на Коалиција Маргини: https://goeasy.eu/margini/survey/survey.html; www.govornaomraza.mk; www.zlostorstvaodomraza.com | Проект „Пристап до правда и човекови права", поддржан од УСАИД. |
| Правна поддршка и застапување на жртви на дискриминација и говор на омраза | јануари – декември 2024 | Иницирани вкупно 8 правни постапки пред обвинителства, МВР, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и судови. | Документирани судски и управни постапки во извештајот (интерен извештај) | Проект „Пристап до правда и човекови права", поддржан од УСАИД. |
| Следење и анализа на говор на омраза | јануари – декември 2024 | Регистрирани 1.396 пријави за говор на омраза; 537 верификувани пријави, од кои најголем дел врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. | www.govornaomraza.mk; статистички графикони и анализи во извештајот. | Проект „Пристап до правда и човекови права", поддржан од УСАИД. |
| Следење и документирање на злосторства од омраза | јануари – декември 2024 | Регистрирани 113 инциденти со пристрасен мотив; анализирани според основа, жртви и сторители | http://www.zlostorstvaodomraza.com/ | Проект „Пристап до правда и човекови права", поддржан од УСАИД. |
| Изработка и објавување на Годишен извештај за повреди на човекови права на маргинализирани заедници | јануари – декември 2024 | Подготвен сеопфатен годишен извештај со статистички податоци, анализа, правни случаи и препораки до институциите. | Годишен-извештај-за-повреда-на-права-на-маргинализирани-заедници-јануари-декември-2024-година-2.pdf | Проект „Пристап до правда и човекови права", поддржан од УСАИД. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Меѓународно застапување преку користење на регионални и меѓународни механизми | јануари – декември 2024 | Изготвен е документ за застапување; подготвена и презентирана е изјава на пред-сесијата на Универзалниот периодичен преглед (UPR Pre-session) во Женева; организирани и одржани се најмалку два состанока со Постојаните мисии во Женева (или онлајн); доставен е придонес за Извештајот на Европската Унија за напредокот на Северна Македонија; изготвен и поднесен е паралелен извештај – Листа на прашања за спроведувањето на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (CESCR); изготвен е документ за застапување за пред-сесијата на Комитетот за економски, социјални и културни права (CESCR) во Женева; и објавени се четири веб-статии посветени на меѓународното застапување. | https://coalition.org.mk/archives/12588?fbclid=IwAR2cKDrkrdesP_8BQuMdn-kOtN47owyWvgr-pdmTH9NIdgy92jULBqveSJM<br><br>https://coalition.org.mk/archives/12569 | Проект „Пристап до правда и човекови права", поддржан од УСАИД. |
| Правна помош за жртви/преживеани од родово базирано насилство и прекршувања на правата на ЛГБТИК+ лицата | тековно 2024 | Во текот на 2024 година беше обезбедена правна помош за жртви и преживеани од родово базирано насилство и прекршувања на правата на ЛГБТИК+ лицата преку застапување во случаи на дискриминација, семејно и партнерско насилство, правно признавање на родот и стратешки судски постапки. Правна поддршка беше обезбедена во четири постапки за правно признавање на родот, во предмет за дискриминација врз основа на ХИВ статус при пристап до здравствени услуги, како и во предмет пред Европскиот суд за човекови права поврзан со онлајн родово базирано насилство. Дополнително, беше обезбедена правна помош за жртви на сексуално, физичко и психолошко насилство, вклучително и застапување во жалбени постапки и иницирање постапки пред Судскиот совет и Министерството за | / | Проект „Пристап до правда и човекови права", поддржан од УСАИД. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | внатрешни работи поради непрофесионално постапување на институциите. Дел од случаите беа успешно разрешени, меѓу кои и спречување на престанок на работен однос врз основа на родовиот идентитет, додека останатите постапки продолжија пред надлежните институции. | | |
| Подготовка, организација и реализација на фестивалот Skopje Pride Weekend - Staying with the Inconvenience 2024 | февруари - октомври 2024 | Реализирано е 12 издание на фестивалот Skopje Pride Weekend 2024, под кураторство на Славчо Димитров, со тема „Staying with the Inconvenience", која ги истражува прашањата на заедништвото, квир егзистенцијата, демократијата, солидарноста и отпорот кон нормативните општествени модели. Во рамки на фестивалот беа реализирани предавања, концерти, танцови и перформативни претстави, изложби, квир забави и јавни дискусии, посетени од повеќе од 900 посетители.<br><br>Отворање на фестивалот во Музејот на современата уметност (5 јуни 2024)<br>Светски познатата квир феминистичка теоретичарка Sara Ahmed одржа јавно предавање „Killing Joy as a Queer Project", по што следуваше концертна промоција на новиот албум на SVETLOST во соработка со PMGJazz. Настанот го посетија околу 150 посетители.<br><br>Официјално отворање на фестивалот (8 јуни 2024)<br>Концерт на Mykki Blanco (САД) – музичар(ка), перформер(ка) и ЛГБТИК+ активист(ка), еден/една од пионерите на queer rap сцената. Како специјални гости | Материјали за фестивалот: https://linktr.ee/skopjeprideweekend | Фестивалот е во организација на Коалиција МАРГИНИ и ЛГБТИ Центарот за поддршка. Се реализира во партнерство со Медуза, ТрансФормА, Локомотива и Тииит! Инк., а благодарение на несебичната поддршка на Американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), Heinrich Böll Stiftung, Министерство за култура на Република Северна Македонија, Фондација Отворено Општество Македонија, Friedrich Ebert Stiftung, Француската амбасада во Скопје, International Trans Fund и Transgender Europe. . |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | настапија DZIPSII, Ivana Dragsic (DJ сет), како и драг артистите Tokyo de Ville и Jane Divon. Настанот го посетија околу 270 лица.<br><br>Танцов перформанс „Batty Bwoy“ (10 јуни 2024) Harald Beharie (Норвешка/Јамајка) – кореограф и изведувач, ја претстави својата меѓународно наградувана соло претстава која ги обработува темите на црниот квир идентитет, насилството и телото. Присуствуваа околу 100 лица.<br><br>Танцова претстава „LOUNGE“ (15 јуни 2024) Настапија Marga Alfeirão, Mariana Benenge, Myriam Lucas и Shaka Lion, со претстава што ги истражува телото, интимноста, движењето и одморот. Настанот го посетија околу 120 лица.<br><br>Затворање на фестивалот – „SHAME!“ (16 јуни 2024) Вечер на раскажување квир приказни модерирана од Румена Бужаровска и Ана Василева (PeachPreach), со шест говорници кои споделија лични искуства поврзани со срамот, идентитетот и квир животите. Настанот го посетиле околу 300 лица.<br><br>Обезбедени се авторски дозволи и преведени се три текста, објавени во каталогот како мал тематски зборник. Меѓу нив се нов текст на Сара Ахмед и текст на Лорен Берлан, кој бил основна инспирација за кураторската тема.<br><br>Подготвени и дистрибуирани се постери, каталози, флаери, соопштенија и материјали за социјални мрежи. Остварени | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | се околу 40 медиумски прилози, а досегот преку Facebook и Instagram бил значително повисок од планираниот индикатор од околу 10.000 лица.<br><br>Сите фестивалски настани се видеодокументирани и подготвено е завршно видео со атмосферата и програмата на фестивалот. | | |
| Организација на оф-програма на Викендот на гордоста и квир забавите курирани од уметници [ДНО] | мај 2024 | Организирани се две квир забави курирани од младите македонски уметници Јован Јосифовски и Клелија Живковиќ, во КОМИТЕТ и БРУТАЛИСК. Настаните вклучувале сценографија, музичка селекција и инсталациски дела и биле посетени од околу 200 лица. | | Проект: „Fostering Gender and Sexual Equality through Culture and Education in North Macedonia: Skopje Pride Weekend 2024 and Gender Equality, Gender-Based Violence, Human Rights and Formal Education in North Macedonia“ Донатор: Heinrich Böll Stiftung |
| Изработка на наставна програма и образовен прирачник за еднаквост и човекови права | март - октомври 2024 | Ангажирани се експертки кои подготвија нацрт-наставна програма и „Образовен прирачник за еднаквост и човекови права“ за ученици од VII до IX одделение. Материјалот опфаќа достоинство, еднаквост, недискриминација, родова еднаквост и родово базирано насилство. | Прирачникот и наставната програма се доставени како прилози кон интерен извештај на Маргини и кон БРО. | Проект: „Fostering Gender and Sexual Equality through Culture and Education in North Macedonia: Skopje Pride Weekend 2024 and Gender Equality, Gender-Based Violence, Human Rights and Formal Education in North Macedonia“ Донатор: Heinrich Böll Stiftung и<br>„Ensuring Gender Equality through Education“; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304. |
| Зајакнување на капацитетите на психолози, психотерапевти и психијатри за работа со трансродови лица | февруари-март 2024 | Одржани две еднодневни работилница (од кои што едната онлајн на ЗУМ платформата) кои понудија информации поврзани со класификациите на МКБ и | Фотодокументација и листи на присуство | Поддржано од: ФООМ, ITF.<br><br>Организирани во партнерство со ТРАНСФОРМА. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ДСМ, и дадоа преглед на меѓународните професионални стандарди за грижа за трансродовите и родово различните лица, и ја претставија улогата на професионалците за ментално здравје кои работат со трансродови и родово различни лица. Дополнително, во рамки на работилниците учесниците се запознаа со критериумите и процедурите за проценка и упатување за третмани за потврдување на родот, ги дискутираа прашањата поврзани со културна и професионална компетентност, и се стекнаа со насоки за добри и инклузивни практики. Работилниците беа посетени од вкупно 36 психолози, психотерапевти и психијатри. Работилниците беа водени од **Теа Дакиќ** е доктор, специјалист по психијатрија и магистер на науки по биоетика, со историја на повеќе од 10 години посветена работа во медицинската пракса и во областа на човековите права, која работи и како претседател на Комисијата за етички прашања и деонтологија при Лекарската комора на Црна Гора. | | Стручни соработници на проектот: Ана Блажева и Радмила Живановиќ, лиценцирани психолози |
| Зајакнување на капацитетите на психолози, психотерапевти и психијатри за работа со трансродови лица | април-декември 2024 | Подготовка и издавање на "Прирачник за психолози и психотерапевти за поддршка во работата со трансродови и родово различни лица", и дистрибуција на истата преку постојната мрежа и членството на Комората на психолози на Македонија. Автори на публикацијата се Ана Блажева и Радмила Живановиќ. Овој прирачник е наменет за психолози и психотерапевти, за да ги поддржи во нивната работа со трансродовите и родово | https://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2024/08/Priracnik-za-psiholozi-i-psihoterapevti-za-rabota-so-transrodovi-i-RZ-lica.pdf | Поддржано од: ФООМ, ITF. Организирани во партнерство со ТРАНСФОРМА. Стручни соработници на проектот: Ана Блажева и Радмила Живановиќ, лиценцирани психолози |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | различните лица. Претставува еден значаен и професионален обид да придонесеме кон сензибилизација на професионалната заедница на начин што истовремено ја уважува и нивната значајна работа и позиција, но го вклучува и уважува и специфичното искуство на трансродовите лица. Воедно е во согласност со современите текови и актуелните истражувања и пристапи и со професионалното искуство на авторките на прирачникот во работа со трансродово и родово различни лица. Тие пристапи се темелат врз современите знаења што ги креираат мултидисциплинарните мрежи на професионалци што работат со нив, каква што е Светската професионална асоцијација за трансродово здравје. | | |
| Работилници со претставници од центрите за социјална заштита за прожање услуги и работа со ЛГБТИ лица и родовоосновано насилство | април 2024 | Најмалку 30 стручни лица за социјална работа од центри за социјална заштита од различни општини присуствуваа на две работилници. Активностите опфатија работни состаноци со претставници на Бирото за социјална работа со цел да се потврди продолжувањето на соработката воспоставена во претходните години, која вклучуваше развој на модули за обука на социјални работници и организирање обуки за социјални работници. Активностите се реализираа преку подготовка на агенда, логистички план и организациски подготовки за претстојните работилници, подготовка на покани и координација со предавачите за обуките, | Фотографии, листа на присутни, агенда | Поддржано од USAID во рамки на проектот *Access to Justice and Human Rights*, во партнерство со Бирото за социјални работи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | избор на учесници за двете работилници од центрите за социјална заштита од различни општини (процес што го водеше Бирото за социјална работа), како и целокупна организација на настаните во април. | | |
| Соработка со Бирото за развој на образованието за воведување изборен предмет | јуни - октомври 2024 | Одржани се состаноци и консултации со Бирото за развој на образованието. Бирото има определено консултант за усогласување на прирачникот и наставната програма со владините насоки за изборни предмети, со цел материјалот да биде понуден на училиштата. | Нацрт-прирачник и наставна програма приложени кон интерен извештај на Маргини | Проект: „Fostering Gender and Sexual Equality through Culture and Education in North Macedonia: Skopje Pride Weekend 2024 and Gender Equality, Gender-Based Violence, Human Rights and Formal Education in North Macedonia" Донатор: Heinrich Böll Stiftung и „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304. |
| Дводневна обука за родова еднаквост, родово базирано насилство и заштита од насилство во училиштата | јуни 2024 | Коалицијата организирала дводневна обука за 15 наставници, психолози и педагози од осум училишта од Вардарскиот Регион. Обуката се фокусирала на Правилникот за пријавување и заштита на ученик-жртва, родово базирано насилство, родова еднаквост и насилство засновано врз сексуална ориентација и родов идентитет. Учесниците пријавиле значително зголемување на знаењето и разбирањето на механизмите за пријавување и заштита. | Користен е „Модул за обука на наставници и стручни соработници од основните и средните училишта: Род, родова еднаквост и родово базирано насилство. Превенција и заштита од насилство во училиштата" Правилник: https://mon.gov.mk/content/?id=3288 | Проект: „Fostering Gender and Sexual Equality through Culture and Education in North Macedonia: Skopje Pride Weekend 2024 and Gender Equality, Gender-Based Violence, Human Rights and Formal Education in North Macedonia" Донатор: Heinrich Böll Stiftung и „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Координација и поддршка на училишни обуки за родова еднаквост и превенција од родово базирано насилство | април 2024 | Во април 2024 Коалицијата организирала координативна средба со претходно обучени претставници од 10 училишта. Со менторска поддршка од Бирото и Активот на стручни служби, претставниците биле подготвени да ги приспособат и спроведат обуките во своите училишта. До декември 2024, седум претставници реализирале обуки во своите училишта, додека тројца биле спречени поради отпор од училишните директори. | Извештаи и листи од координативната средба и училишните обуки | и „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304. |
| Организација на Јавен форум за еднаквост во образованието | ноември 2024 | Организиран е јавен форум со два панели, шест панелисти, двајца модератори и 30 лица во публика. Учествувале наставници, психолози, граѓански организации и претставници на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Дискусиите се однесувале на сегрегацијата, институционалното насилство, правата на маргинализираните ученици и потребата од родово сензитивни образовни политики. | Материјали и документација од форумот; препораки за реформи, обука на наставници, подобрување на механизмите за пријавување и зголемување на јавната свест. | Проект: „Fostering Gender and Sexual Equality through Culture and Education in North Macedonia: Skopje Pride Weekend 2024 and Gender Equality, Gender-Based Violence, Human Rights and Formal Education in North Macedonia" Донатор: Heinrich Böll Stiftung |
| Одржување и развој на институционалната соработка со Бирото за развој на образованието | 2024 | Коалицијата продолжила со соработката со Бирото, воспоставена во 2018 и формализирана со меморандум во 2019 година. Бирото дало поддршка при обуките и обезбедило ментори за училишните обучувачи. | Меморандум за соработка; записници од состаноци; | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304. |
| Застапување за задржување на родовата еднаквост и антидискриминациските стандарди во законите за образование | втора половина на 2024 | Коалиција МАРГИНИ, самостојно и како дел од Мрежата за заштита од дискриминација, се спротивставила на предложеното бришење на „род", „сексуална ориентација" и „родов идентитет" од законите за основно и средно образование. | Законски предлози, реакции на мрежите | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-1730 и тековно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Национално и меѓународно застапување против анти-родовите политики | 2024 | Коалицијата ги интензивира активностите за информирање на домашните и европските институции за регресивните образовни политики и влијанието на анти-родовите мобилизации. Активностите вклучувале учество во мрежи, доставување информации до тела на ЕУ и застапување за усогласување на законите со уставните и меѓународните стандарди за човекови права. | Поднесоци, реакции и придонеси кон европските институции | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 и тековно |
| Поднесување специјален известувачки документ до тела на ЕУ за регресивните образовни закони | 2024 | Како дел од Мрежата за заштита од дискриминација, Коалиција МАРГИНИ придонела кон поднесување специјален документ до тела на ЕУ за исклучувањето на родот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација од новите закони за образование. | Специјален поднесок до тела на ЕУ; материјали на Мрежата за заштита од дискриминација | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 и тековно |
| Придонес кон Извештајот на ЕУ за Северна Македонија | 2024 | Како членка на Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, Коалиција МАРГИНИ придонела кон подготовката на национален поднесок за Извештајот на ЕУ. Во него биле опфатени отсуството на законска постапка за правно признавање на родот, повлекувањето на Законот за учебници и растот на говорот на омраза и насилството врз ЛГБТИК+ учениците. | Contribution to the Country Report for the Republic of North Macedonia | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 и тековно |
| Учество во Brussels Advocacy Week | ноември 2024 | Претставничка на Коалиција МАРГИНИ учествувала на Brussels Advocacy Week, каде Коалицијата го претставила растечкото влијание на анти-родовите мобилизации во Западен Балкан и нивното влијание врз демократијата и човековите права. Препораките до ЕУ вклучувале поголема поддршка за феминистичките и ЛГБТИК+ организации, спротивставување на дезинформациите и зајакнување на законите за родова еднаквост | Contribution to the Country Report for the Republic of North Macedonia"Материјали од Brussels Advocacy Week и застапувачки препораки | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 и тековно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество во Gender Equality Forum во рамки на Берлинскиот процес | 2024 | Претставничка на Коалицијата застапувала за зголеменото влијание на анти-родовите мобилизации и повикала на приоретизирање на родовата еднаквост и интерсекционалноста во процесот на пристапување кон ЕУ. Коалицијата се заложила за регионална соработка, наменско финансирање и техничка поддршка за феминистичките и ЛГБТИК+ организации. | Програмски и застапувачки материјали од Gender Equality Forum | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 и тековно |
| Учество во Civil Society Forum во рамки на Берлинскиот процес | 2024 | Коалицијата се застапувала за интегрирање на родовата перспектива во сите политички дискусии и за вклучување на феминистичките и ЛГБТИК+ перспективи во политиките на ЕУ поврзани со човекови права, социјална кохезија и европска интеграција. Преку форумот биле зајакнати контактите со владини претставници и регионални партнери. | Материјали од Civil Society Forum | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 и тековно |
| Организација на Јавен форум за еднаквост во образованието | 2024 | Коалиција МАРГИНИ организирала форум што обединил чинители, носители на одлуки, граѓански организации и експерти за дискусија за родова еднаквост, човекови права и превенција на насилство во образованието. Во извештајот се наведува дека Министерството одбило да обезбеди панелист, што дополнително го нагласило ограниченото институционално учество. | Коалиција МАРГИНИ \| Од образованието очекуваме да биде коректор на општеството \| Одржан Јавен форум за родова еднаквост | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 |
| Активна работа во Националната мрежа против хомофобија и трансфобија и Мрежата за заштита од дискриминација | 2024 | Коалицијата активно учествувала во координацијата на мрежните активности, подготовка на реакции, застапување за ЛГБТИК+ прашања во Собранието и иницијативи за формирање меѓупартиска парламентарна група за поддршка на ЛГБТИК+ луѓето. | Реакции, мрежни соопштенија и материјали за парламентарната група | Проект: „Ensuring Gender Equality through Education"; донатор: Kvinna till Kvinna Foundation; проектен код MK01SID34-17304 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ко-организација на Gender Summit 2.0 | 2024 | Заедно со Heinrich Böll Stiftung Сараево, Коалиција МАРГИНИ го ко-организирала вториот Gender Summit 2.0, посветен на анти-родовите мобилизации во Западен Балкан и Северна Македонија. На самитот учествувале активисти, истражувачи, новинари и културни работници преку работилници, панели и предавања | Програма и документација од Gender Summit 2.0 | Партнер/поддржувач: Heinrich Böll Stiftung Сараево; |
| Организација на Школата за род и политики | 2024 | Коалицијата ја организирала Школата за род и политики во соработка со Институтот за родови студии при УКИМ, за 20 учесници, обезбедувајќи пристап и соработка со високообразовна институција. | Програма и материјали од Школата за род и политики | Партнер: Институт за родови студии при УКИМ |
| Истражувачки придонес за анти-родовите мобилизации во Северна Македонија | 2024 | Членови на Коалицијата, како дел од истражувачката мрежа GenPolSEE, придонеле со поглавјето „The Old New: Anti-Gender Mobilizations in North Macedonia" во регионалната публикација „Anti-Gender Mobilizations in the Post-Yugoslav Space". Автори се Славчо Димитров, Мања Величковска и Ирена Цветковиќ. | Anti-Gender Mobilizations in the Post-Yugoslav Space: Hidden Connection \| Springer Nature Link | Партнер/поддржувач: Heinrich Böll Stiftung Сараево; |
| Работа на истражувањето *Опасност од (не)постоење: Институционално насилство, пристап до права и ставови за ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија (2021-2023)* (авторки: Драгана Дрндаревска и Мања Величковска) | 2024 | Со истражувањето се мапирани 255 приказни на институционална неправда во период од 3 години. Анализата е резултат на опсежно истражување за институционалното насилство, за пристапот до права и за ставовите за ЛГБТИК+ заедницата во Северна Македонија (2021–2023), базирано на 44 полу-структурирани интервјуа со ЛГБТИК+ лица, 16 интервјуа со даватели на услуги, како и темелна правна и статистичка анализа. | https://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2025/03/INSTITUCIONALNO-NASILSTVO-FIN-WEB.pdf | Documenting institutionalized violence against LGBTIs in North Macedonia and advocating for improved legislation; Поддржано од ILGA Europe |
| Организација на прогласувањето на книжевниот избор „Штефица Цвек" #3 | 14 септември 2024 | Коалиција МАРГИНИ, заедно со регионалните партнери, го организираше јавното прогласување на третото издание | https://westernbalkansfund.org/wbf-supported- | Проект: Regional Literary Selection „Štefica Cvek"; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на регионалниот книжевен избор „Штефица Цвек" во рамки на фестивалот PitchWise – Festival of Women's Art and Activism во Сараево | stefica-cvek-literary-prize-announces-its-winners/ https://www.mreza-mira.net/vijesti/kultura/objavljene-dobitnice-3-knjizevne-nagrade-stefica-cvek/ | Донатор: Western Balkans Fund. |
| Спроведување на регионален книжевен избор „Штефица Цвек" за 2024 година и координација на регионално жири и процес на евалуација | | Во процесот на номинација учествувала регионалната книжевна заедница која предложила 153 книжевни дела. По повеќекратни кругови на оценување, селекцијата била сведена на седум добитнички дела, со што изборот продолжува да промовира колективен модел на признание наместо избор на еден победник. Финалниот избор го донесе тричлено регионално жири составено од Маја Абажија (Босна и Херцеговина), Дара Шљукиќ (Србија) и Мања Величковска (Северна Македонија). Процесот резултираше со избор на дела кои, според жирито, ги поместуваат границите на современата книжевност и отвораат простор за отпор, надеж и критичка мисла. | https://westernbalkansfund.org/wbf-supported-stefica-cvek-literary-prize-announces-its-winners/ https://www.mreza-mira.net/vijesti/kultura/objavljene-dobitnice-3-knjizevne-nagrade-stefica-cvek/ | Проект: Regional Literary Selection „Štefica Cvek"; Донатор: Western Balkans Fund |
| Организација на книжевната програма „Штефица Цвек на Revija malih književnosti: QUEER BALKAN, јавна презентација на регионалниот книжевен избор „Штефица Цвек" и промоција на добитничките на книжевниот избор „Штефица Цвек" #3 | 7 октомври 2024, Загреб | Коалиција МАРГИНИ, заедно со регионалните партнери, ја реализираше програмата „Штефица Цвек на Revija malih književnosti" како дел од отворањето на дваесеттото издание на фестивалот Revija malih književnosti: QUEER BALKAN во Booksa, Загреб. Настанот ја претстави регионалната книжевна селекција „Штефица Цвек" пред хрватската публика и ја вклучи во програмата на еден од најзначајните книжевни фестивали во регионот. Одржана е јавна презентација на | Видео од настанот: https://booksa.hr/razgovori/video/otvaranje-revije-malih-knjizevnosti-queer-balkan-i-stefica-cvek-na-reviji | Тековно и in-kind |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | концептот, критериумите и процесот на регионалниот книжевен избор. Во разговорот учествуваа членови на првото и второто жири – Ања Томљеновиќ, Филип Кучековиќ и Мања Величковска – како и координаторката Фросина Крушкаровска, кои ја претставија методологијата на изборот и процесот на жирирање. Во рамки на настанот беа претставени дел од добитничките на третото издание на „Штефица Цвек" – Јелена Анѓеловска, Калија Димитрова, Лидија Димковска и Ева Симчиќ – кои ги претставија своите наградени книги пред фестивалската публика | | |
| Развој и спроведување на дигитална кампања за подигање на јавната свест за родова еднаквост | Април – јули 2024 | Коалиција МАРГИНИ партнерски учествуваше во концептуализацијата, развојот на сценаријата и реализацијата на дигиталната кампања за родова еднаквост. Во рамки на активноста беа продуцирани четири едукативни видеа кои обработуваат теми поврзани со правата на жените со попреченост, пристапот на Ромките до гинеколошки услуги, положбата на жените земјоделки и улогата на меѓународната соработка во унапредувањето на родовата еднаквост. Кампањата беше дистрибуирана преку Facebook, Instagram, TikTok, YouTube, YouTube Shorts и X (Twitter) и оствари вкупно 273.203 прегледи, 3.106 реакции, 238 споделувања/зачувувања, 159.495 импресии и 60 коментари, придонесувајќи кон зголемена јавна свест и видливост на прашањата поврзани со родовата еднаквост во Северна Македонија. | Борба за рамноправност во земјоделието<br><br>Бројни предизвици за жените со попреченост во македонското општество<br><br>Гинеколошките услуги тешко остварливи за жените од ШутоОризари | Проект: *EmpowerHER: Uniting Voices for Gender Equality and Inclusive Society*; Донатор: German Agency for International Cooperation (GIZ) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување на психолошка поддршка за ЛГБТИ лица и жени од жртви на семејно насилство (активност во партнерство со на ТрансФормА) | тековно 2024 | Обебзедена психо-социјална поддршка за 25 лица, членови на ЛГБТИ заедницата и за 5 жени жртви на семејно насилство | / | ФООМ, TgEU, KVINNA til KVINNA, EIDHR |
| Одржување обука за параправнички со трите проектни партнери | втора половина на 2024 година | Одржана обука со трите проектни партнери - вкупно 10 параправнички беа обучени за работа со локалните заедници на жени за препознавање и пријавување на дискриминација (жени припаднички на ЛГБТИ заедницата, жени кои користат дрога, сексуални работнички, жени од рурално скопско подрачје) | Агенди, листи на присуство, фотографии за проектна архива, полугодишни извештаи и годишен извештај | ЦИВИКА МОБИЛИТАС Проект: ЕДНАКВОСТ СЕГА - ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА |
| Одржување на прва едукативна средба со жени од локални заедници и обучените параправнички | втора половина на 2024 година | Одржана првата едукативна средба за недискриминација со обучените параправнички и жени од локални заедници (Маргини - ЛГБТИ жени и сексуални работнички). Тема на средбата беше препознавање и пријавување на дискриминација. | Агенди, листи на присуство, фотографии за проектна архива, полугодишни извештаи и годишен извештај | ЦИВИКА МОБИЛИТАС Проект: ЕДНАКВОСТ СЕГА - ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА |
| Одбележување на Transgender Day of Remembrance (активност на ТрансФормА) | ноември 2024 | Испратено соопштение до медиуми за одбележување на денот како и одржан вечерен настан насловен „The Path of Invisible Heroines" на кој што настапија 8 дрег кралици од Македонија и Србија. | фотографии од настанот, соопштение до медиуми | Outright International |
| Регионален Transposium (активност на ТрансФормА) | октомври 2024 | од 02.10 - 06.10.2024 година за прв пат во Северна Македонија беше организиран регионален настан Transposium во организација на ТрансФормА. На самиот регионален настан учествуваа 51 | Агенда, листа на присуство, | TGEU, Outright International, Trans Mreza Balkan |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | трансродови и родово небинарни лица од Балканот (Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина) | фотографии од настанот | |
| Обезбедување на правна поддршка за трансродови лица (активност на ТрансФормА) | тековно 2024 | Правна поддршка им беше обезбедена на вкупно 18 транс лица. Корисниците побараа помош за разни правни прашања, најчесто поврзани со процедури за промена на нивното име и презиме, како и процедури за промена на ознаката за пол, што подразбира издавање на нов личен идентификациски број. Некои од нив добија и поддршка во случаи на дискриминација, закани и говор на омраза, семејни постапки, наследни прашања и заштита од семејно насилство. Во еден случај, беше обезбедена директна поддршка при пријавување на заканувачки пораки до надлежните институции, по што беа покренати понатамошни постапки.. | Интерна документација и извештајна проектна документација | TGEU, International Trans Fund |
| Марш за видливост 2024 (активност на ТрансФормА) | март 2024 | На 29.03.2024 година беше одржан 4 марш на видливост на трансродовите лица во Скопје. | https://www.flickr.com/photos/fosim/albums/72177720315768610/ | International Trans Fund |
| | | **2023** | | |
| Подготовка и објавување на Годишниот извештај „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници 2023“ | јануари - декември 2023 | Коалиција МАРГИНИ подготви годишен преглед на состојбата со човековите права на сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, луѓето што живеат со ХИВ и ЛГБТИК луѓето. Анализата се заснова на случаи документирани од Коалицијата и партнерските организации. Во извештајот се анализирани најмалку 130 случаи на прекршување на права: 28 кај сексуални работници/чки, 27 кај луѓе кои | Годишен извештај за 2023 година <u>Годишен извештај 2023</u> | Тековни активности на Коалиција МАРГИНИ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | употребуваат дроги, 32 кај луѓе што живеат со ХИВ и 43 кај ЛГБТИК луѓе. | | |
| Придонес кон измените на Кривичниот законик за декриминализација на поседувањето дроги за лична употреба | Застапување во текот на 2021–2023; измената е усвоена во февруари 2023 | Претставници на Коалиција МАРГИНИ и ХОПС учествувале во владината работна група за законски измени. Нивниот предлог за допрецизирање на член 215 од Кривичниот законик бил прифатен, со додавање одредба според која нема да се казнува лице што поседува наркотични дроги или психотропни супстанции за лична употреба. Извештајот го определува ова како една од клучните двегодишни заложби на Коалиција МАРГИНИ и ХОПС. | Усвоените измени на Кривичниот законик; записници и материјали од владината работна група | Тековни активности на Коалиција МАРГИНИ<br><br>Активност реализирана со ХОПС; |
| Обезбедување правно советување и поддршка преку документирањето на случаи | јануари - декември 2023 | Преку правните советнички, Коалицијата овозможувала пријавување и документирање на индивидуални и колективни случаи, нивна правна квалификација и анализа на институционалното постапување. | База и онлајн-платформа за документирање; предмети на правните советнички | Тековни активности на Коалиција МАРГИНИ |
| Спроведување секундарна анализа на Европското социјално истражување (ESS) за ставовите кон хомосексуалноста и политичкото учество „Отворено скриени опресии: ставови, вредности и практики на граѓанките и граѓаните за политичкото учество и хомосексуалноста" | октомври 2023 | Коалиција МАРГИНИ ја подготвила и објавила студијата „Отворено скриени опресии: ставови, вредности и практики на граѓанките и граѓаните за политичкото учество и хомосексуалноста", која преку анализа на податоците од Европското социјално истражување (ESS) ги испитува ставовите на граѓаните кон хомосексуалноста, вредносните ориентации и нивната поврзаност со политичкото учество. Истражувањето обезбедува емпириски показатели за хомофобијата и општествените вредности во Северна Македонија. | Коалиција МАРГИНИ \| Отворено скриени опресии: ставови, вредности, и практики на граѓанките и граѓаните за политичкото учество и хомосексуалноста | Партнер/поддржувач: Heinrich Böll Stiftung Сараево; |
| Спроведување и објава на Извештај за потребите и приоритетите на ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија | 2023 - мај 2024 (објавено јуни 2024) | Коалиција МАРГИНИ, во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права и LGBTQ+ Victory Institute, придонела кон спроведување на првото сеопфатно | Коалиција МАРГИНИ \| Извештај за потребите и приоритетите на | Проект: „Политичко оснажнување на ЛГБТИ луѓето"; Донатор: USAID. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | истражување за политичките, социјалните и институционалните потреби и приоритети на ЛГБТИ+ луѓето во Северна Македонија. Истражувањето обезбедува емпириска основа за идни политики, застапување и развој на услуги за ЛГБТИ+ заедницата. | ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија | |
| Подготовка, организација и реализација на фестивалот Skopje Pride Weekend - QUEER CHRONOPOLITICS: History, Affects, Utopias 2023 | февруари - октомври 2023 | Организирано е единаесеттото издание на фестивалот Skopje Pride Weekend 2023, под темата „Квир-хронополитики: историја, афекти, утопии". Фестивалот претставува меѓународна платформа за современа уметност, квир култура, теорија и активизам, насочена кон преиспитување на хетеронормативноста, национализмот, капитализмот и различните форми на опресија преку уметнички и теориски практики. Под кураторство на Славчо Димитров беше развиена програма што ги истражува односите меѓу квир историјата, архивите, меморијата, времето, афектите и утописките замисли. Посебен акцент е ставен на преиспитување на националните историски наративи и невидливите истории на сексуалните и родовите малцинства.<br><br>Организација на меѓународна изложба „Remembering Futures" на Карол Раѓишевски<br>Отворена е изложбата на полскиот уметник Карол Раѓишевски, која преку архивски материјали, фотографии, филмови и инсталации ги истражува квир архивите, меморијата, историјата и видливоста на ЛГБТИК+ заедниците во Централна и Источна Европа. | Каталог на Skopje Pride Weekend 2023 https://linktr.ee/skopjeprideweekend<br><br>Каталог на Skopje Pride Weekend 2023 https://linktr.ee/skopjeprideweekend | Фестивалот е во организација на Коалиција МАРГИНИ и ЛГБТИ Центар за поддршка, а се реализира во партнерство со ТрансФормА, Заедно посилни, Музејот на современа уметност – Скопје, КСП „Центар-Јадро" и Тииит!Инк., и благодарение на несебичната поддршка на Heinrich Böll Stiftung, Фондација Отворено Општество Македонија, Министерство за култура на Северна Македонија, Friedrich Ebert Stiftung и Transgender Europe. Изложбата на Карол Раѓишевски се реализира во партнерство со Заедно посилни, и е делумно поддржана од Европската унија. Перформансот на Малик Нашад Шарпе се реализира во партнерство со ТрансФормА, и е делумно поддржан од Transgender Europe. СРАМОТА! се реализира во партнерство со Тииит!Инк. и е поддржано од Шведска и Фондацијата Kvinna till Kvinna. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Организација на меѓународен перформанс „GONER“ на Malik Nashad Sharpe<br>Реализиран е современ танцов перформанс кој ги обработува темите на миграцијата, расата, хоророт, припадноста, зависноста и насилството преку квир и црнечка перформативна перспектива.<br><br>Организација на перформансот „Abject of Desire“ на Shirley Harthey Ubilla<br>Фестивалот го претстави перформансот што ги истражува лезбиската желба, квир телото, другоста и механизмите на абјектноста преку современа кореографија и перформанс.<br><br>Организација на јавно предавање на Марина Гржиниќ<br>Одржано е предавањето „ПАНК и поранешната југословенска ЛГБТКИА+ заедница во Словенија и пошироко“, посветено на архивите на ЛГБТКИА+ движењето, панкот, расниот капитализам и политиките на меморијата.<br><br>Организација на самостојната изложба „Еластично насилство“ на Јован Јосифовски<br>Претставена е изложба што ја проблематизира врската помеѓу семејното насилство, машкоста и квир идентитетите преку современа визуелна уметност.<br><br>Организација на танцовиот перформанс „dragON forever“ на STEAM ROOM<br>Изведен е третиот дел од трилогијата dragON, која ги истражува дрегот, квир телото и современата кореографија како политичка и уметничка практика. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Организација на „СРАМОТА! – Вечер на раскажување квир приказни"<br>Во соработка со ПичПрич, организирана е вечер на јавно раскажување лични квир приказни, модерирана од Румена Бужаровска и Ана Василева, по што следувала музичка програма со диџеј сет на Ивана Драгшиќ.<br><br>Подготвен и објавен е двојазичен каталог кој ги содржи кураторскиот концепт, биографиите на уметниците, описите на програмата и визуелната документација од фестивалот. Куратор и уредник е Славчо Димитров, дизајнот е на Игор Делов. | | |
| Организација на прогласувањето на регионалниот книжевен избор „Штефица Цвек" #2 | 16 јуни 2023 | Коалиција МАРГИНИ, заедно со Побуњене читатељке (Србија), Kulturtreger/Booksa (Хрватска) и PEN Центар БиХ, го организираше прогласувањето на второто издание на регионалниот книжевен избор „Штефица Цвек" во рамки на фестивалот КРОКОДИЛ во Белград. | https://penbih.ba/2023/06/proglasen-regionalni-knjizevni-izbor-stefica-cvek/ | Тековно и in-kind |
| Спроведување на регионален книжевен избор за изданијата од 2022 година и координација на двостепен процес на регионално жирирање | | Во процесот на номинација учествуваа 130 писател(к)и, книжевни критичар(к)и, новинар(к)и и други професионалци од книжевната заедница, кои номинираа 131 книга. По првиот круг на селекција беа избрани 24 книжевни дела од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Северна Македонија и Србија, кои влегоа во финалното разгледување. По работата на првиот круг жири, второто жири составено од Грација Атанасовска, Ивана Дражиќ и Маја Абажија го финализираше изборот на книжевните дела што ги исполнуваат | https://penbih.ba/2023/06/proglasen-regionalni-knjizevni-izbor-stefica-cvek/ | Тековно и in-kind |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | критериумите на признанието, со фокус на феминистички, квир и естетски иновативни книжевни практики. Признанието беше доделено на седум авторки и автори: Ана Аврамовска („Водена тијела“), Дуња Матиќ („Мировање“), Маја Солар („А хтела сам“), Оља Савичевиќ Иванчевиќ („Љета с Маријом“), Селма Асотиќ („Реци ватра“), Стефан Алијевиќ („Ноќни аутобус“) и Желимир Периш („Грација од чемпреса“). Наместо еден победник, признанието повторно беше доделено на повеќе рамноправно избрани дела. | | |
| Создавање поддржувачка средина што им овозможува на маргинализираните заедници пристап до правда преку зајакнување на капацитетите на граѓанските организации од различни региони | април 2022-март 2024 | Три граѓански организации од источниот, југоситочниот, вардарскиот и пелагонискиот регион поминаа низ интензивна програма за обука и менторство, во која беа вклучени 10 психолози и правници. Евалуациите покажаа дека стекнатите знаења и вештини се високо релевантни и применливи во нивната секојдневна работа. Дополнително, осум професионалци добија поддршка преку 108 менторски сесии, што значително ги унапреди нивните капацитети за обезбедување клучни услуги. Како резултат на тоа, овие граѓански организации успеаја да развијат и спроведат одржливи и иновативни пакети за поддршка, од кои корист имаа 1.140 носители на права во целните региони. Отворањето и функционирањето на три канцеларии на граѓанските организации дополнително ја зацврсти посветеноста на проектот кон проширување на опфатот на услугите и | | "Access to justice for marginalized communities 2.0" - поддржан од EIDHR во партнерство со KVINNA til KVINNA |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | воспоставување одржливи и структурирани механизми за поддршка. | | |
| Создавање поддржувачка средина што им овозможува на маргинализираните заедници пристап до правда преку зајакнување на претставниците на заедниците и поттикнување стратешко вмрежување | април 2022-март 2024 | Документирани вкупно 308 случаи на прекршување на човековите права, обезбедувајќи значајни сознанија за специфичните предизвици со кои се соочуваат овие заедници. Беа подготвени и објавени четири извештаи за состојбата со човековите права на маргинализираните заедници, со што се зголеми јавната свест за тековните предизвици и постигнатиот напредок во оваа област. Извештаите обезбедија значајни информации за засегнатите чинители и пошироката јавност, дополнително нагласувајќи ја важноста од континуирани напори за унапредување на пристапот до правда. Преку сеопфатни комуникациски стратегии, вклучувајќи регионални активности и медиумски кампањи со досег од над 400.000 лица, значително се зголеми информираноста за услугите што ги обезбедуваат граѓанските организации. Овие активности резултираа со зголемен број посети и барања за поддршка од страна на маргинализираните заедници, потврдувајќи ја успешноста на проектот во охрабрувањето на членовите на заедниците да ја побараат потребната помош. | | "Access to justice for marginalized communities 2.0" - поддржан од EIDHR во партнерство со KVINNA til KVINNA |
| Создавање поддржувачка средина што им овозможува на маргинализираните заедници пристап до правда преку поттикнување стратешко вмрежување | март 2023 - март 2024 | Проектот ги зајакна вмрежувањето и заедничките напори за унапредување на пристапот до правда. Во негови рамки беа координирани шест постојни мрежи и беа воспоставени уште три нови, во кои беа | | "Access to justice for marginalized communities 2.0" - поддржан од EIDHR во партнерство со KVINNA til KVINNA |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | вклучени вкупно 63 засегнати чинители. Овие мрежи овозможија координирани активности за справување со локалните предизвици и за подобрување на пристапот до правда за маргинализираните заедници. Конференцијата „Пристап до правда за маргинализираните заедници 2.0", на која учествуваа 31 засегнат чинител, обезбеди платформа за продлабочена дискусија за прашањата поврзани со пристапот до правда, истакнувајќи ги постигнатите резултати и потврдувајќи ја важноста од континуирана соработка меѓу различните чинители. | | |
| Подготовка и објавување и промоција на првиот транс магазин Транзин | јануари - јуни 2023 | | https://transforma.mk/%d1%82%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b7%d0%b8%d0%bd-%d0%bc%d0%b0%d0%b3%d0%b0%d0%b7%d0%b8%d0%bd-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8/ | International Trans Fund |
| Марш на видливост 2023 | март 2023 | Одбележан 31ви март меѓународен ден на видливоста на транс заедницата под мотото И мојот идентитет постои | https://www.flickr.com/photos/fosim/albums/72177720307166649/ | International Trans Fund |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 20 Ноември (Transgender Day of Remembrance) | ноември 2023 | Изработка на онлајн картичка за денот и промоција на социјални медиуми | / | TGEU |
| Подготовка и пуштање на веб страна на ТрансФормА (активност на ТрансФормА) | 2023 година | | https://transforma.mk/ | International Trans Fund |
| Обезбедување на психолошка поддршка за транс лица | тековно 2023 | Обебзедена континуирана психо-социјална поддршка на 10 транс лица | / | ФООМ, TGEU, International Trans Fund |
| Обезбедување на правна помош за транс лица | 2023 тековно | Обезбедено правно советување и судско застапување за 15 транс лица од правниот тим на Коалиција МАРГИНИ | / | ФООМ, TGEU, International Trans Fund |
| Подготовка на Нацрт-правилник за пријавување и заштита на ученици-жртви во средното образование | јануари – декември 2023 | Во соработка со Бирото за развој на образованието беше организирана фокус група со претставници од основното образование и работна средба со 15 претставници од средните училишта за подготовка на Нацрт-правилникот за пријавување и заштита на ученици-жртви на насилство во средното образование. Подготвен е нацрт-текст кој содржи одредби за заштита од дискриминација, родово базирано насилство и дискриминација врз основа на родов идентитет, како основа за идното усвојување од страна на БРО. | Нацрт-правилник; записници од работни состаноци; листи на учесници; агенди. | Ensuring Gender Equality through Education – The Kvinna till Kvinna Foundation |
| Соработка со Бирото за развој на образованието за развој на наставна програма и наставни материјали за изборен предмет за родова еднаквост | јануари – декември 2023 | Преку редовни месечни состаноци со Бирото за развој на образованието, застапување за недискриминаторски наставни содржини и експертска поддршка | Годишен план за работа со БРО; записници од состаноци; нацрт | Ensuring Gender Equality through Education – The Kvinna till Kvinna Foundation |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во образовните политики, Коалиција МАРГИНИ беше избрана да ја подготви наставната програма и наставните материјали за нов изборен предмет за родова еднаквост и родово базирано насилство во основното образование. | наставна програма; меморандум за соработка. | |
| Обуки за наставници, психолози и педагози за примена на Правилникот за заштита на ученици-жртви и превенција од родово базирано насилство | септември – декември 2023 | Реализирана е дводневна обука за 15 наставници, психолози и педагози од 6 основни училишта за примена на Правилникот за пријавување и заштита на ученици-жртви. Потоа беа избрани 12 учесници за обука на обучувачи (ТоТ), од кои 10 реализираа пренос на знаењето во своите училишта, придонесувајќи кон одржливост и поширока примена на механизмите за превенција од родово базирано насилство. | Агенди; листи на учесници; материјали за обука; евалуациски прашалници; фотографии. | Ensuring Gender Equality through Education – The Kvinna till Kvinna Foundation |
| Подготовка на придонеси за Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија и застапување за интерсекциски пристап кон родовата еднаквост | мај – октомври 2023 | Во соработка со Националната мрежа против хомофобија и трансфобија беа подготвени и доставени писмени придонеси до Делегацијата на ЕУ и DG NEAR за состојбата со родовата еднаквост и правата на ЛГБТИК+ лицата во Северна Македонија, со цел нивно вклучување во Извештајот на Европската комисија. | Поднесен придонес; записници од координативни состаноци; кореспонденција со ЕУ Делегацијата. | Ensuring Gender Equality through Education – The Kvinna till Kvinna Foundation |
| Меѓународно застапување за родова еднаквост и инклузивно образование во рамки на процесот на пристапување кон ЕУ | ноември 2023 | Коалиција МАРГИНИ учествуваше на Advocacy Week во Брисел, каде беа одржани состаноци со претставници на Европската комисија и Европскиот парламент за прашања поврзани со анти-родовите движења, говорот на омраза, родовата еднаквост, ЛГБТИК+ правата и потребата од | Агенда; листи на состаноци; извештај од Advocacy Week; фотографии. | Ensuring Gender Equality through Education – The Kvinna till Kvinna Foundation |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | усвојување на Законот за родова еднаквост и Законот за матична евиденција. | | |
| Организација на национална конференција за родова еднаквост и влијанието на антиродовите движења | октомври 2023 | Како координатор на Мрежата за заштита од дискриминација, Коалиција МАРГИНИ ја организираше завршната национална конференција „Разбивање стереотипи, разоткривање невистини и трасирање на патот за родова еднаквост". Конференцијата отвори јавна дебата за влијанието на антиродовите движења врз политиките за родова еднаквост и недискриминација, како и за системската дискриминација на жените од руралните средини. Во рамки на настанот беше промовирано документарното видео **„Земјоделки – светулки на маката"**, беа презентирани клучните наоди од анализата за правата на земјоделките, а преку два тематски панели беа обединети претставници на државни институции, Собранието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, академската заедница и граѓанските организации, со цел унапредување на законските политики за родова еднаквост и зајакнување на отпорноста кон антиродовите кампањи. Дополнително, во рамките на активностите беше организирана регионална конференција во Прилеп по повод Меѓународниот ден на руралните жени, посветена на социјалните и здравствените права на жените од руралните средини и потребата од законски измени за еднаков пристап до породилно отсуство, боледување и социјална заштита. | Агенда на конференцијата; листи на учесници; фотографии; документарен филм „Земјоделки – светулки на маката"; анализа; медиумски објави. | Мрежа за заштита од дискриминација - CIVICA |

Број: 0805-50/150020260182961

Датум и време: 6.5.2026 г. 11:54

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 06.05.2026 во 11:54
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**/Електронски издаден документ/**

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 5954096 |
| **Целосен назив:** | Здружение на граѓани Реактор-истражување во акција Скопје |
| **Кратко име:** | РЕАКТОР Скопје |
| **Седиште:** | БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ бр.18-1/11 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Вид на субјект на упис:** | ДРУГО |
| **Датум на основање:** | 25.1.2005 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Недефинирана |
| **ЕДБ:** | 4030005548897 |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 10.9 - останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани |
| **Надлежен регистар:** | Регистар на здруженија и сојузи |

| | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. |

**Овластени лица**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме:** | ТАЊА ИВАНОВА |
| **Адреса:** | КРАТОВСКА бр.8 ШТИП, ШТИП |
| **Овластувања:** | Претседател |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |



**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

| | |
|---|---|
| | |
| **Дополнителни информации:** | Цели: - Социо-економско истражување на Република Македонија, нејзините институции и правни акти; - Обезбедување точни, навремени и самостојни податоци за состојбите во Република Македонија и обезбедување нивна стручна анализа; - Подигање на свеста, за значењето на одредени прашања и поттикнување на процеси на креирање на политики за нивно уредување и унапредување; и - Поддршка и олеснување на процесот на европеизација на Република Македонија. |
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | info@reactor.org.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.



**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
[illegible]

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

# С Т А Т У Т

***- пречистен текст -***

Скопје, март 2021

Во согласност со членовите 16 и 18 од Законот за здруженија и фондации и членовите 8-13 од Статутот на здружението, Собранието на здружението на граѓани Реактор – истражување во акција, на вондредна седница одржана на 31 март 2021 година, донесе:

# С Т А Т У Т
на
Здружението Реактор – истражување во акција

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Реактор е невладино, непартиско и непрофитно здружение, кое се занимава со истражувања ориентирани кон креирање на политики со цел поттикнување на дискусии, оддржлив развој на Република Северна Македонија и нејзина европеизација.

**Член 2**

Реактор има својство на правно лице и е запишно во регистарот на невладини организации (здруженија и фондации) во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Здружението се организира и делува на подрачјето на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Полното име на здружението е „Реактор – истражување во акција“ со седиште во Скопје, а кога е тоа потребно ќе се користи и скратеницата Реактор.

Името на здружението на македонски јазик и со кирилично писмо како и неговиот заштитен знак се наоѓаат на печатот на здружението.

Здружението за комуникација со странство ќе го користи името преведено на англиски јазик (ReActOr – Research, Action, Organization) и печат со истото на латинско писмо.

**Член 4**

Седиштето на Здружението е на булевар „Партизански одреди“ бр. 18-1/11, 1000 Скопје.
Здружението се организира и делува на целата територија на Северна Македонија.

Заштитниот знак на здружението е стилизирани букви „Реактор – Истражување во акција“.
Здружението има свој печат и штембил.
Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Реактор – Истражување во акција - Скопје и неговото лого:

РЕАКТОР
истражување во акција

Штембилот на Здружението е правоаголен и на него е испишан следниов текст:
РЕАКТОР - Скопје
Број -------------

-------/-------година
Скопје.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 5**

Цели на здружението се:

- Социо-економско истражување на Република Северна Македонија, нејзините институции и правни акти;
- Обезбедување точни, навремени и самостојни податоци за состојбите во Република Северна Македонија и обезбедување нивна стручна анализа;
- Подигање на свеста, за значењето на одредени прашања и потикнување на процеси на креирање на политики за нивно уредување и унапредување; и
- Подршка и олеснување на процесот на европеизација на Република Северна Македонија.
- Промовирање на родовата еднаквост
- Унапредување на статусот и положбата на младите
- Промовирање на партиципативен урбан развој
- Промовирање на отворено, партиципативно и инклузивно носење на одлуки на национално и локално ниво.

**Член 6**

Своите цели здружението ги остварува со:

- Истражувачка дејност во областа на дејствување;
- Одржување и организирање на тренинг курсеви, семинари, работилници, тркалезни маси и други форми на дебата и обука;
- Организирање на дебати, дискусии, кампањи, промоции, и други форми на дејствување.
- Изготвување и издавање на публикации во печатена и електронска форма;
- Формирање на база на податоци, кои што може да ги користи за остварување на своите цели;
- Преведување на закони и друга литература од областа во која што делува;
- Користење на нови технологии, онлајн апликации и веб алатки.

**Член 7**

Здружението може да воспоставува и меѓународна соработка со слични странски и меѓународни здруженија и организации, согласно со позитивните меѓународни норми.

Здружението може да формира и регионални мрежи со слични странски здруженија, а може и да членува во веќе постоечките.

Реактор за подобро и поквалитетно остварување на своите цели може да користи и обезбеди и стручна поддршка и помош од јавноста.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 8**

Органи на здружението се Собрание, Извршен одбор, Претседател и Советодавно тело.

**Член 9**

Собранието на Реактор:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;

- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- одлучува за промена на целта на здружувањето;
- избира органи на здружението;
- избира и претседател;
- одлучува за отуѓување на имотот на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на здружението и
- врши и други работи во согласност со статутот и општите акти на здружението на граѓани.

**Член 10**

Седница на собранието свикува претседателот на здружението.

Седница на собранието се свикува и по предлог на извршниот одбор, или на 1/5 од вкупниот број членови на собранието.

Ако претседателот во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува извршниот одбор или иницијаторите.

Членовите на Собранието за седницата се известуваат по електронска пошта.

**Член 11**

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Собранието, по правило, одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните.

**Член 12**

На собранието се одлучува со јавно гласање, доколку со овој статут не е предвидено за определени прашања да се одлучува тајно.

Секој член на собранието има право на еден глас.

**Член 13**

Собранието на Реактор одлучува со двотретинско мнозинство за:
- измена и дополна на статут;
- за престанок или спојување на организацијата со друго здружение; и
- за промена на целта на здружувањето.

**Член 14**

Извршниот одбор на здружението е составен од 5 членови, кои се бираат со мандат од 2 години, со право на повторен реизбор. Мнозинството членови на ИО се од помаргинализираниот род во Република Северна Македонија.

Мандатот на член на ИО може да престане и пред време, по негово барање или со одлука на Собрание.

**Член 15**

Извршниот одбор:
- ги подготвува седниците на собранието;
- го подготвува нацртот на статутот и другите одлуки што треба да ги донесе собранието;
- одлучува за прием на нови членови и престанок на членувањето;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од собранието;

- формира стручна служба и врши контрола врз нејзината работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- подготвува годишен извештај за својата работа;
- врши надзор врз работата на претседателот;
- усвојува внатрешни политики;
- врши и други работи.

**Член 16**

Извршниот одбор работи на седници, со кои претседава Претседателот на одборот, кој се избира од членовите на Извршниот одбор со мнозинство гласови. Извршниот одбор, по правило, се состанува четири пати годишно.

Извршниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните. Извршниот одбор може да одлучува и по електронски пат.

Претседателот на ИО ги подготвува седниците на Извршниот одбор.

**Член 17**

Претседателот на Реактор:
- го застапува здружението пред трети лица;
- потпишува договори во име на здружението;
- е потписник на сметката на здружението;
- ја потпишува завршната сметка на здружението;
- ги реализира внатрешните политики на здружението;
- врши други работи утврдени со статутот и со деловник за работа на Извршниот одбор, по претходно известување и одобрување од извршниот одбор.

Претседателот го избира Собранието со мандат од 2 (две) години, и право на повторен избор.

Доколку природата на работата не трпи одлагање, претседателот е должен да постапи во интерес на здружението, а за своето дејствување да го извести ИО на наредната седница.

**Член 18**

Извршниот одбор за својата работа му поднесува извештај на Собранието, на неговата редовна седница еднаш годишно, кој што Собранието треба да го одобри.

Претседателот за својата работа му поднесува извештај на извршниот одбор, квартално.

**Член 19**

За работата на Извршниот одбор членовите ќе бидат информирани по секоја седница со поднесување на записник.

За комуникација со членовите се грижат стручните служби на здружението.

**Член 20**

Советодавно тело

Советодавното тело работи на седници, и се состанува по потреба. Членовите на телото се бираат од страна на Собранието по предлог на Советодавното тело, од редот на поранешни основачи, претседатели и лица кои имале раководни улоги во организацијата.

Советодавното тело го советува претседателот во неговата работа, а по негово барање може да го советува и Извршниот одбор. Советодавното тело може да одлучува и работи и по електронски пат.

Советодавното тело го избира Собранието и во него можат да членуваат основачите на здружението, претседатели кои повеќе не ја извршуваат функцијата претседател и други стручни лица што ќе ги предложи Собранието или постоечките членови на Советодавното тело.

## СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ НА РЕАКТОР

**Член 21**

Здружението може да се стекнува со имот на начин и под услови утврдени со закон и со овој Статут.

Средствата за работа на здружението можат да се обезбедат преку: членарина, донации, грантови, подароци, прилози, спонзорства и од приходи од стручни и други активности на друштвото.
Здружението може да добива средства и од Буџетот на РМ, буџетите на единиците за локална самоуправа и буџетот на град Скопје, согласно со одредбите на законот.

**Член 22**

За стекнување на имот на здружението одлучува Извршниот одбор, и истиот води евиденција за него.

Имотот на здружението се состои од движен и недвижен имот, истиот е неприкосновен и служи исклучиво за негови потреби, програмски цели и определби.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 6

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 23**

Работата на здружението е јавна.

За работата и активностите на здружението јавноста се информира преку веб страната на здружението, преку прес конференции, или преку печатените или електронските материјали што ќе бидат објавени и дистрибуирани.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 24**

Член на здружението може да биде секој полнолетен граѓанин – државјанин на РМ, кој е квалификуван за истражувачка работа дефинирана во член 1 од овој Статут, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање писмена изјава и кој ќе ги прифати целите и задачите на здружението наведени во овој Статут, како и методите за остварување на истите.

Во здружението можат да членуваат и партиципираат и правни лица регистрирани на територија на РМ, како и физички лица кои не се државјани на РМ, под услови и на начин определени со закон.

За членство во здружението одлучува Извршниот одбор.

Секој член има право да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението и да придонесува во развојот и популарноста на Здружението.

Реактор – истражување во акција – Скопје за своите членови води регистар на членство, кој се ажурира еднаш годишно.

**Член 25**

Членството во здружението може да престане со писмена изјава од членот, со исклучување заради непочитување на одредбите на статутот и другите акти, а по одлука на Извршниот одбор.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Овој Статут може да биде изменет на начин на кој што е донесен, по иницијатива на Извршниот одбор, или 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Иницијативата треба да има аргументирано образложение.

**Член 27**

Предлог Статутот како и предлог измените и дополнувањата се ставаат на расправа најмалку 7 дена пред неговото донесување, а се усвојуваат согласно член 13 на овој Статут.

**Член 28**

Статутот влегува во сила веднаш по неговото усвојување.

Сите акти на здружението мора да се во согласност со овој статут.

**Член 29**

За престанок на здружението одлучува Собранието со двотретинско мнозинство гласови ако:

- бројот на членови се намали под бројот потребен за основање;
- Уставниот Суд на РМ утврди дека Статутот и Програмата на здружението не се во согласност со Уставот;
- се утврди дека здружението фактички престанало со работа; и
- во други случаи утврдени со закон.

**Член 30**

По престанокот на друштвото, намирувањето на обврските и бришењето од регистарот на Здруженија на граѓани, имотот на здружението ќе и припадне на невладина или хуманитарна организација.

Скопје, 31.03.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

Претседателка
Тања Иванова

ЕМБС: 05954096
Целосно име: Здружение на граѓани Реактор-истражување во акција Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 1.543.141,00 | | | 2.025.956,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 3.540,00 | | | 41.877,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 53.164,00 | | | 66.458,00 |
| 204 | - - Други услуги | 529.171,00 | | | 894.485,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 166.099,00 | | | 277.575,00 |
| 206 | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 47.366,00 | | | 71.856,00 |
| 209 | - - Наемнини | 522.537,00 | | | 530.796,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | 221.264,00 | | | 142.909,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 3.114.442,00 | | | 11.370.415,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 69.437,00 | | | 89.616,00 |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 40.260,00 | | | 93.267,00 |
| 216 | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 77.561,00 | | | 3.096,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | 27.920,00 | | | 67.083,00 |
| 218 | - - Членарини | 4.600,00 | | | |
| 219 | - - Други расходи | 1.668.689,00 | | | 3.408.879,00 |
| 220 | - - Издатоци за меѓународна соработка | 1.225.975,00 | | | 7.708.474,00 |
| 222 | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | | | | 65.075,00 |
| 224 | - - Средства за опрема | | | | 65.075,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 5.683.743,00 | | | 5.375.742,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 5.683.743,00 | | | 5.375.742,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 10.341.326,00 | | | 18.837.188,00 |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи- | 1.423.673,00 | | | 2.406.747,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 1.423.673,00 | | | 2.406.747,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 11.764.999,00 | | | 21.243.935,00 |
| 240 | - - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242) | 6.600,00 | | | |
| 242 | - - Приходи од услуги | 6.600,00 | | | |
| 243 | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 12.867,00 | | | 6.405,00 |
| 244 | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 9.255.119,00 | | | 19.762.465,00 |
| 247 | - - Други приходи | 449.365,00 | | | 51.392,00 |
| 248 | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 2.041.048,00 | | | 1.423.673,00 |
| 250 | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 11.764.999,00 | | | 21.243.935,00 |
| 252 | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 11.764.999,00 | | | 21.243.935,00 |
| 438 | - - Број на работници | 7,00 | | | 8,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 289.664,00 | 2.573.585,00 | 2.351.776,00 | 221.809,00 |
| 2 | - - НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 31.414,00 | 172.513,00 | 153.699,00 | 18.814,00 |
| 3 | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 258.250,00 | 2.401.072,00 | 2.198.077,00 | 202.995,00 |
| 6 | - - Опрема | 258.250,00 | 2.401.072,00 | 2.198.077,00 | 202.995,00 |
| 10 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 1.433.263,00 | 2.416.337,00 | | 2.416.337,00 |
| 11 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 1.423.673,00 | 2.406.747,00 | | 2.406.747,00 |
| 12 | - - Жиро сметка | 1.250.841,00 | 2.152.786,00 | | 2.152.786,00 |
| 14 | - - Девизна сметка | 172.832,00 | 253.961,00 | | 253.961,00 |
| 24 | - - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | 9.590,00 | 9.590,00 | | 9.590,00 |
| 25 | - - Однапред платени разграничени трошоци | 9.590,00 | 9.590,00 | | 9.590,00 |
| 42 | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 1.722.927,00 | 4.989.922,00 | 2.351.776,00 | 2.638.146,00 |
| 44 | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 289.664,00 | | | 221.809,00 |
| 45 | - - Деловен фонд | 289.664,00 | | | 221.809,00 |
| 51 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ | 9.590,00 | | | 9.590,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| [illegible] | Други краткорочни обврски | [illegible] | | | [illegible] |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 1.423.673,00 | | | 2.406.747,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 1.423.673,00 | | | 2.406.747,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 1.722.927,00 | | | 2.638.146,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **620** | - - Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 002 од БС) | 31.414,00 | | | 18.814,00 |
| **675** | - - Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 324.791,00 | | | 442.062,00 |
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 522.522,00 | | | 885.812,00 |
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 3.759.275,00 | | | 3.564.099,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 1.591.415,00 | | | 1.505.193,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 333.053,00 | | | 306.450,00 |
| **687** | - - Приходи од позитивни курсни разлики (< или = на АОП 243 од БПР) | 12.867,00 | | | 6.405,00 |
| **688** | - - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР) | 9.255.119,00 | | | 19.762.465,00 |
| **692** | - - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР) | 449.365,00 | | | 51.392,00 |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 7,00 | | | 8,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 1.423.673,00 | | | 2.406.747,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 1.423.673,00 | | | 2.406.747,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 1.423.673,00 | | | 2.406.747,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **4631** | - 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. | | | | 21.243.935,00 |

**Потпишано од:**

GRACIELA PETROVSKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G3, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G3

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

РЕАКТОР
истражување во акција

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025

20 YEARS OF RESEARCH IN ACTION

## ВОВЕД

**Реактор – Истражување во акција: Приказна за докази, промени и визија**

Дваесет години. Две децении поставуваме смели прашања, слушаме обрнувајќи внимание и делуваме врз база на откриените податоци. Во 2025 година, наместо само со тивка рефлексија, Реактор го одбележа својот јубилеј со енергијата и предаденоста кои отсекогаш нè карактеризирале, бидејќи работата со која се занимаваме е исклучително важна, а моментот во кој се наоѓаме премногу критичен за да постапиме поинаку.

Оваа јубилејна година уште долго ќе ја паметиме. Прославивме со нашата заедница, нашите партнери и нашите сојузници — си дозволивме момент на радост, вклучително и поддршка на уметничка изложба која ги оживеа нашите вредности во сосема поинаков регистар. 2025 нè потсети дека културата, креативноста и граѓанската храброст одат рака под рака. Горди сме на сè што постигнавме, а постигнавме многу.

Истовремено, нема да се преправаме дека ова беше лесна година. Глобалниот контекст стана уште понестабилен: нееднаквоста се продлабочи, демократското назадување се забрза, движењата кои се спротивставуваат на човековите права добија на сила, а климатската криза сè посилно ги погодуваше заедниците со кои работиме. Поблиску до дома, независните граѓански организации во нашиот регион продолжија да се соочуваат со сериозни финансиски предизвици. Вложивме значителни напори во планирањето на нашата одржливост и обезбедувањето финансиски средства, и со гордост можеме да кажеме дека успеавме да ги обезбедиме ресурсите потребни за нашата работа да продолжи. Патот бараше посветеност, креативност и голема истрајност, но не го изгубивме од вид хоризонтот, ниту пак ја изгубивме посветеноста кон она што го правиме.

Затоа што токму тоа ја претставува нашата работа. Тука сме – за нашите истражувања, за нашите партнери и за заедниците чии искуства и реалности ја обликуваат секоја наша активност. Работиме со истата посветеност, без оглед на околностите, затоа што никогаш не се двоумиме кога станува збор за нашата мисија.

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

Во 2025 година продолживме да го поддржуваме патот на Северна Македонија кон Европската Унија, да ги унапредуваме родовата еднаквост и правата на жените, да ги засилуваме гласовите на младите и да придонесуваме кон развојот на граѓанскиот екосистем неопходен за одржливи општествени промени. Локалните сознанија ги пренесувавме на регионални и европски платформи, придонесувавме во важни јавни и политички дебати и ги продлабочувавме партнерствата низ Западен Балкан и пошироко. Нашите истражувања останаа темелни, застапувањето доследно, а нашата посветеност на интерсекционален, феминистички и на докази заснован пристап – непоколеблива.

Ништо од ова не би било можно без луѓето. Тимот на Реактор – истражувачите, координаторите, комуникаторите и сите колеги и колешки кои секојдневно ја одржуваат организацијата – вложија огромна енергија, знаење и посветеност. Нивната креативност, истрајност и отпорност, и покрај бројните предизвици, се најдобриот показател за тоа што претставува Реактор. Овој извештај им припаѓа ним исто толку колку што му припаѓа и на Реактор. Ви благодариме – искрено и од срце – за сè што направивте.

Додека го затвораме дваесеттото и го отвораме дваесет и првото поглавје од нашата приказна, продолжуваме понатаму со јасна визија, ентузијазам и непоколеблива верба дека работата заснована на докази и втемелена во потребите на заедниците навистина може да го менува светот. Следните дваесет години започнуваат токму сега.

По повод овој значаен јубилеј, ги покануваме нашите партнери, сојузници и поддржувачи – долгогодишни и идни – да зачекорат со нас во ова ново поглавје.

Да продолжиме да поставуваме храбри прашања, да споделуваме знаење и заедно да градиме свет во кој еднаквоста и правдата нема да бидат далечни идеали, туку секојдневна и трајна реалност.

Ви благодариме!

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

РЕАКТОР
истражување во акција

# ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ И ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ (ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ)

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ЕУ застапување: *Пристапување кон ЕУ за кого? – Правата и учеството на жените во Западен Балкан*

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈАНУАРИ 2021 - ДЕКЕМВРИ 2026

**ДОНАТОР:** ФОНДАЦИЈА KVINNA TILL KVINNA

Регионалната програма на Kvinna till Kvinna, *„Пристапување кон ЕУ за кого? – Правата и учеството на жените во Западен Балкан"*, која ги опфаќа сите шест земји од Западен Балкан во процесот на пристапување кон Европската Унија, има за цел **да ги унапреди правата на жените и нивното еднакво учество во процесите на донесување одлуки, со особен фокус на интегрирањето на родовата перспектива во процесот на пристапување кон ЕУ**. Програмата се спроведува во тесна соработка со женските граѓански организации, чие долгогодишно искуство во областа на градењето мир, демократијата, владеењето на правото и вклучувањето на жените во пристапниот процес претставува клучен двигател за унапредување на положбата на жените во регионот.

Повеќегодишниот проект на Реактор придонесува кон унапредување на родовата еднаквост во Северна Македонија преку зајакнување на законската и стратешката рамка заснована на докази, интегрирање на родовата перспектива во јавните политики и промовирање на употребата на родово разделени статистички податоци. Истовремено, проектот има за цел да ја зголеми видливоста на женските права во процесот на пристапување кон Европската Унија и да го зајакне суштинското учество на женските граѓански организации во процесите на донесување одлуки на национално и европско ниво.

Во текот на 2025 година, **Реактор продолжи да биде еден од клучните чинители во областа на родовата еднаквост во Северна Македонија и регионот**, активно придонесувајќи во консултативни и застапувачки процеси насочени кон институции на локално, национално и европско ниво. Нашата работа вклучуваше редовна соработка со претставници на националните институции, институциите на Европската Унија, единиците на локалната самоуправа, како и регионални и меѓународни организации.

Една од најзначајните компоненти на проектот останува подготовката на годишните препораки за Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија. Во 2025 година активно придонесовме и во подготвителната и во последователната фаза на процесот преку писмени поднесоци, национални и бриселски консултации, како и подготовка на застапувачки материјали. Преку овие активности ги истакнавме клучните предизвици поврзани со застојот во донесувањето на законите од областа на родовата еднаквост, ограничувањето на партиципативната демократија и учеството на жените во процесите на одлучување, пошироките демократски назадувања и сè посилното влијание на анти-родовите наративи.

Реактор активно учествуваше и во структурираниот дијалог во рамки на Акцискиот план на ЕУ за родова еднаквост III (ГАП III), придонесувајќи кон процесите на следење и известување. Дополнително, обезбедивме поддршка на други организации во подготовката на заеднички застапувачки документи и ги координиравме националните придонеси за Пакетот за проширување на ЕУ за 2025 година, како и изработката на анализи за учеството на жените на локално ниво и за граѓанското учество во креирањето политики. Овие материјали беа доставени до релевантни претставници на Европската Унија, вклучително и европратеници, претставници на Европската комисија и делегации на земјите членки. Воедно, Реактор учествуваше на повеќе значајни меѓународни настани, меѓу кои на Неделата за застапување на ЕУ во Брисел и на Глобалниот форум за дијалог за ГАП.

Во текот на годината продолживме активно да ја претставуваме и промовираме **Коалицијата EQUAPRO**, регионална мрежа на феминистички организации посветени на унапредување на родовата еднаквост, демократијата и владеењето на правото во Западен Балкан. Иако поради завршувањето на претходниот проект не беа реализирани нови активности во рамки на коалицијата, Реактор обезбеди нејзините приоритети да останат видливи преку интегрирање на заедничките пораки во тековните активности за застапување пред институциите на Европската Унија, како и преку заеднички напори за обезбедување нови можности за финансирање. Приоритетите на EQUAPRO беа претставени за време на на **Неделата за застапување на ЕУ во Брисел, Форумот за родова еднаквост и Форумот на граѓанското општество во рамки на Берлинскиот процес**, каде што учествувавме и како главни известувачи на Работната група за род и различност втора година по ред. Овие средби претставуваа и можност за консултации со партнерските организации и планирање на идните заеднички застапувачки активности.

**На национално ниво**, Реактор продолжи активно да учествува во процесите поврзани со пристапувањето кон Европската Унија. Преку **Националната платформа за родова еднаквост (НПРЕ)**, во која членуваат најмалку 27 женски граѓански организации, координиравме заеднички иницијативи и обезбедивме бројни писмени и усни коментари во рамки на консултативните процеси за стратешки и законски документи, со цел посилно интегрирање на родовата перспектива. И покрај овие напори, донесувањето на клучните

законски решенија, како што се **Законот за родова еднаквост**, **Законот за заштита од вознемирување на работното место** и новиот **Закон за работни односи**, продолжи да се соочува со институционални одложувања и отпор. Сепак, остануваме посветени на застапувањето за нивно конечно усвојување. Како што беше нотирано и во Извештајот на Европската комисија, ваквиот застој е тесно поврзан со засилувањето на анти-родовите и антидемократските движења, кои и понатаму го попречуваат напредокот во оваа област.

Во 2025 година Реактор ја заврши и подготовката на **Извештајот во сенка (Shadow Report) за имплементацијата на Националната стратегија за родова еднаквост (2022–2027)**. Станува збор за четврта независна анализа на имплементацијата на националната стратегија и акцискиот план, која нуди критички осврт на постигнатиот напредок, но и на постојните слабости и предизвици. Извештајот укажува на недоволна институционална координација, недоволно буџетирање за родово одговорни политики и ограничено учество на ЖГО во процесите на следење и евалуација. Тој ќе претставува значајна алатка за понатамошно застапување пред државните институции и меѓународните партнери, а неговото официјално објавување е планирано во следната извештајна година.

Во текот на годината, Реактор ги користеше и ажурираните Локален индекс за родова еднаквост **(ЛИРЕ) и платформите на Родов Реактор, користејќи ги нивните податоци за информирање на националните и локалните застапнички напори. Овие алатки остануваат централни за нашиот пристап заснован на докази за следење на резултатите од родовата еднаквост во општините и секторите низ земјата.**

Ред други комплементарни активности беа спроведени во рамките на проектот за зајакнување на неговите цели и подобрување на синергијата со другите програми. Тие се целосно документирани во интерните извештаи на Реактор доставени според временската рамка и буџетските насоки на донаторот.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО АКЦИЈА: ГРАДЕЊЕ РОДОВО-ИНКЛУЗИВНИ ЈАВНИ ПРОСТОРИ / ПРЕОСВОЈУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ПРЕКУ ФЕМИНИСТИЧКА УРБАНИСТИЧКА ИНТЕРВЕНЦИЈА

**ДОНАТОРИ:** *Фондацијата Kvinna till Kvinna и UK International Development*

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** 1 АПРИЛ 2024 – 31 МАРТ 2025; 1 АВГУСТ 2025 – 31 МАРТ 2026

**ОРГАНИЗАЦИИ-СПРОВЕДУВАЧИ:** Реактор – Истражување во акција, во партнерство со Ladybug (Mollëkuqja) (дел од регионален конзорциум од 18 организации)

Насилството врз жените и девојчињата (НВЖД) и понатаму претставува едно од најраспространетите и најдлабоко вкоренети прекршувања на човековите права на глобално ниво. Во Северна Македонија, и покрај усогласувањето на законодавството со меѓународните стандарди и видливиот напредок во институционалните заложби, сè уште постојат значајни

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

предизвици во спроведувањето и примената на законите и политиките. Меѓу нив се недостигот од специјализирани знаења кај институциите задолжени за постапување, ограничената јавна информираност – особено за поновите препознаени форми на родово базирано насилство – како и недоволните инвестиции во превенција и заштита.

Една од областите што и понатаму останува недоволно истражена е **родово базираното насилство во јавниот простор**, каде што заканите по безбедноста на жените често се нормализираат или остануваат невидливи. Реактор досега реализираше три циклуси од своето **водечко истражување за безбедноста на жените во јавните простори** – истражувачка и застапувачка иницијатива која во изминатите години значително придонесе кон отворање на националната дебата за родово сензитивно урбано планирање. Третото издание, објавено на почетокот на 2025 година, претставува важна пресвртница бидејќи, покрај тоа што овозможува следење на трендовите низ времето, се совпадна со започнувањето на националната иницијатива „Безбедни градови“ на Министерството за внатрешни работи, создавајќи можност за поинтензивен дијалог со институциите за родовите аспекти на безбедноста во јавниот простор. Истражувањето оваа година ги опфати општина Центар во Скопје и градот Тетово, каде што организацијата „ЛГБТИ Центар за поддршка – Маргини“ претходно ја применуваше методологијата на Реактор за иницијално мапирање на состојбите. Проширувањето на истражувањето беше овозможено преку партнерството со тетовската феминистичка организација **Ladybug (Mollekuqja)**, која придонесе со локално знаење, воспоставени партнерства и силна посветеност на родовата еднаквост.

Во втората половина на 2025 година започнавме нова фаза од проектот, насочена кон **преосвојување на јавниот простор преку феминистички пристап кон урбаниот развој**. Урбаното планирање во многу градови низ државата сè уште ретко ги зема предвид различните искуства и потреби на жените, мажите, девојчињата и момчињата. Улиците, парковите, јавниот превоз и другите заеднички простори најчесто се планираат без родова перспектива, поради што многу жени и девојчиња секојдневно се движат низ градот со чувство на несигурност, исклученост или страв.

Оваа фаза на проектот одговара на овие предизвици преку комбинирање на феминистичко истражување, методологии засновани на заедницата и насочено застапување. Особен акцент се става на **партиципативна вклученост на жените и девојките**, како и на развојот на **родово-сензитивна методологија за проценка на јавните простори**. Преку овие процеси, проектот ги засилува живеаните искуства и ги претвора во **применливи докази за институционалните засегнати страни**.

Истовремено, проектот придонесува кон застапување за родово одговорно урбано планирање и поефикасен институционален одговор на родово базираното насилство во јавниот простор, како на локално, така и на национално ниво. Значаен дел од активностите е насочен и кон подигнување на јавната свест преку медиумски кампањи и дигитални алатки, вклучително и понатамошниот развој и промоција на платформата **„Реагирај!“** – веб-страница и мобилна

апликација за анонимно пријавување случаи на сексуално вознемирување и насилство, која Реактор ја разви уште во 2012 година.

Со оваа иницијатива не само што создаваме нови сознанија, туку и активно **ги преиспитуваме постојните практики** и се залагаме за јавни простори што ги ставаат безбедноста, достоинството и правото на еднакво користење во центарот на урбаното планирање. Преку идентификување на факторите што придонесуваат за чувството на небезбедност и преку **вклучување на институциите, локалните власти, безбедносните служби, урбанистите, граѓанските организации и локалните заедници**, работиме кон создавање градови што подобро одговараат на потребите на сите граѓани, а особено на жените и девојчињата.

**Клучни публикации (2025):**

- **Родово-базирано насилство врз жените и девојките во јавните простори во Скопје и Тетово** – Клучни наоди, и Главен извештај на македонски и англиски јазик
- (почеток на 2026 година) **Град за сите? Родовата димензија на јавниот простор** – Главен извештај на македонски и англиски јазик

Овој проект ја одразува растечката работа на Реактор на пресекот на **родовата перспектива, урбаните политики и институционалната одговорност**, и придонесува кон поширокото феминистичко движење за **безбедни, правични и инклузивни градови** за сите.

## БЕРЛИНСКИ ПРОЦЕС - ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И THINK TANK ОРГАНИЗАЦИИТЕ

**ДОНАТОР:** *мал придонес од British Council - FCDO, поддржан преку синергијата со програмата за застапување на ЕУ (Kvinna till Kvinna)*

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈУНИ 2025 - АПРИЛ 2026

Како дел од својата континуирана посветеност кон феминистичка, инклузивна и партиципативна ЕУ интеграција, **Реактор – Истражување во акција** продолжи да игра клучна улога во **Берлинскиот процес 2025**, со силен фокус на промовирање на **родовата еднаквост и различноста** како составни елементи на патот на Западен Балкан кон пристапување кон ЕУ. Ова учество беше делумно поддржано од **Британскиот совет и FCDO на Обединетото Кралство**, како и преку синергијата со тековната **Програма за застапување на ЕУ**.

Клучно, **Реактор продолжи да биде водечка организација на новоформираната Регионална работна група за родова еднаквост и различност**, значаен успех во историјата на Берлинскиот процес. Оваа работна група беше формирана за прв пат по повод **10-годишнината од Берлинскиот процес**, по **постојани заеднички застапнички напори** водени од **Регионалната мрежа за застапување на ЕУ координирана од Фондацијата**

**Kvinna till Kvinna**, чиј дел е Реактор. Нејзиното формирање означи историски пресврт кон препознавање на стратешката улога на родовата еднаквост и интерсекционалноста во мирот, безбедноста и демократскиот развој низ Западен Балкан.

Ангажманот започна со **онлајн подготвителни работилници** кои се одржуваа често меѓу известувачите и главниот координатор, а се одржаа и 6 различни настани во живо низ сите земји, при што еден од нив се случи во **Скопје во јули 2025 година**, кои собраа феминистички и други политички ориентирани ГО и think-tank организации од целиот регион и вклучените земји. Работилниците имаа за цел да ги консолидираат регионалните застапнички позиции, да ги усогласат пораките околу приоритетите за родова еднаквост и да подготват придонеси за претстојните настани.

Во **септември 2025 година**, Реактор учествуваше на **главниот Форум на граѓанското општество и think-tank организациите (CSF)** во **Црна Гора**, каде регионалните актери на граѓанското општество заеднички ги усовршуваа препораките за политики и ги зајакнуваа своите партнерства со националните и ЕУ институциите. Повторно, Реактор одигра важна улога на овој настан и ги презентираше резултатите од форумот пред широка публика од Западен Балкан и ЕУ.

Овој моментум продолжи и преку низа **политички настани на високо ниво**, на кои родовата еднаквост и различноста беа промовирани како неодминливи предуслови за демократските реформи. Истовремено, Реактор учествуваше во серија застапувачки активности со претставници на Европската Унија и земјите од Западен Балкан, залагајќи се за родово сензитивни реформски агенди и посилни институционални партнерства со феминистичките граѓански организации.

Овој повеќеслоен ангажман, заснован врз **лидерската улога на Реактор во Регионалната работна група за родова еднаквост и различност**, ја потврдува нашата долгорочна посветеност на градење поправеден, поинклузивен и подемократски регион, во кој родовата еднаквост не претставува дополнување на реформските процеси, туку е нивен суштински двигател и предуслов за одржлива и правична европска интеграција.

Како дел од нашата континуирана вклученост во Берлинскиот процес, во текот на 2026 година предвидовме нов циклус застапувачки активности. Со поддршка од Британскиот совет, продолжуваме да работиме на интегрирање на родовата перспектива во рамките на Берлинскиот процес, истовремено потсетувајќи ги националните, регионалните и европските чинители дека родовата еднаквост и различноста се клучни предуслови за стабилноста, демократската отпорност и успешната европска интеграција на Западен Балкан.

Проектот обезбедува практични и применливи препораки за застапување наменети за националните, регионалните и европските носители на одлуки. Преку овие активности, Реактор дополнително ја зацврсти својата позиција како релевантен глас во европските дебати за родовата еднаквост, демократското назадување и граѓанскиот простор,

овозможувајќи фокусиран и значаен придонес во сложените процеси на креирање политики преку стратешко користење на расположливите ресурси.

Некои од најновите активности (кои ќе бидат опфатени во следниот извештаен период), вклучуваат:

- Изработка на еднострана брошура (кратки сумирани информации) насловена „Реформската агенда на Северна Македонија (2024–2027) и Берлинскиот процес: Што претставуваат и зошто се важни“, каде се интегрирани клучни увиди од анализата на Планот за раст и Реформската агенда преку подостапни и попривлечни пораки за застапување.
- Развиена кратка онлајн кампања (визуелни објаснувачки материјали) која ги комбинира клучните наоди со препораките од Берлинскиот процес, насловена „Од регионални приоритети до национални реформи: Берлинскиот процес и Реформската агенда на Северна Македонија низ призмата на родовата еднаквост“ како и времеплов кој ја истакнува вклученоста на Северна Македонија во Берлинскиот процес и важноста на вклучувањето на родовата перспектива низ сите приоритети.

Овие активности, спроведени во синергија со други проекти, придонесоа кон зголемена регионална видливост и кон зајакнување на наративот за родовата еднаквост во период на брзи политички промени, вклучувајќи ги и тековните консултации и политички процеси на ЕУ.

## ПРЕКИНУВАЊЕ НА МОЛКОТ: КОРУПЦИЈА, МОЌ И МЕДИУМСКА СЛОБОДА НИЗ РОДОВА ПРИЗМА

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ: ЈАНУАРИ 2026 - ДЕКЕМВРИ 2026**

**ДОНАТОР:** МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, ВЛАДА НА ЛУКСЕМБУРГ

Наодите од завршениот истражувачки извештај од претходниот циклус на проектот (јули 2025 – декември 2025) укажуваат на неколку меѓусебно поврзани предизвици со кои денес се соочува (локалното) новинарство. Едно од најгорливите прашања е несигурната финансиска состојба на локалните медиуми, во комбинација со хроничен недостиг на човечки ресурси, што не само што го поткопува квалитетот и одржливоста на новинарската работа, туку ја зголемува и ранливоста на политички и економски притисоци.

Дополнителен структурен предизвик е опаѓачкиот интерес на младите луѓе за новинарството како професија, особено на локално ниво. Новинарството сè повеќе се перципира како несигурно, слабо платено и политички ограничено, што предизвикува загриженост за долгорочната иднина на независното и етичко известување. Истражувањето, исто така, ги нагласува постојаните родово-базирани предизвици во редакциите, вклучувајќи

нееднакви можности, родови очекувања и зголемена изложеност на новинарките на онлајн вознемирување и заплашување. Овие предизвици се дополнително отежнати со ниски нивоа на дигитална писменост, и кај новинарите и кај пошироката јавност, како и со значителна ерозија на јавната доверба во медиумите.

Пресудно, наодите ја потврдуваат распространетоста на корупцијата како централен фактор што ги обликува медиумските екосистеми, кој влијае врз уредничката независност, пристапот до информации и јавната перцепција за кредибилитетот и општествената улога на новинарството. Справувањето со овие предизвици бара не само институционални и политички интервенции, туку и континуирана вклученост на заедницата, иницијативи насочени кон младите и комуникациски стратегии насочени кон јавноста кои повторно ја потврдуваат вредноста на етичкото, родово-сензитивно и на луѓе фокусирано новинарство.

Градејќи врз наодите од истражувањето и претходната вклученост со локалните новинари, следната фаза на проектот ќе се фокусира на зајакнување на јавната свест, вклученоста на заедницата и учеството на младите, со особено внимание на младата публика како идни медиумски работници, критички консументи на медиуми и активни граѓани.

Севкупни цели:

- Да се зголеми јавната свест за структурните предизвици со кои се соочува локалното новинарство, со фокус на тоа како корупцијата, злоупотребата на моќ и родовите динамики ја поткопуваат слободата на медиумите и јавната доверба;
- Да се обнови довербата помеѓу новинарите и локалните заедници преку раскажување приказни фокусирано на луѓето и директна вклученост;
- Да се зајакне разбирањето на младите луѓе за корупцијата како системски и родов феномен, притоа опремувајќи ги со критичка медиумска писменост, етички новинарски вештини и алатки за одговорно раскажување приказни што ја поддржуваат локалната отчетност и известувањето во јавен интерес.
- Да се промовираат родово-сензитивни и инклузивни пристапи кон медиумското производство и претставување.
- Следствено на наодите од истражувачката студија, оваа помала компонента и последна активност на проектот ќе вклучи застапување засновано на докази и вклученост на засегнатите страни што овозможуваат поширока видливост на проектот и наодите од претходниот циклус.
- Заеднички, овие активности имаат за цел да отворат простор за дијалог, да ја зајакнат институционалната отчетност и да поттикнат конкретни последователни активности, притоа останувајќи вкоренети во улогата на Реактор како поддржувачки, на докази заснован актер кој придонесува однадвор, наместо да зборува во име на медиумскиот сектор. Поконкретно, целите се:
- Да се застапуваме за подобри работни услови, безбедност и одржливост на локалното новинарство, со особено внимание на родово-базираните ризици и притисоците поврзани со корупцијата;

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

- Да се зајакне свеста и отчетноста на институциите (и новинарските синдикати) во однос на структурните предизвици со кои се соочуваат локалните медиуми;
- Препораките за унапредување да бидат вкоренети во живеаните искуства на локалните новинари;
- ГО да придонесат кон националните реформски процеси и механизмите за следење на ЕУ поврзани со слободата на медиумите и слободата на изразување, како и пошироките реформи за борба против корупцијата и владеењето на правото.

ЛОКАЛНИ ГЛАСОВИ ЗА ДЕМОКРАТИЈА: МОЌ, ВЛИЈАНИЕ И ЕДНАКВОСТ ВО ПРАКСА

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** 1 јули 2025 – 31 март 2026

**ДОНАТОР:** ЦЕНТАР ЗА РЕСУРСИ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО (во име на Делегацијата на ЕУ) СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Жените остануваат недоволно застапени во локалната власт во Северна Македонија, при што само 2 од 81 градоначалници избрани во 2021 година биле жени. Ова ги одразува системските бариери, вклучувајќи го недостигот на законски квоти за извршни позиции, ограничената посветеност на политичките партии кон значајни мерки за родова еднаквост, дискриминаторските практики за избор на кандидати и распространетиот сексистички и онлајн говор на омраза кој ги обесхрабрува жените од политичко учество.

Овој проект директно се справува со овие предизвици. Преку воспоставување форуми за јавни дебати со жени, следење на родовата сензитивност на институциите и анализа на изборниот процес, проектот дава препораки за надминување на системските бариери, создавајќи основа за посилно учество на жените во локалната демократија.

Цели на проектот:

- Да се промовира родовата еднаквост и политичкото учество на жените на локално ниво преку анализа, следење и јавно застапување за поинклузивен изборен процес во локалните избори во 2025 година.

- Да се идентификува и документира јазот помеѓу вистинската вклученост на жените во предизборните активности и нивната застапеност на изборните листи и меѓу избраните функционери, како и да се поттикне институционална и јавна дебата за надминување на овој јаз.

**Клучни активности во рамките на овој проект:**

**Локални женски форуми** – 2 локални дискусии во форма на женски форуми беа организирани во Битола и Скопје за да се соберат перспективите и искуствата на жените во однос на нивните секојдневни потреби и предизвици, како и нивното учество во локалното

креирање политики, со цел да се поттикне учеството на младите жени и девојки, кои често се маргинализирани во процесите на одлучување.

**Мапирање и анализа на институционалната и законодавната рамка за родово-одговорни избори** - Главната цел на оваа анализа е да се процени капацитетот на постојната правна и институционална рамка да обезбеди родово-одговорни избори во Северна Македонија. Поконкретно, анализата утврдува до кој степен уставната и правната рамка ги вклучуваат принципите на родова еднаквост во изборните процеси; ги идентификува предностите и празнините во изборните, антидискриминациските и сродните кривични закони; ја анализира разликата помеѓу нормативните решенија (de jure) и нивната практична имплементација (de facto); ги проценува улогите на клучните институции и политички актери во обезбедувањето родово-одговорни избори; и формулира конкретни и применливи препораки за подобрување на правната рамка и институционалната практика.

За да обезбеди сеопфатна проценка, анализата применува квалитативен пристап, комбинирајќи повеќе комплементарни методи: истражување, вклучувајќи систематски преглед на релевантните уставни и правни одредби, подзаконски акти, стратегии, официјални извештаи и анализи од национални и меѓународни институции, како и релевантни истражувачки и политички документи; и правна анализа која ја проценува содржината, конзистентноста и усогласеноста на правната рамка на Република Северна Македонија со меѓународните и европските стандарди за родова еднаквост и демократски избори, со особен фокус на изборното законодавство, заштитата од дискриминација и механизмите за санкционирање. Комбинирањето на овие методи овозможува анализа која не е ограничена само на формалната правна рамка, туку ги разгледува и нејзината функционалност и ефектите врз вистинското политичко учество на жените и мажите.

**Следење на програмите на политичките партии и кандидатските листи** - Оваа анализа е изработена врз основа на квалитативна анализа на содржината на изборните програми на политичките партии и коалиции кои учествуваа на локалните избори во 2025 година. Методологијата има за цел систематска идентификација, класификација и евалуација на обврските во програмите во однос на родовата еднаквост и еднаквите можности на локално ниво. Анализата се фокусира на: присутноста и видливоста на родовата еднаквост во програмските документи, квалитетот и специфичноста на предложените мерки, опфатот на клучните локални политики и услуги со родова димензија, постоењето механизми за имплементација, буџетирање и отчетност.

Пристапот се потпира на официјално достапните изборни програми на политичките партии и не ја анализираше нивната имплементација или индивидуалните профили на кандидатите. Анализата на содржината е дополнета со компаративен пристап за идентификување заеднички трендови, ризици и структурни празнини во пристапите кон родовата еднаквост во програмите на политичките партии. Анализата не ги оценува институционалниот капацитет, политичката волја и изводливоста на предложените мерки, ниту нивната идна

имплементација на локално ниво. Наодите се однесуваат на дискурсите, приоритетите и предложените политики како што се артикулирани во изборните програми.

**Родово-одговорна евалуација на изборните резултати** - Оваа публикација дава родова анализа на локалните избори во Северна Македонија во 2025 година, испитувајќи ја застапеноста и учеството на жените во локалното политичко одлучување. Го разгледува изборниот модел, кандидатските листи и потврдените женски кандидатки за градоначалници по општина и политичка партија и ги анализира изборните резултати поврзани со изборот на градоначалници и членови на совет. Публикацијата, исто така, ги споредува трендовите на родова застапеност низ локалните избори во 2017, 2021 и 2025 година, нагласувајќи го напредокот и постојаните празнини во политичкото учество на жените. Анализата дава клучни наоди и препораки за законодавната и извршната власт, политичките партии и граѓанското општество за тоа како да се зајакне родовата еднаквост во локалната самоуправа и изборите.

**Застапување и стратешка комуникација на наодите** - Застапничките активности на проектот беа засновани на директна вклученост со жените на локално ниво и истражување засновано на докази насочено кон влијание врз изборните реформи и јавната дебата. Градејќи врз овие увиди, проектот спроведе серија застапнички активности фокусирани на промовирање на родово-одговорни избори во Северна Македонија. Наодите беа преточени во конкретни препораки насочени кон институциите, политичките партии и граѓанското општество, зајакнувајќи ги застапничките напори насочени кон унапредување на поинклузивна и родово-одговорна локална самоуправа.

**Клучни резултати постигнати до крајот на Акцијата:**

- **Зајакнати капацитети на женските и граѓанските организации за следење на изборите и застапување** преку мрежно поврзување и формирање коалиции за родово-одговорно набљудување на изборите.
- **Промовиран институционален и јавен дијалог за унапредување на родовата перспектива во изборните регулативи и практики** преку правна анализа, кратки политички документи, следење и медиумска едукација.

## СЕ ГРИЖИМЕ (WE CARE): Обединети се бориме против сексуалното и родово-базираното насилство

**ДОНАТОР:** Европска комисија

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** АПРИЛ 2024 – СЕПТЕМВРИ 2026

WE CARE е проект воден од **Националната мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство - Глас против насилство**, кој се фокусира на **жртви на родово-базирано насилство**, со фокус на жртви на сите форми на сексуално насилство (вклучувајќи девојки и млади жени, ЛГБТИ+ жени, Ромки, жени со попреченост, жени од рурални средини

итн.). Целта на овој проект е да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за поттикнување позитивни општествени промени и поефикасна заштита на жените од родово базирано насилство во Северна Македонија. Досегашните активности беа насочени кон унапредување на знаењата и вештините на локалните организации, јакнење на нивните капацитети и поддршка во нивното развивање во организации што придонесуваат кон суштински и долгорочни промени.

Како ко-корисник на проектот, Реактор е задолжен за подготовка на **мониторинг-извештај за националната правна рамка за заштита и поддршка на жртвите на родово базирано насилство.** Целта на оваа активност е да придонесе кон поефикасно и посистематско евидентирање и пријавување на случаите на сексуално насилство, вклучително и онлајн вознемирувањето, до надлежните институции, како и да обезбеди емпириски докази за оценување на институционалниот одговор и примената на измените во Кривичниот законик и другите релевантни законски решенија.

Концептуалната рамка на мониторинг-извештајот се темели на пристап заснован на човекови права и е усогласена со меѓународните стандарди, вклучително и Истанбулската конвенција, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW), праксата на Европскиот суд за човекови права и Директивата на ЕУ за правата на жртвите, како и со националното законодавство и воспоставените стандарди.

Извештајот опфаќа податоци собрани од 18 национални институции кои постапуваат по случаи на родово базирано насилство. Анализата има за цел да ги идентификува слабостите и празнините во системот што овозможуваат жртвите да останат без соодветна институционална заштита. Покрај институционалните податоци, извештајот содржи и преглед на повеќе од 80 случаи на родово базирано насилство документирани од партнерските организации во проектот, како и детална анализа на еден конкретен случај, преку кој се следи функционирањето на правосудниот систем во процесот на гонење на сторителите на родово базирано насилство.

Како завршна активност во рамките на проектот, Реактор ќе организира тркалезна маса со претставници на сите релевантни институции и целни групи, меѓу кои Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Националното координативно тело за имплементација на Истанбулската конвенција, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Националното координативно тело за недискриминација. Настанот ќе овозможи размена на искуства, добри практики и научени лекции меѓу женските граѓански организации и институциите, со цел унапредување на меѓусебната соработка и институционалниот одговор во заштитата од родово базирано насилство.

## НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** Континуирано

**ДОНАТОР:** АКТИВНОСТИТЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ НА ВОЛОНТЕРСКА ОСНОВА

Како резултат на проектот Совет за родова еднаквост, во 2014 година беше основана Националната платформа за родова еднаквост (НПРЕ), која оттогаш ја координира Реактор. НПРЕ има за цел да ја подобри севкупната клима за родова еднаквост во земјата, да ги зајакне женските организации, да развие интерактивни податоци засновани на знаење за родовата еднаквост, да го унапреди застапувањето засновано на докази, и да ја подигне јавната свест за оваа тема. https://rodovaplatforma.mk/

Во текот на 2025 година, Реактор активно се вклучи во редовни координативни и стратешки состаноци со членките на НПРЕ, фокусирајќи се на одговарање на порастот на антиродовите наративи, тековните законодавни процеси и менливиот политички контекст по локалните избори. Платформата одигра важна улога во усогласувањето на заедничките застапнички позиции, вклучувајќи придонеси кон политички процеси како нацрт-Националната стратегија за образование (2026–2032), како и координирани јавни реакции кон алармантно растечкиот број случаи на родово-базирано насилство и фемицид.

Една од клучните активности на НПРЕ е Маршот за правата на жените, кој се одржува секоја година по повод Меѓународниот ден на жената. На 8 март 2025 година, се одржа деветтиот марш за правата на жените, испраќајќи моќна порака за предизвиците со кои се соочуваат жените во Северна Македонија, нагласувајќи го недостигот на еднаквост, слобода и безбедност. Реактор активно придонесе кон координацијата и стратешката насока на маршот преку учество во организацискиот одбор.

Во текот на 2025 година, Реактор, исто така, се вклучи во заеднички иницијативи произлезени од координацијата на НПРЕ, вклучувајќи вклученост во неформалната феминистичка иницијатива „Ниту една жена повеќе", зајакнувајќи го колективното дејствување и брзиот одговор на случаите на родово-базирано насилство и фемицид.

## Млади

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ДИЈАЛОГ

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** Континуирано

**ДОНАТОР:** АКТИВНОСТИТЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ ГЛАВНО НА ВОЛОНТЕРСКА ОСНОВА

Во 2025 година, Реактор продолжи да ја унапредува својата младинска програма преку спроведување неколку стратешки иницијативи. Реактор продолжи да биде активно вклучен во **Националниот младински совет на Македонија (НМСМ)**, како еден од основачите, со понатамошно промовирање на приоритетите на младите и поттикнување кохезија меѓу младинските актери.

Реактор, исто така, учествуваше во пошироките процеси на младинско застапување во текот на 2025 година, особено преку синергиски програми и преку соработка и поддршка на долгорочните и новите младински мрежи и партнери на ГО.

Во 2025 година, Реактор учествуваше на настан организиран од Министерството за труд и социјална политика, демографија и млади, посветен на претставување на работата на Истражувачкиот центар на прашања поврзани со младите. Настанот беше фокусиран на зајакнување на координацијата и соработката со организации кои работат во областа на младите, особено оние вклучени во истражување.

Дополнително, учествувавме на настанот „Платформа за заедничко учење и соработка – Социјално претприемништво и јавни политики: Од документи до реална поддршка", организиран од Младинската унија - Крушево. Настанот собра институции, граѓански организации, експерти и практичари за да дискутираат како постојните политики и мерки во социјалното претприемништво можат поефикасно да се спроведуваат, со фокус на зајакнување на соработката и поддршката за секторот.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Иако Реактор немаше наменски проект или извор на финансирање експлицитно фокусиран на овој столб на програмата во 2024 година, останавме стратешки посветени на унапредувањето на учеството на граѓанското општество како меѓусекторски приоритет. Нашата вклученост продолжи преку интегрирање на компоненти за зајакнување на граѓанското општество во тековните иницијативи, особено преку **ЕУ Проектот за застапување** и **Унапредување на родовата еднаквост преку процесот на пристапување кон ЕУ**. Овие проекти обезбедија вредна платформа за искористување на синергиите и покажување на посветеноста на Реактор кон поттикнување демократска вклученост и учество надвор од рамките на проектната работа.

Паралелно, Реактор активно бараше нови можности за финансирање за понатамошно проширување на нашата вклученост во оваа област, препознавајќи ја важноста на долгорочното, одржливо инвестирање во зајакнување на граѓанскиот простор, партиципативната демократија и поволната средина за ГО—особено во контекст на пристапувањето кон ЕУ.

Во текот на 2024 година, претставниците на Реактор одржаа силна соработка со **ЕУ ТАЦСО 3** и неговата регионална заедница. Учествувавме во разни консултации, настани за размена на искуства и тематски дискусии релевантни за граѓанските организации (ГО) низ Западен Балкан и Турција. Овие размени беа фокусирани на најдобрите практики, стекнатите искуства и потребите за зајакнување на капацитетите—особено во однос на спроведувањето на **реграднтирачки програми финансирани од ЕУ (ФСТП)**, област во која Реактор носи значително искуство.

Нашето учество придонесе кон пошироките напори насочени кон зајакнување на улогата на граѓанското општество во ЕУ интеграцијата на регионот, особено во поддршката на потранспарентни, партиципативни и родово-сензитивни политички процеси. Реактор, исто така, придонесе кон напорите за споделување знаење, обезбедувајќи придонеси кон проценките на TACSO и помагајќи да се информираат идните насоки за ГО кои планираат да дизајнираат или спроведуваат ФСТП шеми.

Оваа стратешка вклученост ја нагласува постојаната улога на Реактор како поврзувач, носител на знаење и застапник за значајно учество на ГО во демократското управување и процесите на пристапување кон ЕУ, дури и во отсуство на наменски ресурси за оваа програмска линија во 2025 година.

## УРБАН РАЗВОЈ (И РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА), ПРАВИЧНА И ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА

### БЕЗБЕДНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО АКЦИЈА: ГРАДЕЊЕ РОДОВО-ИНКЛУЗИВНИ ЈАВНИ ПРОСТОРИ

**ДОНАТОРИ:** *Фондацијата Kvinna till Kvinna и UK International Development*
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** 1 АПРИЛ 2024 – 31 МАРТ 2025
**Организации-спроведувачи: Реактор – Истражување во акција, во партнерство со Ladybug (Mollekuqja)**

Насилството врз жените и девојчињата (НВЖД) и понатаму претставува едно од најраспространетите и најдлабоко вкоренети прекршувања на човековите права во светот. Во Северна Македонија, и покрај усогласувањето на законодавството со меѓународните стандарди и видливиот напредок во институционалните заложби, сè уште постојат значајни предизвици во спроведувањето и примената на законите и политиките. Тие вклучуваат недостиг од специјализирани знаења кај институциите што постапуваат по случаи на родово базирано насилство, ограничена јавна информираност – особено за поновите препознаени форми на насилство – како и недоволни системски инвестиции во превенција и заштита.

Особено занемарена област останува **родово базираното насилство во јавниот простор**, каде што заканите по безбедноста на жените честопати се нормализираат или остануваат невидливи. Урбаното планирање во многу градови низ државата сè уште ретко ги зема предвид различните искуства и потреби на жените, мажите, девојчињата и момчињата. Улиците, парковите, јавниот превоз и другите заеднички простори најчесто се планираат без

родова перспектива, поради што многу жени и девојчиња секојдневно се движат низ градот со чувство на несигурност, исклученост или страв.

Во 2024 година, **Реактор – Истражување во акција** го започна **третиот циклус од своето водечко истражување за безбедноста на жените во јавните простори** – истражувачка и застапувачка иницијатива која повеќе од една деценија ја обликува националната дебата за родово сензитивно урбано планирање. Првото истражување беше спроведено во 2012 година и за првпат го отвори јавниот разговор за секојдневната несигурност со која се соочуваат жените во градовите. Во 2019 година следуваше второто проширено издание, кое дополнително ја зајакна базата на докази и резултираше со конкретни препораки за јавни политики.

Третото издание претставува значајна пресвртница, не само затоа што овозможува следење на состојбите низ подолг временски период, туку и затоа што се реализираше паралелно со националната иницијатива „Безбедни градови" на Министерството за внатрешни работи, создавајќи можност за поинтензивен дијалог со институциите за родовите аспекти на безбедноста во јавниот простор. Овојпат истражувањето ги опфати општина Центар во Скопје и градот Тетово, каде што неколку години претходно граѓанската организација **Маргини** ја примени методологијата на Реактор за иницијално мапирање на состојбите. Проширувањето на истражувањето беше овозможено преку партнерството со тетовската феминистичка организација **Ladybug (Mollekuqja)**, која придонесе со локално знаење, воспоставени мрежи и силна посветеност на родовата правда.

Преку оваа иницијатива не само што создаваме нови докази, туку и активно ги преиспитуваме постојните практики и се залагаме за јавни простори што ги ставаат безбедноста, достоинството и можноста за еднакво учество на сите граѓани во центарот на урбаното планирање – особено на жените и девојчињата. Со идентификување на факторите што придонесуваат за чувството на небезбедност и преку вклучување на различни чинители – од полицијата и локалните власти, до урбанистите, феминистичките граѓански организации и локалните заедници – придонесуваме кон конкретни подобрувања во начинот на кој градовите се планираат, управуваат и се доживуваат, како и кон зајакнување на соработката меѓу сите релевантни актери.

**Клучни публикации (2025):**

- **Родово-базирано насилство врз жените и девојките во јавните простори во Скопје и Тетово** – Клучни наоди, и Главен извештај на македонски и англиски јазик
- (почеток на 2026 година) **Град за сите? Родовата димензија на јавниот простор** – Главен извештај на македонски и англиски јазик

Овој проект ја одразува растечката работа на Реактор на пресекот на **родовата перспектива, урбаните политики и институционалната одговорност**, и придонесува кон поширокото феминистичко движење за **безбедни, правични и инклузивни градови** за сите.

РЕАКТОР
истражување во акција

**ИНИЦИЈАТИВАТА „СОНЧЕВИ УЧИЛИШТА": Унапредување на обновливата енергија и еколошката свест во образованието**

**ДОНАТОР:** ОСФ Западен Балкан

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈУЛИ 2023 – ЈУНИ 2024, СЕПТЕМВРИ 2024 – ЈУЛИ 2025

Инцијативата **„Сончеви училишта"** е регионална програма насочена кон поддршка на државните училишта и единиците на локалната самоуправа во нивниот премин кон чиста и обновлива енергија—конкретно сончева енергија—преку инсталирање на **фотоволтаична (ФВ) технологија**. Иницијативата не само што ја промовира еколошката одржливост, туку интегрира и силна образовна компонента за да поттикне свест и вклученост меѓу учениците, наставниците и заедниците.

Иницијативата е заеднички поддржана од **Фондацијата Отворено општество за Западен Балкан** и **Фондацијата Отворено општество – Македонија**, а **Националниот младински совет на Македонија (НМСМ)** ги води образовните напори. Се спроведува паралелно во пет земји од Западен Балкан: **Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово и Србија**.

Во поранешните изданија на оваа иницијатива, **Реактор ја водеше истражувачката компонента во Северна Македонија**, фокусирајќи се на влијанието на интервенциите со сончева енергија и поврзаните образовни активности врз училишните заедници. Истражувањето беше спроведено во **12 училишта (8 основни и 4 средни)** во четири општини: **Бутел, Чаир, Берово и Штип**. Студијата беше дизајнирана во два брана—**пред и по инсталирањето на сончевите панели**—за да се процени дали воведувањето на ФВ системите и придружните активности за подигнување свест влијаат врз перцепциите, задоволството од училишната средина и ставовите кон обновливата енергија. Вклучи широк примерок од училишната заедница, со учество на до **1.760 ученици, 1.320 родители и 400 наставници** низ двете претходни фази.

- Првиот **бран** на собирање податоци беше спроведен во **октомври–ноември 2023 година**, вклучувајќи **880 ученици, 188 наставници и 536 родители**.
- **Вториот бран** следеше во **март–април 2024 година**, по завршувањето на ФВ инсталациите.

По успешната реализација на првите две истражувачки фази и воспоставената силна соработка меѓу регионалните партнери, во **јули 2024 година** беше донесена одлука иницијативата дополнително да се прошири со вклучување нова група училишта во текот на учебната 2024/2025 година. Ова проширување беше поттикнато од сè поголемиот интерес за зелената транзиција во образовниот сектор, како и од позитивниот одзив и поддршка од училиштата и другите вклучени чинители.

Во завршната, трета фаза од проектот (2025–2026), Реактор ја презеде водечката улога во координацијата на иницијативата на регионално ниво, уште еднаш потврдувајќи ги своите

капацитети за управување со комплексни меѓународни партнерства. Во оваа фаза сите партнери повторно ги посетија училиштата вклучени во првата фаза на проектот, со цел да спроведат завршна евалуација. Таа беше насочена кон проценка на долгорочното влијание и одржливоста на интервенциите, како во однос на енергетската транзиција, така и во однос на промените во ставовите и знаењата на учениците, наставниците, родителите и училишниот кадар.

Завршната евалуација опфати **квантитативна анализа** на податоците собрани од учениците и наставниците вклучени во проектот, како и квалитативна анализа на податоците добиени преку фокус групи и длабински интервјуа со наставници, родители, директори на училишта и претставници на општините. Резултатите даваат јасна слика за влијанието што поставувањето на соларните панели го имаше врз знаењата, ставовите и свесноста на сите целни групи во однос на обновливите извори на енергија и зелената енергетска транзиција.

Како носител на проектот, Реактор е одговорен за **координацијата на партнерскиот конзорциум**, редовната комуникација меѓу организациите и обезбедувањето квалитет и усогласеност на сите технички, национални и регионални извештаи. Со цел дополнително да се зајакне партнерската соработка и размената на знаења, во ноември 2025 година се одржа конзорциумска средба во Тирана, додека следната беше планирана за април 2026 година во Приштина. На овие средби претставниците на организациите од Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Северна Македонија ги презентираа постигнатите резултати, предизвиците со кои се соочија и препораките за понатамошниот развој на истражувањето. Презентираните наоди покажаа дека искуствата и лекциите стекнати во претходните фази претставуваат значајна основа за понатамошно унапредување на проектот и за сите вклучени партнери.

Иницијативата **„Сончеви училишта"** претставува успешен пример за тоа како обновливите извори на енергија, граѓанското учество и образованието можат заеднички да придонесат кон системски промени на локално ниво, истовремено поттикнувајќи поголема климатска свест и одговорност кај идните генерации.

## ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

### ЗАСТАПУВАЊЕ

Во согласност со својата мисија и надоврзувајќи се на резултатите од претходните години, **Реактор – Истражување во акција** и во 2025 година продолжи да биде значаен ресурсен центар за висококвалитетни истражувања и застапување засновано на докази. Нашите анализи, документи за јавни политики, препораки, бази на податоци и дигитални алатки

редовно ги користат локални, национални и меѓународни чинители при креирањето јавни политики, информирањето на јавните дебати и поддршката на институционалните реформи.

Нашиот пристап кон застапувањето и понатаму се темели на две меѓусебно поврзани насоки – дигитално застапување и директен ангажман со институциите – со цел истовремено да обезбедиме широка достапност на информациите и силно влијание врз процесите на донесување одлуки.

**Дигитално застапување и комуникација**

Реактор континуирано инвестира во развој на достапни, интерактивни и лесно разбирливи дигитални платформи преку кои истражувачките наоди и препораките за јавни политики стануваат достапни за поширока јавност, институциите и граѓанските организации.

Меѓу нив се:

- **Родов Реактор** – платформа што обединува родово разделени статистички податоци, анализи и истражувања, наменета за поддршка на јавни политики засновани на докази.
- **Млади низ бројки** – дигитална платформа што ги обединува квантитативните и квалитативните податоци за младите преку интерактивни визуелизации и анализи достапни за носителите на одлуки, истражувачите и граѓанските организации.
- **Локален индекс за родова еднаквост** – интерактивна алатка што овозможува следење и споредба на состојбите со родовата еднаквост во општините, обезбедувајќи вредни информации за локалните власти и граѓаните.
- **Реагирај! Биди безбедна** – веб-платформа и мобилна апликација посветени на подигнување на јавната свест и пријавување случаи на сексуално вознемирување и родово базирано насилство во јавниот простор.

Овие платформи постојано се одржуваат и се промовираат преку стратешки комуникациски активности, вклучувајќи социјални медиуми, инфографици, видеа, интерактивни визуелизации и наративни формати, во зависност од тековните програмски приоритети и расположливите ресурси. Преку современи техники за визуелизација на податоци и комуникација заснована на докази, сложените истражувачки резултати ги претвораме во разбирливи и применливи информации за различни целни групи.

**Директно застапување и работа со институциите**

Покрај дигиталното присуство, Реактор продолжи активно да инвестира во непосредна соработка со институциите и носителите на одлуки. Во текот на годината тоа вклучуваше:

- подготовка на истражувања, анализи, документи за јавни политики и секторски родови анализи;

- учество во консултативни процеси и работни групи со институции на национално и локално ниво;
- учество на регионални и меѓународни застапувачки настани, меѓу кои Форумот на граѓанското општество во рамките на Берлинскиот процес и министерски состаноци;
- експертски придонес во собраниски расправи, процеси на подготовка на стратегии и дијалогот поврзан со европската интеграција;
- организирање локални дебати, работилници и тркалезни маси со цел зајакнување на соработката меѓу институциите и граѓанското општество.

Во текот на 2024 година продолживме систематски да ја поврзуваме истражувачката работа со застапувањето, при што се осигуравме дека секоја препорака за јавни политики е темелно поткрепена со податоци од терен, а секоја застапувачка порака е насочена кон максимално политичко влијание. Истовремено, ги продлабочувавме партнерствата со феминистички и граѓански организации од Западен Балкан и Европската Унија, придонесувајќи кон заедничко застапување во рамките на Берлинскиот процес, дијалогот за пристапување во ЕУ и националните реформски процеси.

Нашето сè побогато портфолио на дигитални алатки, истражувања и практични препораки го позиционира Реактор како доверлив и релевантен актер во областа на јавните политики – организација што успешно ги поврзува институционалните реформи со секојдневните искуства на граѓаните и доказите ги претвора во конкретни општествени промени.

## 20 ГОДИНИ РЕАКТОР – ИСТРАЖУВАЊЕ ВО АКЦИЈА: АРХИВА НА ПРОМЕНАТА

Во 2025 година, **Реактор – Истражување во акција** одбележа дваесет години постоење – значаен јубилеј што сведочи за две децении континуирана работа на пресекот меѓу истражувањето, застапувањето и општествените промени. Од своето основање, Реактор прерасна во една од водечките независни истражувачки организации во Северна Македонија, оставајќи траен белег во јавните политики и јавниот дискурс во областите на родовата еднаквост, младите, урбаниот развој, демократијата и човековите права.

Во текот на изминатите дваесет години останавме доследни на нашата мисија – да создаваме докази што ги разоткриваат нееднаквостите, ја зајакнуваат институционалната отчетност и придонесуваат кон подобри јавни политики, секогаш во партнерство со заедниците, граѓанските организации и носителите на одлуки. Овој јубилеј не претставува само можност да се осврнеме на постигнатите резултати, туку и да ги препознаеме сложените политички и општествени околности во кои се развиваше нашата работа – обележани со отпори кон човековите права, демократски назадувања и сè потесен простор за делување на граѓанското општество.

По повод дваесетгодишнината, Реактор доби и нов визуелен идентитет што ги поврзува континуитетот и промената. Инспириран од чисти геометриски форми, новиот дизајн симболизира движење, стабилност и структура – вредности што ја отсликуваат нашата посветеност на темелно истражување и долгорочни општествени промени. Паралелно беше реализирана и комуникациска кампања на социјалните медиуми, преку која се навративме на клучните моменти, проекти и тематски области од изминатите две децении, но и го претставивме тимот што стои зад оваа работа преку серија кратки видео-портрети.

Одбележувањето на јубилејот кулминираше со јавен настан одржан на **25 декември** во Културно-информативниот центар (КИЦ), кој ја обедини прославата на дваесетгодишнината на Реактор со отворањето на меѓународното **Ex Libris биенале „Траги на еднаквоста – Отпечатоци на внатрешното јас"**. Инспирирана од долгогодишната работа на Реактор во областа на родовата еднаквост, граѓанското учество и социјалната правда, изложбата истражуваше како идентитетот, правата и сеќавањето се испишуваат во личниот и колективниот простор, како и начинот на кој маргинализираните гласови ја обликуваат културата – често од нејзините рабови.

Обединувајќи партнери, соработници, активисти, уметници и поддржувачи, овој настан беше истовремено прослава на досегашниот пат и повик за нови заеднички чекори. Влегувајќи во својата трета деценија, Реактор продолжува со јасна визија и силна посветеност – подготвен да одговори на новите општествени предизвици и да придонесува кон градење системи засновани на правда, достоинство и колективна отпорност.

## Организациски развој

Во текот на 2025 година, **Реактор – Истражување во акција** продолжи со својот процес на организациски развој, надоврзувајќи се на претходните напори за зајакнување на капацитетите на тимот, понатамошно стратешко насочување и унапредување на организациската ефикасност. Работата на организацијата и понатаму се водеше според новата организациска стратегија, подготвена во 2023 година и официјално усвоена во 2024 година.

Стратегијата произлегува од промените во поширокиот општествено-политички контекст, но и од развојот низ кој помина Реактор во изминатите години, што наметна потреба од преиспитување и понатамошно унапредување на нашата мисија, визија и стратешки приоритети. Како и секое наше акциско истражување, и овој процес го разбираме како континуиран развој што постојано се надградува преку учење, искуство и адаптација.

Новата стратегија обезбедува појасна насока за постигнување долгорочно влијание во програмските области на Реактор, истовремено зајакнувајќи ја отпорноста и способноста на

организацијата да се прилагодува на променливите услови во кои делува граѓанското општество во Северна Македонија и регионот на Западен Балкан.

**СЛЕДЕЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И УЧЕЊЕ**

Како дел од нашата заложба за континуирано учење, отчетност и организациска ефикасност, во рамките на организациската стратегија беше интегрирана рамка за **следење, евалуација и учење (Monitoring, Evaluation and Learning – MEL)**. Постепено ја вградуваме оваа рамка во сите наши програми и проекти, со цел нејзините принципи да станат составен дел од секојдневната работа на организацијата.

Покрај редовното следење и евалуација на проектите согласно барањата на донаторите и договорените циклуси на известување, организациската MEL рамка претставува чекор кон институционализирање на култура на учење, критичка рефлексија, стратешко планирање и донесување одлуки засновани на докази.

ПРОМЕНИ ВО ТИМОТ И ВРАБОТУВАЊЕТО

Во 2025 година, тимот на Реактор продолжи да се развива во период на организациска транзиција, делумно поттикната од завршувањето на големиот регионален проект финансиран од Европската Унија за унапредување на родовата еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ, кој Реактор го предводеше и го спроведуваше со регионални партнери во периодот 2020–2024 година. Завршувањето на овој четиригодишен проект резултираше со намалување на тимот за три работни позиции, како дел од поширокото организациско прилагодување на новите финансиски услови, обележани со растечки трошоци за живот, долготрајна стагнација на платите во граѓанскиот сектор и инфлациски притисоци.

20 години истражување во акција
РЕАКТОР

Истовремено, 2025 година беше и година на понатамошно јакнење на тимот. Во организацијата се приклучија нови колеги и колешки кои придонесоа за развојот на програмските области поврзани со младите и комуникациите. По процесот на воведување и менторирање, тие успешно се интегрираа во истражувачкиот и застапувачкиот тим на Реактор. Во втората половина на годината, во организацијата повторно се приклучи поранешна колешка и долгогодишна соработничка, која ја презеде нововоспоставената позиција **директорка за истражување и влијание врз јавните политики**.

Воспоставувањето на оваа висока раководна функција претставува дел од планираниот процес на организациско јакнење предвиден со стратешкиот и акцискиот план на Реактор.

Со ова дополнително се зајакнуваат нашите истражувачки и застапувачки капацитети, особено во областите на европската интеграција, интегрирањето на родовата перспектива во јавните политики, родовите анализи, како и координацијата и следењето на секторските работни групи. Темелноста во истражувањето, родовата сензитивност и високите професионални стандарди остануваат вредностите врз кои Реактор ќе продолжи да ја гради својата работа и во годините што следат.

РЕАКТОР
истражување во акција

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024

20 YEARS OF RESEARCH IN ACTION

## ВОВЕД

**Реактор – Истражување во акција: Приказна за докази, промена и визија**

Во Реактор – Истражување во акција, веруваме дека трајната промена започнува со разбирање. А разбирањето започнува со поставување на вистинските прашања, внимателно слушање на заедниците и претворање на податоците во значајно дејствување.

Со седиште во Скопје, Северна Македонија, Реактор е независна, непрофитна феминистичка истражувачка организација (think-tank) посветена на зајакнување на патот на земјата кон европската интеграција. Но нашата работа оди подалеку од тоа. Водени сме од подлабока посветеност – да придонесеме кон градење општество кое е праведно, инклузивно и одржливо, во кое луѓето од сите средини и со различни идентитети можат да живеат достоинствено и целосно да учествуваат во обликувањето на светот околу нив.

Нашата приказна е втемелена во докази. Во регион во кој јавните политики често се креираат без неопходните податоци или без да се слушне гласот на оние кои се најмногу засегнати, ние се вклучуваме за да ги пополниме овие празнини. Нашето истражување не се однесува само на бројки – туку и на приказни, реалности и можности. Ги истражуваме клучните прашања поврзани со родовата еднаквост, младинското учество и урбаниот развој и работиме на тоа граѓанското општество да има свој глас на местата каде што се носат одлуките.

Во ова не сме сами. Низ годините изградивме силни партнерства со организации од локалните заедници, академската заедница, институциите и меѓународни партнери, со цел сознанијата до кои доаѓаме да се преточат во конкретно влијание во реалниот свет. Без разлика дали станува збор за навремени препораки за јавни политики, поттикнување јавна дебата или придонес кон креирање реформски стратегии, нашата работа секогаш е водена од потребите на луѓето и заедниците со кои работиме.

Важен дел од нашата мисија е и споделувањето на знаењето што го создаваме. Преку работилници, обуки и заеднички иницијативи низ Северна Македонија и регионот, активно придонесуваме кон градење капацитети – не само во нашиот тим, туку и кај партнерските

организации, локалните иницијативи и јавните институции. Без разлика дали овозможуваме размена на знаења, ги обучуваме локалните партнери или заеднички развиваме стратегии за застапување, нашата цел е да го зајакнеме екосистемот на граѓанските актери кои работат на општествени промени. Овој колективен пристап овозможува знаењето да не остане изолирано, туку слободно да се споделува – поттикнувајќи нови идеи, зајакнувајќи ја солидарноста и мултициплирајќи го влијанието таму каде што е најпотребно.

Вмрежувањето и меѓународната соработка се во сржта на нашата работа. Редовно соработуваме со институциите на ЕУ, механизмите на ОН, амбасадите и други меѓународни актери, со цел локалните гласови да бидат присутни на глобалните форуми и да придонесеме кон демократскиот развој во земјата. Со континуираната поддршка од нашите донатори, особено од Европската Унија и Шведска (Шведската агенција за меѓународна развојна соработка), особено сме горди што придонесуваме кон иницијативи кои ја унапредуваат положбата на жените и младите и ги поставуваат во улога на носители на праведната транзиција и на паметниот и инклузивен раст.

Во Реактор не само што го истражуваме светот таков каков што е – туку работиме кон светот каков што треба да биде. Свет во кој податоците водат кон подобри политики, во кој секој глас е важен и во кој еднаквоста не е само сон, туку реалност што се живее.

Додека се приближуваме до значаен јубилеј – 20 години од основањето на Реактор – застануваме за момент да се навратиме на патувањето обликувано од визија, истрајност и вербата дека промената е можна кога е втемелена во докази и во заедницата. Иако Реактор официјално е регистриран во јануари 2005 година, идеите, енергијата и заедницата што го создадоа започнаа една година порано. Приказната на Реактор започна во 2004 година, поттикната од мала група луѓе посветени на промени, решени да го преосмислат начинот на кој истражувањето и граѓанското учество можат да придонесат кон подобра иднина. Денес, две децении подоцна, тој дух продолжува да живее додека се развиваме, соработуваме и се залагаме за општество во кое секој може еднакво да напредува. Почетниот импулс прерасна во динамична организација која придонесува кон значајни општествени промени низ Северна Македонија и регионот.

Овој јубилеј е повеќе од прослава на нашето патување – тој е обновен повик за дејствување во однос на критичната работа што нè очекува во сè понестабилни времиња. Одбележуваме 20 години во глобален контекст обележан со продлабочување на нееднаквоста, демократско назадување, пораст на авторитаризмот и антиправни движења, како и продлабочување на климатската криза. Со зголемувањето на заканите за човековите права и социјалната правда, нашата мисија – јавните политики да ги втемелуваме во докази, да ги засилуваме гласовите на маргинализираните и да се залагаме за инклузивни и одржливи општества – никогаш не била поитна.

По две децении зад нас, продолжуваме напред со јасна визија и цврста определба, подготвени да одговориме на предизвиците на нашето време и да придонесеме кон градење системи засновани на еднаквост, достоинство и колективна отпорност.

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

Додека го одбележуваме овој значаен јубилеј, со задоволство ги покануваме нашите партнери, сојузници и поддржувачи – долгогодишни и нови – да продолжат да чекорат со нас во следното поглавје. Да продолжиме да поставуваме храбри прашања, да споделуваме знаење и да го обликуваме светот во кој еднаквоста и правдата не се далечни стремежи, туку реалности што се живеат и траат.

Ви благодариме!

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

# ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ И ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ (ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ)

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### ЕУ застапување: Пристапување кон ЕУ за кого? – Правата и учеството на жените во Западен Балкан

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈАНУАРИ 2021 – ДЕКЕМВРИ 2026
**ДОНАТОР:** ФОНДАЦИЈА KVINNA TILL KVINNA

Регионалната програма за застапување на Kvinna till Kvinna *„Пристапување кон ЕУ за кого? – Правата и учеството на жените во Западен Балкан"*, која ги опфаќа сите шест земји од процесот на пристапување, има за цел **да ги унапреди правата на жените и нивното еднакво учество во процесите на донесување одлуки во Западен Балкан, со посебен фокус на внесување на родовата перспектива во процесот на пристапување кон ЕУ**. Програмата се спроведува во тесна соработка со женските организации на граѓанското општество, чие искуство и ангажман во области како што се градењето мир, демократијата, владеењето на правото и вклучувањето на жените во процесите на пристапување кон ЕУ во Западен Балкан се клучни за унапредување на положбата на жените во регионот.

Повеќегодишниот проект на Реактор има за цел да ја унапреди родовата еднаквост во Северна Македонија преку зајакнување на правната и стратешката рамка преку креирање политики засновани на докази, интегрирање на родовата перспектива и користење родово разделени податоци. Проектот исто така има за цел да ја зголеми видливоста на правата на жените во процесот на пристапување кон ЕУ и да го зајакне значајното учество на женските граѓански организации (ЖГО) во процесите на донесување одлуки на национално и европско ниво.

Во 2024 година, Реактор **остана значаен актер во националниот и регионалниот контекст на родовата еднаквост**, активно придонесувајќи кон консултативни и застапувачки процеси насочени кон институционалните чинители на локално, национално и ЕУ ниво. Нашата работа вклучуваше редовна соработка со претставници на националните владини тела, институциите на ЕУ, локалната самоуправа, како и регионални и меѓународни организации.

Една од најзначајните компоненти на проектот и понатаму е подготовката на годишни придонеси и препораки за Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија. Во 2024 година, придонесовме и во подготвителната и во последователната фаза преку писмени поднесоци, консултации на национално ниво и во Брисел, како и преку наменски материјали за застапување. Овие документи послужија како основа за различни активности за

застапување во текот на годината, при што беа истакнати клучни прашања како застојот во донесувањето на законодавството за родова еднаквост, предизвиците за партиципативната демократија, особено учеството на жените во клучните процеси на донесување одлуки, општото демократско назадување и влијанието на наративите против човековите права.

Реактор исто така учествуваше во структурираните дијалози во рамки на Акцискиот план на ЕУ за родова еднаквост III (ГАП III), придонесувајќи кон дискусиите за мониторинг и последователните извештаи. Реактор им даде поддршка на други организации во развивањето заеднички документи за застапување и координираше активности како поднесокот на национално ниво до Пакетот за проширување за 2024 година и изработката на документи за политики за учеството на жените на локално ниво и граѓанското учество во процесите на донесување одлуки и политики. Релевантните придонеси беа споделени со клучни чинители на ЕУ, вклучително и пратеници во Европскиот парламент, претставници на Европската комисија и делегации на земјите членки.

Реактор исто така учествуваше на неколку настани и платформи на високо ниво. Особено, учествувавме на Неделата на застапување за ЕУ во Брисел и на Форумот за родова еднаквост во Берлин, каде што родовата еднаквост за првпат во 10-годишната историја на Берлинскиот процес беше ставена на агендата. Ова достигнување е резултат на долгорочното заедничко застапување на Реактор и партнерските организации и го потврдува растечкото препознавање на интегрирањето на родовата перспектива како суштински елемент на политиката на проширување на ЕУ.

Во 2024 година, Реактор продолжи да ја претставува и промовира **коалицијата EQUAPRO**, регионална алијанса на феминистички организации кои работат на родова еднаквост, демократија и владеење на правото во Западен Балкан. Иако во рамки на EQUAPRO не беа започнати нови иницијативи поради завршувањето на посебното финансирање, Реактор обезбеди коалицијата да остане видлива и релевантна преку интегрирање на нејзините цели и наративи во пошироките активности за застапување поврзани со ЕУ.

Преку стратешки синергии со нашиот тековен проект за застапување за ЕУ, ја истакнавме работата на EQUAPRO на различни состаноци со институциите на ЕУ, партнерите и претставниците на земјите членки. Особено, визијата и приоритетите на EQUAPRO беа претставени преку нашето учество на **Неделата на застапување за ЕУ во Брисел и Форумот за родова еднаквост во рамки на Берлинскиот процес**, каде што учествувавме во дискусии за иднината на родовата еднаквост во регионот. Овие средби исто така овозможија консултации со клучните партнери на EQUAPRO и разгледување можности за повторно активирање на заедничкото застапување во иднина.

**На национално ниво**, продолживме со активно учество во структурите и дијалозите поврзани со пристапувањето кон ЕУ. Преку Националната платформа за родова еднаквост (НПРЕ), најмалку 27 женски граѓански организации соработуваа со Реактор, вклучително и на заеднички иницијативи поврзани со ЕУ.

На национално ниво, дадовме значаен придонес во различни консултативни процеси, вклучително и преку усни и писмени коментари на значајни стратешки документи, залагајќи се за поголема интеграција на родовата перспектива. И покрај нашите напори и напорите на бројни сојузници, суштински закони – вклучително и Законот за родова еднаквост, Законот за спречување и заштита од вознемирување на работното место и Законот за работни односи – продолжија да се соочуваат со одложувања или институционален отпор. Како што е наведено во Извештајот на ЕУ за земјата, ваквиот застој е директна последица на порастот на анти-родовите и антидемократските ставови, кои продолжија да го попречуваат напредокот во 2024 година и поттикнаа дополнителна мобилизација на женските граѓански организации.

Меѓу клучните достигнувања на национално ниво во 2024 година може да се издвојат **родовата анализа на програмите на политичките партии** на Реактор во пресрет на парламентарните избори. Анализата процени како, и дали, партиските програми ги адресираат клучните заложби за родова еднаквост, вклучувањето на интерсекциски прашања и позиционирањето на правата на жените во пошироките социјални и економски агенди.

Финансирана од Шведска во рамки на Програмата за застапување за ЕУ, анализата не само што обезбеди база на докази за медиумскиот и јавниот дискурс, туку понуди и конкретни препораки до политичките партии за подобрување на родовата одговорност на нивните програми. Наодите беа дисеминирани преку брифинзи и инфографици и беа користени во мониторингот на изборната кампања за да се повикаат политичките партии на одговорност во однос на нивните заложби.

Дополнително, Реактор продолжи со работа на развојот на **Извештајот во сенка за спроведувањето на Националната стратегија за родова еднаквост (2022–2027)**. Ова е четврта анализа на Реактор на стратешките заложби на земјата за родова еднаквост и соодветната национална стратешка рамка и акциски план. Таа има за цел да понуди критичка процена предводена од граѓанското општество за напредокот, празнините и предизвиците во спроведувањето на стратегијата.

Извештајот ги истакнува прашањата како што се недоволната институционална координација, несоодветното буџетирање за интегрирање на родовата перспектива и недостигот од значајно учество на женските граѓански организации во процесите на мониторинг и евалуација. Извештајот служи како клучна алатка за застапување, насочена кон државните актери и меѓународните партнери со цел преземање корективни мерки и усогласување на спроведувањето со поставените цели и рокови на стратегијата. Официјално ќе биде објавен во следната известувачка година.

Во текот на годината, Реактор исто така ги користеше ажурираниот **Локален индекс за родова еднаквост** **и платформите „Родов Реактор“**, користејќи ги нивните податоци за информирање на активностите за застапување на национално и локално ниво. Овие алатки

остануваат централни за нашиот пристап заснован на докази кон следењето на состојбата со родовата еднаквост во општините и секторите низ земјата.

Во рамки на проектот беа реализирани и низа други комплементарни активности за зајакнување на неговите цели и унапредување на синергијата со другите програми. Тие се целосно документирани во интерното известување на Реактор, доставено во согласност со роковите и буџетските насоки на донаторот.

## Унапредување на родовата еднаквост преку процесот на пристапување кон ЕУ

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** МАРТ 2020 – ФЕВРУАРИ 2024
**ДОНАТОР:** ЕВРОПСКА КОМИСИЈА, ШВЕДСКА

Оваа Акција има за цел унапредување на родовата еднаквост во Западен Балкан преку процесот на пристапување кон ЕУ.

Севкупната цел на оваа четиригодишна Акција (2020-2024) е да се зајакне и прошири постојната регионална соработка, да се зајакнат партиципативните демократии и да се овозможи инклузивен, родово-сензитивен процес на приближување кон ЕУ. Во насока на оваа цел, специфичните цели на Акцијата вклучуваат:

• Да **се зајакнат капацитетите на ЖГО за ефикасна соработка со владите, Делегациите и канцелариите на ЕУ (ДЕУ/КЕУ), локалните ГО и другите ГО во регионот**, зголемувајќи ја свеста на сите вклучени актери за родовите димензии на процесот на пристапување кон ЕУ.

• Да **се подобри одговорноста на владите и ДЕУ/КЕУ во исполнувањето на обврските за родова еднаквост и правата на жените во текот на процесот на пристапување кон ЕУ.**

Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Шведска, а партнерските организации за неговото спроведување се:

- Република Северна Македонија: Реактор – Истражување во акција (водечка организација), и
    - Фондацијата Kvinna till Kvinna – канцеларија во Северна Македонија (партнерска организација)
- Косово: Мрежата на жени на Косово (Партнерска организација)
- Албанија: Албанската мрежа за зајакнување на жените (АВЕН) ( Партнерска организација)
- Босна и Херцеговина: Rights for All (Партнерска организација)
- Црна Гора: Центарот за права на жените (Партнерска организација)

**Клучни активности во рамки на проектот (вклучително и оние спроведени во 2024 година)**

- **Редовно беа организирани состаноци и настани за вмрежување и размена на искуства** со цел зајакнување на кохезијата и ефективноста на регионалната мрежа на женски организации на граѓанското општество. На овие средби повеќе од 50 женски организации од Западен Балкан споделуваа стратегии, научени лекции и алатки за застапување. Тие овозможија и приклучување на нови членки, со што мрежата се прошири и го зајакна својот колективен глас во процесот на пристапување кон ЕУ.

- **Беа реализирани сесии за градење капацитети и подигнување на свеста** за различни организации на граѓанското општество низ регионот. Сесиите беа фокусирани на унапредување на разбирањето на интегрирањето на родовата перспектива во рамки на процесот на пристапување кон ЕУ, подобрување на знаењето за клучните инструменти како GAP III и IPA III и обезбедување практични алатки за застапување за поинклузивни и родово одговорни реформи на национално и регионално ниво.

- **Беа организирани два регионални настани на високо ниво – Форумот за родова еднаквост (2023) и завршниот настан за застапување (2024)**. На нив се собраа претставници на граѓанското општество, владите, институциите на ЕУ и експерти, со цел да се разгледаат постигнувањата на проектот и да се нагласи важноста на застапувањето засновано на докази за родова еднаквост. На двата настани беа презентирани наодите од мониторинг-извештаите и родовите анализи, овозможувајќи нивно пошироко споделување, како и размена меѓу клучните актери, поттикнување дијалог и понатамошна политичка посветеност на интегрирањето на родовата перспектива во процесот на пристапување кон ЕУ.

- **Беа изработени родови анализи за претходно неанализирани сектори** во секоја земја, со што беа адресирани празнините во знаењето во области каде што претходно недостасувала родова перспектива. Анализите опфатија сектори како земјоделство, дигитализација, зелена транзиција и образование. Беа развиени со користење партиципативни методи и дисеминирани на локалните јазици со цел да се максимизираат нивната достапност и влијание.

- **Соработката со локалните женски граѓански организации** беше суштинска за успехот на акцијата. Партнерските организации тесно соработуваа со овие организации за градење на нивните капацитети за мониторинг и известување за спроведувањето на заложбите на владите за родова еднаквост. Ова вклучуваше менторство, заедничко собирање податоци и насоки за подготовка на извештаи со импакт и препораки за јавни политики.

- **Мониторингот и известувањето за процесот на пристапување кон ЕУ** беа еден од основните столбови на проектот. Партнерите систематски собираа податоци и изработуваа редовни извештаи со цел да придонесат кон информирањето и

интегрирањето на родовата перспектива во извештаите на Европската комисија за земјите и поширокиот политички дијалог. Овие напори обезбедија родовите прашања да бидат одразени во проценките и планирањето на политиките на ЕУ поврзани со Западен Балкан.

- **Активностите за застапување** беа спроведени на национално и регионално ниво, насочени кон владите, делегациите на ЕУ и институциите. Работата на проектот во областа на застапувањето придонесе кон зголемување на видливоста на родовата еднаквост како политички и развоен приоритет во рамки на дијалозите за пристапување кон ЕУ, често во синергија со други иницијативи, како програмата на Kvinna till Kvinna.

**Клучни резултати постигнати до крајот на акцијата**

- **Подобрено вмрежување и учество** на женските граѓански организации во регионалната мрежа за застапување овозможија посилен колективен ангажман во процесот на пристапување кон ЕУ. Мрежата прерасна во динамична платформа за размена, меѓусебна поддршка и заедничко дејствување, овозможувајќи им на женските организации да работат со поголема стратешка координација и видливост.
- **Значајни придонеси кон процесите на креирање политики и донесување одлуки** преку обезбедување директно учество на граѓанските организации во консултации, национални работни групи и регионални форуми за застапување. Преку структурираното учество, женските организации беа во можност да влијаат врз политиките и да укажуваат на празнините во интегрирањето на родовата перспектива во рамки на процесите на пристапување кон ЕУ.
- Шемата за подгрантови успешно поддржа **30 граѓански организации во 6 земји од Западен Балкан**, овозможувајќи развој на локални иницијативи и обезбедувајќи локална сопственост врз активностите за застапување за родова еднаквост. Грантовите, во вкупен износ од **438.143 евра**, ја зајакнаа регионалната солидарност и им обезбедија ресурси и менторска поддршка на помалите организации.
- **Повеќе од 1.300 жени** директно имаа корист од проектот преку широк спектар на интервенции, вклучително и правна помош, работилници за градење капацитети, обуки за застапување и активности за мобилизација на заедницата. Интервенциите поддржаа жени од различни средини, вклучително и жени од рурални средини, Ромки и ЛГБТКИ+ жени, како и жени со попреченост.
- Значително беа **зајакнати капацитетите на различни локални групи за правата на жените**, овозможувајќи им поактивно и поинформирано учество во процесот на пристапување кон ЕУ. Многу од овие организации известија за зголемена самодоверба и кредибилитет при соработката со јавните институции и чинителите на ЕУ.
- Проектот **ги зајакна капацитетите на граѓанските организации** за учество во политичкиот дијалог со владите и институциите на ЕУ. Како резултат на тоа,

релевантните чинители станаа посвесни за родовите аспекти на пристапувањето кон ЕУ и за клучната улога на граѓанското општество во обезбедувањето инклузивни реформи.

- **Владините институции и ДЕУ/КЕУ покажаа подобрена отчетност** во спроведувањето на заложбите за родова еднаквост. Ова беше потврдено преку институционални реакции на мониторинг-извештаите, учество во консултации и промени во политиките со кои беа вклучени родовите перспективи.
- Беа изработени **повеќе од 30 почетни и завршни мониторинг-извештаи**, со што беа генерирани значајни докази за следење и анализа на интегрирањето на родовата перспектива во различни фази од процесот на пристапување кон ЕУ. Овие извештаи придонесоа кон политичкиот дијалог и служеа како алатки за застапување за понатамошно дејствување.
- Беа развиени **повеќе од 20 национални родови анализи** низ регионот, со фокус на претходно неанализирани сектори. Објавени на два јазика во секоја земја, овие анализи беа значајни за пополнување на критичните празнини во податоците и информирање на граѓанското општество и владините актери за подобро интегрирање на родовата еднаквост во секторските реформи поврзани со пристапувањето кон ЕУ.

Како едно од клучните наследства на оваа акција, беше формално воспоставена **Коалицијата EQUAPRO – Коалиција за родова еднаквост во процесот на пристапување кон Европската Унија (ЕУ)**. EQUAPRO е неформална, но стратешки значајна регионална коалиција составена од организации за правата на жените и феминистички организации на граѓанското општество од Западен Балкан.

Нејзината примарна цел е да обезбеди родовата еднаквост да не биде маргинализирана во дискурсот за пристапување кон ЕУ, туку да биде третирана како централен столб на демократските реформи, доброто владеење и надворешната поддршка на ЕУ.

EQUAPRO се залага за зголемена видливост и приоретизирање на родовата еднаквост во сите фази од процесот на пристапување кон ЕУ. Ова вклучува унапредување на интеграцијата на родовата перспектива во политичките рамки, реформските агенди и програмите финансирани од ЕУ, како и повикување на **поголемо вклучување на жените и женските организации** во формалниот политички дијалог, консултативните процеси и механизмите за мониторинг.

Коалицијата исто така има за цел да влијае врз ЕУ и владите на земјите од Западен Балкан со цел создавање поповолни услови за женските организации да придонесуваат значајно во обликувањето на иднината на своите земји во рамки на ЕУ.

Во февруари 2024 година беше организиран **регионален работен настан на високо ниво**, како завршница на работата на EQUAPRO во рамки на оваа акција. Настанот се одржа онлајн и служеше како стратешки форум за **презентирање и разгледување на најновите наоди од**

**мониторингот, родовите анализи и резултатите од застапувањето засновано на докази** произведени во рамки на акцијата.

На настанот учествуваа различни чинители – претставници на женски организации, националните влади на земјите од Западен Балкан, делегации на ЕУ и институции на ЕУ – кои ја разгледаа актуелната состојба со интегрирањето на родовата перспектива во процесот на пристапување.

Настанот ја постави родовата еднаквост во центарот на политичката дебата поврзана со пристапувањето кон ЕУ. Учесниците разменија мислења за улогата на родот во политичкиот дијалог, споделија успеси и постојани предизвици и разгледаа како граѓанските организации можат подобро да се застапуваат за структурно вклучување во процесите предводени од ЕУ.

Дискусиите беа засновани на податоци и докази собрани во текот на четиригодишната акција, кои обезбедија цврста основа за анализа на празнините, идентификување на обрасците на напредок и формулирање стратешки препораки за иднината.

Особено важно, овој настан ја потврди важноста на **надзорната улога на граѓанското општество** и вредноста на структурираниот дијалог меѓу феминистичките организации и институционалните чинители. Тој ја покажа додадената вредност на EQUAPRO како одржлива платформа за засилување на регионалните гласови и обезбедување континуитет во застапувањето за родово одговорен процес на пристапување кон ЕУ и по завршувањето на самата акција.

Сите публикации, податоци и клучни новости произлезени од работата на Коалицијата EQUAPRO и пошироката акција се достапни на следниот линк.

## БЕРЛИНСКИ ПРОЦЕС – ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И THINK TANK ОРГАНИЗАЦИИТЕ

**ДОНАТОР:** *Мала поддршка од Aspen Institute, кофинансирана преку синергијата со Програмата за застапување за ЕУ (Kvinna Till Kvinna)*
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈУНИ 2024 – ЈУНИ 2025

Како дел од својата континуирана посветеност на феминистичка, инклузивна и партиципативна европска интеграција, Реактор – Истражување во акција одигра значајна улога во **Берлинскиот процес 2024**, со силен фокус на промовирањето на родовата еднаквост и различноста како составни елементи на патот на Западен Балкан кон ЕУ.

Ова учество беше делумно поддржано од **Aspen Institute** и преку синергијата на Реактор со тековната **Програма за застапување за ЕУ**.

Особено значајно е што Реактор беше водечка организација на новоформираната **Регионална работна група за род и различност**, што претставува значаен исчекор во историјата на Берлинскиот процес. Работната група беше формирана за првпат по повод **10-**

**годишнината од Берлинскиот процес, како резултат на континуираните заеднички напори за застапување** предводени од **Регионалната мрежа за застапување за ЕУ, координирана од Фондацијата Kvinna till Kvinna**, чиј член е и Реактор.

Нејзиното воспоставување означи историски исчекор кон препознавање на стратешката улога на родовата еднаквост и интерсекционалноста во мирот, безбедноста и демократскиот развој низ Западен Балкан.

Ангажманот започна со **тридневна подготвителна работилница** одржана во **Скопје во јули 2024 година**, на која учествуваа феминистички граѓански организации и think tank организации од регионот. Работилницата имаше за цел да ги консолидира регионалните позиции за застапување, да ги усогласи пораките за приоритетите поврзани со родовата еднаквост и да подготви придонеси за претстојните настани на високо ниво.

Во **септември 2024 година**, Реактор учествуваше на **Форумот за родова еднаквост**, организиран од **германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ)** и поддржан од **Фондацијата Kvinna till Kvinna**. На форумот учествуваа повеќе од 75 чинители – вклучително министри, пратеници, градоначалници, меѓународни организации и претставници на граѓанското општество – и родовата еднаквост беше поставена во центарот на политичкиот дијалог поврзан со процесот на пристапување кон ЕУ.

**Претседателката на Реактор, Тања Иванова**, учествуваше на панелот „*Вклучување на жените во донесувањето одлуки за пристапувањето кон ЕУ*", при што ја нагласи улогата на женските граѓански организации како носители на промени и суштински придонесувачи кон инклузивен и ефективен процес на пристапување кон ЕУ.

Таа ја истакна важноста на **интерсекцискиот пристап** во креирањето политики и посочи на постојаните пречки за политичкото учество на жените, како што се системските нееднаквости, исклучувањето од просторите каде што се носат одлуки и дигиталното и офлајн вознемирување.

Ангажманот на Реактор продолжи на **главниот Форум на граѓанското општество и think tank организациите (CSF)** во Берлин, одржан во **септември 2024 година**, каде што актерите од граѓанското општество од регионот заеднички ги доразвија препораките за јавни политики и ги зајакнаа своите партнерства со националните институции и институциите на ЕУ. Реактор повторно одигра значајна улога на овој настан и ги презентираше резултатите од форумот пред разновидна публика од Западен Балкан и ЕУ.

Овој импулс продолжи и преку серија **политички настани на високо ниво**, на кои родовата еднаквост и различноста беа промовирани како непроценливи принципи на демократските реформи:

- Реактор учествуваше на **Министерскиот состанок за надворешни работи**, обезбедувајќи перспективите на граѓанското општество, особено во однос на родовата еднаквост и граѓанскиот простор, да бидат интегрирани во политичкиот дијалог.

- Реактор придонесе кон **Самитот на лидерите на Берлинскиот процес**, каде што родовата еднаквост беше вклучена во завршното соопштение на самитот како резултат на координираното застапување.
- Во текот на известувачкиот период, Реактор учествуваше и на **низа настани за застапување на високо ниво** со чинители од ЕУ и Западен Балкан, залагајќи се за родово чувствителни реформски агенди и посилни институционални партнерства со феминистичкото граѓанско општество.

Овој повеќеслоен ангажман, кој кулминираше со **лидерството на Регионалната работна група за род и различност**, ја одразува континуираната посветеност на Реактор кон обликување на поеднаква, инклузивна и демократска иднина за регионот – иднина во која **родовата еднаквост не е дополнително прашање, туку движечка сила** на одржливата и праведна европска интеграција.

## НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** Континуирано
**ДОНАТОР:** АКТИВНОСТИТЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ НА ВОЛОНТЕРСКА ОСНОВА

Како резултат на проектот „Совет за родова еднаквост", во 2014 година беше воспоставена Националната платформа за родова еднаквост (НПРЕ), која оттогаш ја координира Реактор. НПРЕ има за цел да ја подобри целокупната клима за родова еднаквост во земјата, да ги зајакне женските организации, да развива интерактивни платформи со знаење и податоци за родовата еднаквост и да ја подигне јавната свест за ова прашање.

Во текот на 2024 година, Реактор ја продолжи соработката со организациите членки на НПРЕ, особено во однос на брзи реакции за актуелни прашања. Беа објавени најмалку десетина заеднички реакции кои се однесуваа на различни прашања поврзани со правата на жените во земјата.

Една од клучните активности на НПРЕ е Маршот за правата на жените, кој традиционално се одржува на Меѓународниот ден на жената. На 8 март 2024 година се одржа осмиот Марш за правата на жените, испраќајќи силна порака за предизвиците со кои се соочуваат жените во Северна Македонија и нагласувајќи го недостигот од еднаквост, слобода и безбедност.

Дополнително, Реактор иницираше две одделни стратешки и координативни средби со членките на НПРЕ, кои успешно беа реализирани. Во текот на 2024 година, Реактор активно учествуваше во повеќе иницијативи и активности договорени на овие средби.

МЛАДИ

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ДИЈАЛОГ

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** Континуирано

**ДОНАТОР:** АКТИВНОСТИТЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ ГЛАВНО НА ВОЛОНТЕРСКА ОСНОВА

Во 2024 година, Реактор продолжи да ја унапредува својата програма за млади преку реализација на повеќе стратешки иницијативи. Како и во претходните години, Реактор остана активно вклучен во **Националниот младински совет на Македонија (НМСМ)**, каде што делува како **основачка членка**, учествувајќи на редовните состаноци на Советот и поддржувајќи активности насочени кон промовирање на младинските приоритети и зајакнување на соработката меѓу младинските актери.

Надоврзувајќи се на долгогодишната посветеност и работата спроведена во 2023 година, Реактор повторно имаше активна улога во развојот на **Националната стратегија за ментално здравје на младите 2024–2026**, која официјално беше усвоена од Собранието во јануари 2024 година. Како членка на НМСМ, Реактор придонесе кон креирањето на насоките на стратегијата, со цел таа да ги одразува реалностите и потребите поврзани со менталното здравје на младите низ земјата.

Реактор исто така учествуваше во пошироки процеси на младинско застапување во текот на 2024 година, особено преку проектот **„Инкубатор за младинско зајакнување"**. Во рамки на оваа иницијатива, Реактор учествуваше на **консултативна средба на 23 јануари 2024 година** во Млади хаб, посветена на зајакнување на младинското учество и претставување на национално и европско ниво. На средбата беше нагласена потребата од воведување на **Дијалогот на ЕУ со младите** (порано познат како Структуриран дијалог) како клучен механизам за обезбедување значајно младинско учество во процесите на креирање политики и донесување одлуки.

Дополнително, Реактор придонесе кон напорите предводени од НМСМ за унапредување на **политичкото учество на младите за време на избори**, во соработка со УНИЦЕФ. Овие активности вклучуваа потпишување меморандум за соработка и заедничка работа на унапредување на повеќе иницијативи насочени кон младите, како што се **Младинскиот стандард, Виртуелните практикантства и Гаранцијата за млади** – сите насочени кон подобрување на инклузијата на младите, нивните можности за вработување и активното граѓанство.

## Зајакнување на учеството на граѓанското општество

Иако во 2024 година Реактор немаше посебен проект или извор на финансирање експлицитно фокусиран кон овој програмски столб, останавме стратешки посветени на унапредување на учеството на граѓанското општество како хоризонтален приоритет.

Нашиот ангажман продолжи преку интегрирање на компоненти за зајакнување на граѓанското општество во тековните иницијативи, особено преку **Проектот за застапување за ЕУ** и **Унапредување на родовата еднаквост преку процесот на пристапување кон ЕУ**. Овие проекти обезбедија значајна платформа за користење на синергиите и за демонстрирање на посветеноста на Реактор кон поттикнување демократски ангажман и учество, надвор од рамките на проектната работа.

Паралелно, Реактор активно бараше нови можности за финансирање со цел дополнително да го прошири својот ангажман во оваа област, препознавајќи ја важноста од долгорочни и одржливи инвестиции во зајакнувањето на граѓанскиот простор, партиципативната демократија и овозможувачката средина за граѓанските организации – особено во контекст на пристапувањето кон ЕУ.

Во текот на 2024 година, претставниците на Реактор продолжија со интензивна соработка со **EU TACSO 3** и неговата регионална заедница на организации. Учествувавме во различни консултации, настани за меѓусебно учење и тематски дискусии релевантни за граѓанските организации низ Западен Балкан и Турција. Размените беа фокусирани на добри практики, научени лекции и потреби за градење капацитети – особено во однос на спроведувањето на **ЕУ-финансирани програми за регрантирање (FSTP)**, област во која Реактор има значително искуство.

Нашето учество придонесе кон пошироките напори за зајакнување на улогата на граѓанското општество во европската интеграција на регионот, особено преку поддршка на потранспарентни, партиципативни и родово сензитивни процеси на креирање политики. Реактор придонесе и кон активностите за споделување знаење, преку обезбедување придонеси кон проценките на TACSO помагајќи да се информираат идните насоки за ГО кои планираат да дизајнираат или спроведуваат ФСТП шеми.

Овој стратешки ангажман ја потврдува континуираната улога на Реактор како поврзувач, носител на знаење и застапник за значајно учество на граѓанското општество во демократското управување и процесите на пристапување кон ЕУ, дури и во отсуство на посебно обезбедени ресурси за оваа програмска област во 2024 година.

**Безбедност на жените во акција: Градење родово-инклузивни јавни простори**
**ДОНАТОРИ:** Фондацијата Kvinna till Kvinna и UK International Development
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** 1 април 2024 – 31 март 2025
**ОРГАНИЗАЦИИ СПРОВЕДУВАЧИ:** Реактор – Истражување во акција, во партнерство со Ladybug (Mollekuqja)

Насилството врз жените и девојчињата (НВЖД) и понатаму е едно од најраспространетите и најдлабоко вкоренетите прекршувања на човековите права во светот. Во Северна Македонија, и покрај усогласувањето на законодавството со меѓународните стандарди и видливиот напредок во институционалните заложби, и понатаму постојат значајни празнини во спроведувањето и примената на законите. Тие вклучуваат недостиг од специјализирана експертиза кај институциите за спроведување на законот, ограничена јавна свест – особено во однос на новопрепознаените форми на НВЖД – како и системски недоволни инвестиции во мерки за превенција и заштита.

Една особено занемарена област останува **насилството врз жените и девојчињата во јавниот простор**, каде што заканите по безбедноста често се нормализираат или занемаруваат. Урбаното планирање во многу градови низ земјата и понатаму е родово слепо и не ги зема предвид различните искуства и потреби на жените, мажите, девојчињата и момчињата во јавниот живот. Улиците, парковите, транспортните јазли и другите заеднички простори ретко се планираат со родово сензитивна перспектива, поради што многу жени и девојчиња се движат низ урбаниот простор со чувство на непријатност, исклученост или директна опасност.

Во 2024 година, **Реактор – Истражување во акција** го започна третиот бран на своето **истражување за безбедноста на жените во јавниот простор** – истражувачка и застапувачка иницијатива која придонесува кон националните дебати за родово одговорно урбано планирање. Првото истражување беше спроведено во **2012 година**, поставувајќи ги темелите на јавната дебата за секојдневната несигурност со која се соочуваат жените во градовите. Следеше второ, проширено издание во **2019 година**, кое дополнително ја зајакна базата на докази и генерираше препораки за јавни политики.

Третото издание претставува значаен чекор напред – не само затоа што продолжува да создава податоци што овозможуваат следење на промените низ времето, туку и затоа што се реализира во соодветен момент, паралелно со пошироката национална иницијатива „Безбедни градови" на Министерството за внатрешни работи. Истовремено, иницијативата создава простор за родово чувствителни разговори и дијалог со институциите.

Овојпат истражувањето ги опфати **градот Скопје** (Општина Центар) и **Тетово**, каде што пред неколку години организацијата Маргини ја користеше методологијата на Реактор за спроведување почетно истражување. Проширувањето беше овозможено преку партнерството на Реактор со **Ladybug**, феминистичка организација од Тетово, која во иницијативата внесе значајно локално знаење, мрежи и посветеност на родовата правда.

Заедно, не само што собираме нови докази, туку работиме и на **преиспитување на постојните практики** и застапување за урбани средини кои ја ставаат во преден план безбедноста, достоинството и автономијата на сите граѓани, особено на жените и девојчињата. Преку истакнување на **контекстуалните фактори** кои придонесуваат кон несигурноста во јавниот простор и преку вклучување на различни чинители – од органите за спроведување на законот, до локалната самоуправа и лидерите во заедниците – целиме кон конкретни подобрувања во начинот на кој градовите се планираат, управуваат и користат, како и кон поттикнување дијалог и соработка меѓу **урбанистите, безбедносните институции, феминистичките организации и локалните актери**.

**Клучни публикации (2024):**

- **Родово-базирано насилство врз жените и девојчињата во јавниот простор во Скопје и Тетово** – Клучни наоди и главен извештај на македонски и англиски јазик.
- **Кој се грижи? Унапредување на менталното здравје на мајките преку интегрирани, повеќедимензионални и системски интервенции** – документ за јавни политики. *Иако публикацијата е фокусирана на менталното здравје на мајките, таа ги нагласува интерсекциските ранливости со кои се соочуваат жените и во приватната и во јавната сфера, дополнително зајакнувајќи го аргументот за потребата од системски промени.*

Овој проект ја одразува сѐ поголемата работа на Реактор на пресекот меѓу родот, урбаните политики и институционалната отчетност и придонесува кон поширокото феминистичко движење за безбедни, правични и инклузивни градови за сите.

ИНИЦИЈАТИВА „СОНЧЕВИ УЧИЛИШТА": Унапредување на обновливата енергија и еколошката свест во образованието

**ДОНАТОР:** ОСФ Западен Балкан

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈУЛИ 2023 – ЈУНИ 2024, СЕПТЕМВРИ 2024 – ЈУЛИ 2025

Иницијативата **„Сончеви училишта"** е регионална програма насочена кон поддршка на државните училишта и единиците на локалната самоуправа во нивната транзиција кон чиста и обновлива енергија, особено сончевата енергија, преку инсталирање **фотоволтаична (ФВ) технологија**. Иницијативата не само што промовира еколошка одржливост, туку вклучува и силна образовна компонента за поттикнување на свеста и ангажманот кај учениците, наставниците и заедниците.

Иницијативата е заеднички поддржана од **Фондацијата Отворено општество за Западен Балкан и Фондацијата Отворено општество во Северна Македонија**, при што **Националниот младински совет на Македонија (НМСМ)** ги предводи образовните напори. Истовремено се спроведува во пет земји од Западен Балкан: **Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово и Србија.**

Во рамки на иницијативата, **Реактор ја предводи истражувачката компонента во Северна Македонија**, со фокус на влијанието на интервенциите поврзани со сончевата енергија и придружните образовни активности врз училишните заедници. Истражувањето се спроведува во **12 училишта (8 основни и 4 средни)** во четири општини: **Бутел, Чаир, Берово и Штип.**

Истражувањето е дизајнирано во две фази – пред и по инсталирањето на соларните панели – со цел да се процени дали воведувањето на ФВ-системите и придружните активности за подигнување на свеста влијаат врз перцепциите, задоволството од училишната средина и ставовите кон обновливите извори на енергија.

Во истражувањето е вклучен широк примерок од училишната заедница, со учество на до **1.760 ученици, 1.320 родители и 400 наставници** кои учествуваат во двете фази.

- **Првиот циклус на собирање податоци** беше спроведен во **октомври–ноември 2023 година** и опфати **880 ученици, 188 наставници и 536 родители**.
- **Вториот циклус** следеше во **март–април 2024** година, по завршувањето на инсталацијата на фотоволтаичните системи.

По успешната реализација на двете истражувачки фази и силната соработка меѓу регионалните партнери, во **јули 2024 година** беше донесена одлука за **проширување на иницијативата** и вклучување нова група училишта во **есента 2024 година**. Проширувањето го одразува растечкиот интерес за зелената транзиција во образовниот сектор, како и позитивниот прием на иницијативата кај вклучените чинители.

Во следниот период, проектот треба да влезе во својата **трета фаза во 2025 година**, во рамки на која сите партнери ќе се вратат во првично вклучените училишта за да спроведат **финален циклус на процена**. Оваа завршна фаза има за цел да го процени **долгорочното влијание и одржливоста** на интервенциите – и во однос на енергетската транзиција и во однос на промените во ставовите кај учениците, родителите и училишниот кадар.

Иницијативата „Сончеви училишта" претставува значаен пример за тоа како обновливата енергија, граѓанскиот ангажман и образованието можат да се поврзат во поддршка на системски промени на ниво на заедницата, истовремено поттикнувајќи ја климатската свест кај идните генерации.

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

РЕАКТОР
истражување во акција

Правична транзиција преку координиран енергетски сектор, социјална заштита и фискални реформи

***Родот и енергетските реформи: квалитативна процена за праведна транзиција во Северна Македонија***

**ДОНАТОР:** ОЕЦД (ШВЕДСКА)

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** АПРИЛ – ЈУНИ 2024

Како дел од својата работа на интегрирање на родовата перспектива во структурните реформи, **Реактор – Истражување во акција** беше ангажиран од **Развојниот центар на OECD** за спроведување **квалитативна процена во Северна Македонија**. Целта на истражувањето беше подобро да се разберат **различните влијанија и перцепции поврзани со енергетските реформи од родова перспектива** на ниво на домаќинствата, обезбедувајќи подлабок увид во реалните искуства кои ги надополнуваат постојните квантитативни податоци.

Истражувањето е дел од поширока иницијатива на OECD низ **Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија)**, фокусирана на овозможување **правична транзиција** преку интегрирани реформи во енергетскиот сектор, социјалната заштита и фискалната политика.

Целта е да се обезбеди **енергетските реформи да бидат правични, инклузивни и одговорни** кон различните потреби на домаќинствата, особено на оние кои се изложени на ризик од енергетска сиромаштија и маргинализација.

Преку серија **фокус-групи**, Реактор ги истражуваше родовите динамики кои влијаат врз начинот на кој домаќинствата комуницираат со енергетските системи, како и начинот на кој ги доживуваат и се приспособуваат на енергетските реформи. Клучните области на истражување вклучуваа:

- **Обрасци на потрошувачка на енергија во домаќинствата**, расчленети според родовите улоги и начинот на користење;
- **Финансискиот товар на трошоците за енергија**, вклучително и влијанието на претходните зголемувања на тарифите врз буџетите на домаќинствата и одлуките за потрошувачка;
- **Стратегиите за справување** што ги применуваат домаќинствата за управување со растечките трошоци за енергија – како намалување на трошењето за основни потреби, мобилност или социјално учество – и дали овие стратегии се разликуваат според род;
- **Пристапот до и перцепциите за програмите за поддршка**, како што се социјалната помош, субвенциите за енергија и другите механизми за социјална заштита, како и нивната согледана ефективност во ублажувањето на тешкотиите;

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

- **Искуствата со давателите на енергетски услуги** (електрична енергија и централно греење), особено во однос на транспарентноста, отчетноста и јасноста на постапките за утврдување на тарифите, како и реакциите на домаќинствата на прашања како заостанати долгови и исклучување од услугите;
- **Јавните ставови кон енергетските реформи**, нивото на доверба во институциите и претпочитаните начини на комуникација и вклучување на граѓаните во процесите на промени во енергетскиот сектор.

Процената беше осмислена со цел да ги истакне гласовите на оние кои често се исклучени од дискусиите за јавните политики и да придонесе кон порамноправни реформски стратегии кои ја ставаат **социјалната инклузија и родовата еднаквост во центарот на енергетската транзиција.**

Како дел од компонентата за споделување знаење и политички дијалог, во **септември 2024** година во Скопје беше одржана **работилница со повеќе чинители на високо ниво**, на која учествуваа претставници на националните институции, граѓанското општество, меѓународните организации и чинители од енергетскиот сектор.

Настанот обезбеди простор за дискусија на прелиминарните наоди, идентификување можности за нивно преточување во јавни политики и разгледување на импликациите од истражувањето за креирање социјално правични и родово одговорни реформи.

Во следниот период, **финалните резултати од оваа регионална иницијатива ќе бидат презентирани во Париз во мај 2025 година**, каде што Развојниот центар на OECD ќе организира **регионален политички дијалог** и ќе го претстави официјалниот извештај.

На настанот ќе учествуваат носители на одлуки и релевантни чинители од Западен Балкан и пошироко, со цел зајакнување на координираните одговори на јавните политики и обезбедување дека никој нема да биде изоставен од зелената и енергетската транзиција.

## ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

### Застапување

Во согласност со нашата мисија и надоврзувајќи се на постигнатиот напредок во претходните години, **Реактор – Истражување во акција** и во 2024 година продолжи да дејствува како **значаен ресурсен центар** за висококвалитетни истражувања засновани на докази и застапување за јавни политики. Нашите истражувачки и застапувачки производи – од родови анализи и документи за јавни политики, до брифови за јавни политики и интерактивни платформи за податоци – **континуирано се користат од локални, национални и**

**меѓународни чинители** за информирање на политиките, обликување на јавниот дијалог и поддршка на институционалните реформи.

Стратегијата на Реактор за застапување и понатаму се темели на **двонасочен пристап**, кој обезбедува и широка достапност на истражувачките наоди и стратешко влијание врз јавните политики:

**1. Онлајн застапување и дигитален ангажман**

Инвестираме во **кориснички пристапни, достапни и визуелно привлечни онлајн платформи** преку кои податоците, наодите и препораките за јавни политики им ги претставуваме на различни целни групи. Тие вклучуваат, но не се ограничени на:

- **Родов Реактор** – платформа со релевантни статистички податоци и истражувачки наоди за родот, наменета за поддршка на креирањето родово одговорни јавни политики.
- **Млади низ бројки** – платформа посветена на презентирање квантитативни и квалитативни податоци за младите, со динамични визуелизации и можност за преземање податоци и наоди наменети за носители на одлуки, образовни работници и активисти.
- **Индекс на родова еднаквост на локално ниво** – интерактивна алатка која им овозможува на корисниците да го следат напредокот во областа на родовата еднаквост во различни општини, нудејќи уникатна перспектива заснована на податоци за граѓаните и носителите на одлуки.
- **Реагирај – Биди безбедна** – дигитален простор создаден за подигнување на свеста и застапување за побезбедни јавни простори за жените и девојчињата, со посебен фокус на родово базираното насилство во урбаните средини.

Овие платформи ги одржува Реактор, а нивната видливост се унапредува преку **таргетирани активности на социјалните мрежи**, инфографици, видеа, интерактивни контролни табли и формати засновани на раскажување приказни, во зависност од достапното финансирање и актуелните програмски приоритети.

Преку користење **современи техники за визуелизација на податоци и комуникација заснована на докази**, целиме сложените истражувачки наоди да ги претвориме во содржини кои се разбирливи, ангажирачки и применливи во практиката.

**2. Офлајн застапување и директен ангажман со чинителите**

Покрај нашето дигитално присуство, Реактор продолжи да дава приоритет и на **непосредните активности за застапување**. Тие вклучуваат:

- **континуирано изработување истражувачки производи**, брифови за јавни политики, секторски родови анализи и придонеси;

- **консултативни состаноци и работни групи** со институционални чинители на национално и локално ниво;
- учество на **застапувачки настани на високо ниво**, како што се Форумот на граѓанското општество во рамки на Берлинскиот процес и министерските состаноци;
- **стручни придонеси во собраниски седници, процеси на развој на стратегии и дијалози поврзани со ЕУ;**
- **дебати, работилници и тркалезни маси на локално ниво**, насочени кон надминување на јазот меѓу граѓанското општество и институциите.

Во 2024 година, се фокусиравме на дополнително зајакнување на **врската меѓу истражувањето и застапувањето**, обезбедувајќи сите препораки за јавни политики да се темелат на податоци од терен, а застапувачките пораки да бидат прилагодени за да имаат што поголема релевантност за јавните политики.

Паралелно, работевме на **градење сојузништва со феминистички и граѓански актери** низ Западен Балкан и ЕУ, со што го зајакнавме нашиот глас во регионалните процеси како што се Берлинскиот процес, дијалогот за пристапување кон ЕУ и националните реформски агенди.

Нашето сè пошироко портфолио на дигитални алатки и истражувања проверени во пракса го позиционираа Реактор како **доверлив и ефикасен актер во областа на застапувањето**, способен да ги поврзе институционалните реформи со реалноста на локалните заедници – и доказите да ги претвори во конкретно влијание.

## Организациски развој

Во 2024 година, **Реактор – Истражување во акција** продолжи со процесот на внатрешна трансформација, надоврзувајќи се на претходните напори за **зајакнување на капацитетите на тимот, унапредување на стратешката насока** и зголемување на оперативната ефикасност. Клучен момент во текот на годината беше **финализирањето и спроведувањето на новата организациска стратегија**, првично развиена во 2023 година.

Стратегијата ги одразува и **надворешните општествено-политички промени и внатрешните трансформации** низ кои Реактор помина во изминатите години, што наметна потреба од повторно усогласување на **мисијата, визијата и приоритетите** на организацијата.

Процесот на преструктурирање, започнат во 2022 година и продолжен во првата половина на 2023 година, вклучуваше ангажирање **надворешен експерт** за процена на организациската динамика, методологијата и стратешката насока на Реактор. Резултатот од оваа соработка

беа сеопфатен дијагностички извештај и нацрт-стратешка рамка, кои ја поставија основата за новата организациска стратегија усвоена во 2024 година.

Стратегијата воспоставува појасна патека за постигнување влијание во клучните програмски области на Реактор, истовремено поддржувајќи поиздржливи и поприлагодливи организациски практики во услови на променливиот граѓански простор во Северна Македонија и Западен Балкан.

**МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И УЧЕЊЕ**

Како дел од институционалната посветеност на Реактор кон **континуирано учење, отчетност и ефективност**, во новата организациска стратегија беше интегрирана посебна рамка за **мониторинг, евалуација и учење (MEL)**.

Во октомври 2024 година беше одржана **дводневна стратешка работилница** со целиот тим на Реактор, со цел рамката да се операционализира и колективно да се разгледаат напредокот и приоритетите на организацијата.

Во текот на работилницата, тимот ја примени MEL-рамката за:

- процена на актуелното позиционирање и влијание на Реактор во различните области на дејствување;
- преиспитување и унапредување на **Теоријата на промени** што ја насочува истражувачката и застапувачката работа на организацијата;
- идентификување конкретни чекори и улоги потребни за подобрување на внатрешните системи за учење и отчетност;
- дефинирање процеси за следење на резултатите и адаптирање на тековните и идните активности.

Иако **мониторингот и евалуацијата на проектно ниво** продолжуваат редовно да се спроведуваат во согласност со очекувањата на донаторите и известувачките циклуси, оваа организациска MEL-рамка ја одразува заложбата на Реактор да ги институционализира рефлексивната практика, стратешкото предвидување и донесувањето одлуки засновано на докази.

Работилницата исто така ја потврди важноста на **ажурираните стратешки и интерни политики на Реактор**, усогласени со законските промени, вклучително и оние поврзани со заштитата на личните податоци и доверливоста.

Како дел од обновувањето на организациската практика, тимот се обврза повторно да го воспостави дводневниот годишен стратешки ретрит, кој претходно беше прекинат поради пандемијата со КОВИД-19.

## ПРОМЕНИ ВО ТИМОТ И ВРАБОТУВАЊЕТО

Во 2024 година, тимот на Реактор помина низ **транзициски период**, делумно условен од завршувањето на големата регионална акција финансирана од ЕУ за унапредување на родовата еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ, која Реактор ја предводеше.

Завршувањето на овој четиригодишен проект доведе до **намалување на тимот за три членови**, што беше дел од пошироко организациско преиспитување, во услови на растечки трошоци за живот, стагнација на платите во граѓанскиот сектор и инфлациски притисоци.

Кон крајот на годината, **правната експертка и главна правна аналитичарка** на Реактор го најави своето заминување со цел да продолжи со професионални можности во приватниот сектор. Таа имаше значајна улога во развојот на **застапувачката работа на Реактор во областа на родовата еднаквост**, особено во однос на **европската интеграција, правната анализа и учеството во секторските работни групи**. Нејзиниот придонес, обележан со ретка комбинација на правна темелност и родова чувствителност, останува дел од основата врз која Реактор продолжува да ја гради својата работа.

На крајот на годината, Реактор објави **повеќе отворени повици за нови членови на тимот**, со цел да привлече нова експертиза во согласност со развојот на стратешката насока на организацијата. До почетокот на 2025 година, **процесот на регрутација беше финализиран**, а организацијата со задоволство пречека две нови истражувачки – една помлада и една поискусна – со што дополнително ги зајакна своите истражувачки и застапувачки капацитети за периодот што следи.



**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

РЕАКТОР
истражување во акција

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023

## ВОВЕД

Реактор – Истражување во акција (понатаму: Реактор) е независна непрофитна истражувачка организација [think-tank] со седиште во Скопје, Северна Македонија, посветена на зајакнување на евроинтеграциските процеси на државата преку обезбедување релевантни истражувања и предлагање алтернативни политики засновани на факти и активна соработка со заедницата. Главните тематски области на делување на Реактор се родова еднаквост, млади, урбан развој, како и зајакнување на учеството на граѓанското општество.

Сите активности на Реактор се инспирирани и водени од визијата за родово, социјално и еколошки праведни општества, на национално и глобално ниво, во кои луѓето во сета нивна различност можат да живеат слободен и достоинствен живот, активно придонесувајќи кон градење на праведно, и одржливо општество.

Главниот фокус и основна дејност на Реактор е спроведувањето истражувања. Земајќи го предвид недостатокот на достапни или соодветно обработени податоци во процесите на креирање политики на локално, национално и регионално ниво, една од нашите главни стратешки цели отсекогаш била да обезбедиме релевантни, навремени и темелно истражени податоци за да ги информираме политичките процеси и да ги вклучиме клучните засегнати страни, како во нашите специфични области на делување, така и пошироко. Главната дејност на Реактор опфаќа обезбедување навремени и релевантни истражувања, предлагање алтернативни политики засновани на докази, спроведување застапување и активна соработка со заедницата, граѓанските организации, академските институции и политичките актери. Преку нашите истражувања, застапување и поттикнување дебати и дискусии за прашања релевантни за граѓанките и граѓаните на Северна Македонија, Реактор придонесува кон процесите на креирање политики на локално, национално и регионално ниво, следејќи ја и нивната имплементација.

Влијанието на работата на Реактор е значително зајакнето преку соработка и поддршка од меѓународната заедница. Затоа, Реактор негува партнерства со клучните актери во земјата и регионот. Редовно се вклучуваме и ја следиме работата на телата и институциите на ЕУ, ги користиме можностите што произлегуваат од процесите на следење на ОН, и обезбедуваме вредни податоци и увиди за амбасадите и меѓународните организации. Преку овие соработки, се стремиме да влијаеме врз домашната политика и да го забрзаме општествениот развој преку промовирање и поттикнување на граѓанското учество, почитување на човековите права, залагање за еднаквост и владеење на правото. Европската Унија (ЕУ) и Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Сида) се главните донатори кои нудат одржлива поддршка на ова поле во земјата, со посебен фокус на жените и младите во своите водечки иницијативи насочени кон поттикнување паметен, инклузивен и одржлив раст.

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

Областите на работа на Реактор се препознаени и во дел од нивните стратешки документи, како на пример во стратешките документи за финансирање на земјата во рамките на ИПА механизмите.

## ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ И ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ (ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ)

### РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**ЕУ застапување**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈАНУАРИ 2021 - ДЕКЕМВРИ 2023

**ДОНАТОР:** ФОНДАЦИЈА KVINNA TILL KVINNA

Главната цел на овој проект е да се подобри животот на жените, девојките, мажите и момчињата во земјата преку унапредување на родовата еднаквост. Проектот ќе придонесе кон подобра изработка и имплементација на законодавството и стратешките документи за родова еднаквост засновани на квалитетно истражување, вклучување на родовата перспектива и родово поделени податоци, како и зголемување на видливоста на правата на жените во различните процеси на пристапување кон ЕУ. Проектот, исто така, има цел да го зголеми учеството на женските граѓански организации (ЖГО) во различните процеси и одлучувања поврзани со евроинтеграцијата на Северна Македонија.

Во 2023 година, Реактор остана активно вклучен во разни консултативни и застапнички иницијативи насочени кон вклучување на родовата перспектива и унапредување на родовата еднаквост во земјата. Овие напори вклучуваа соработка со национални и меѓународни засегнати страни, вклучувајќи претставници на националната власт и единиците на локалната самоуправа, претставници на ЕУ и меѓународни организации.

Еден од најзначајните резултати и активности е изработката на редовни годишни придонеси и препораки кон Извештајот на ЕК за Северна Македонија, кој оваа година означи позитивен тренд и веруваме дека беа земени предвид неколку клучни точки на застапување. Како и во претходните две години, Реактор придонесе кон Извештајот на ЕК и во подготвителната фаза и преку последователен придонес кон објавениот извештај на ЕК за 2023 година, преку писмен документ „Накратко: Кратка родова анализа на Извештајот за земјата за 2023 година“, како и преку онлајн и физички консултации кои се одржаа на национално и на ниво на Брисел. Мастер документите – писмениот придонес и последователните препораки – понатаму беа прилагодувани и користени во разни застапнички активности во текот на годината.

Понатаму, Реактор активно учествуваше на настани за застапување, како што се Неделата за застапување на ЕУ во Брисел и Завршната конференција на Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE). Овие вклучувања придонесоа за зголемено вклучување на ЖГО во значајни политички настани поврзани со процесите на пристапување. На национално ниво, Реактор остана вклучен во сите процеси поврзани со пристапувањето кон ЕУ, одржувајќи или обидувајќи се да воспостави добри односи со различни владини и ЕУ тела и претставници.

РЕАКТОР
истражување во акција

Најмалку 27 ЖГО беа вклучени во заеднички иницијативи со Реактор преку Националната платформа за родова еднаквост (НПРЕ), а најмалку 5 заеднички иницијативи се однесуваа на пристапувањето кон ЕУ. Како што е споменато погоре, во ноември 2023 година, претседателката на Реактор, Тања Иванова, учествуваше на Неделата за застапување на ЕУ и сите подготвителни активности, организирани и поддржани од Kvinna till Kvinna. Во текот на овој процес, Реактор поддржа други ЖГО во изработка на заеднички документи и развивање посебен документ на ниво на земјата, како и посебен писмен придонес кон Извештајот на ЕУ за земјата за 2023 година и еден краток политички документ за родовата еднаквост на локално ниво. Овие документи беа основа за понатамошни точки на застапување дискутирани со разни претставници на Европската комисија, вклучувајќи ја шведската постојана претставничка и разни пратеници во Европскиот парламент. Реактор, исто така, изработи два посебни документи и придонеси на национално ниво за Секретаријатот за европски прашања (SEA) и Комисијата за превенција и заштита од дискриминација (CPPD).

Реактор, исто така, учествуваше на третиот годишен структуриран дијалог за унапредување на имплементацијата на Акцискиот план на ЕУ за родова еднаквост и зајакнување на положбата на жените во надворешното делување 2021-2025 (ГАП III), и придонесе кон овој значаен глобален настан и последователниот извештај.

Во текот на 2023 година, Реактор продолжи да дава писмени и усни повратни информации за подобрување на родовите аспекти во националните стратешки документи, законодавните процеси и креирањето политики. Сепак, клучните закони поврзани со родовата еднаквост, како што се Законот за родова еднаквост, Законот против вознемирување на работно место и Законот за работни односи, се соочија со значителни предизвици во институционалната и законодавната фаза и сè уште не се донесени. Овие закони, особено нацрт-Законот за родова еднаквост, наидоа на значителен отпор и не беа донесени, првенствено поради растечкото антиродово и антидемократско движење во земјата, како што е нагласено во Извештајот на ЕУ за Северна Македонија за 2023 година. Следствено, ова создаде потреба за дополнително застапување од страна на ЖГО во земјата.

Во изминатата година, Реактор ги ажурираше и Локалниот индекс за родова еднаквост (ЛИРЕ) и веб-страниците на Родов Реактор. На 26 октомври 2023 година, Реактор организираше панел-дискусија: Политичка и општествена еднаквост на жените на локално ниво. На настанот беа претставени Локланиот индекс за родова еднаквост и студијата Жените во политиката 2: Пат до јавна функција и влијание на локално ниво во Северна Македонија (последователна студија). Иако не е дел од овој проект, оваа публикација е активност на синергија и дел од проектот WoMen Lead: Унапредување на родовата еднаквост преку политичкото учество на жените, финансиран од Шведска, а спроведуван од Националниот демократски институт (НДИ).

Во рамките на проектот беа преземени и други активности за да се постигнат наведените цели и да се поттикнат синергии со другите проектни активности опишани подолу и во интерните извештаи што Реактор редовно ги доставува според договорените периоди и буџети.

**Унапредување на родовата еднаквост преку процесот на пристапување кон ЕУ**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** МАРТ 2020 - ФЕВРУАРИ 2024

**ДОНАТОР:** *ЕВРОПСКА КОМИСИЈА, ШВЕДСКА АГЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДЕН РАЗВОЈ И СОРАБОТКА*

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

# РЕАКТОР
истражување во акција

Целта на оваа Акција е да ја унапреди родовата еднаквост во Западен Балкан преку процесот на пристапување кон ЕУ.

Севкупната цел на оваа четиригодишна Акција (2020-2024) е да се зајакне и прошири постоечката регионална соработка, да се зајакнат партиципативните демократии и да се овозможи инклузивен, родово-сензитивен процес на приближување кон ЕУ. Во насока на оваа цел, специфичните цели на Акцијата вклучуваат:

• Зајакнување на капацитетите на ЖГО за ефикасна соработка со владите, Делегациите и канцелариите на ЕУ (ДЕУ/КЕУ), локалните ГО и другите ГО во регионот, зголемувајќи ја свеста на сите вклучени актери за родовите димензии на процесот на пристапување кон ЕУ.

• Подобрување на одговорноста на владите и ДЕУ/КЕУ во исполнувањето на обврските за родова еднаквост и правата на жените во текот на процесот на пристапување кон ЕУ.

Овој проект е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Шведска, а партнерски организации за неговата имплементација се:

- Република Северна Македонија: Реактор – Истражување во акција (водечка организација), Фондацијата Kvinna till Kvinna – канцеларија во РСМ (партнерска организација)
- Косово: Мрежата на жени на Косово (Партнерска организација)
- Албанија: Албанската мрежа за зајакнување на жените (АВЕН) ( Партнерска организација)
- Босна и Херцеговина: Права за сите (Партнерска организација)
- Црна Гора: Центарот за права на жените (Партнерска организација)

**Клучните активности во рамките на овој проект, реализирани во текот на 2023 година, се:**

• Вмрежување и средби за размена на искуства за регионалната мрежа на ЖГО, насочени кон зајакнување на нивното влијание врз процесот на пристапување кон ЕУ и проширување на постојната регионална мрежа на ЖГО;

• Зајакнување на капацитетите и подигнување на свеста кај разни ГО за родовите аспекти на процесот на пристапување кон ЕУ;

• Регионален форум на високо ниво за родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ;

• Изработка на родови анализи за различни сектори на национално ниво, особено таму каде што вакви анализи недостасуваат;

• Соработка со локални ЖГО за следење и известување за имплементацијата на обврските за родова еднаквост од страна на владите;

• Следење и подготвување извештаи за информирање и вклучување на родовата перспектива во Извештаите на ЕК за земјата и политичкиот дијалог поврзан со пристапувањето кон ЕУ; и

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

• Застапување за подобра родова перспектива во процесот на пристапување кон ЕУ на национално и регионално ниво.

**Клучни резултати од оваа Акција постигнати до крајот на 2023 година вклучуваат:**

• Подобрено мрежно поврзување и учество на постоечката регионална застапничка мрежа за правата на жените за вклучување на родовата перспектива во процесот на пристапување кон ЕУ;

• Придонес кон процесите на креирање политики и одлучување преку директно вклучување на ГО во овие процеси на национално, регионално и ЕУ ниво;

• Успешна компонента на потгрантирање, со доделени 30 грантови на граѓански организации (ГО) од 6 земји (Северна Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина), во износ од 438.143 €;

• Над 1300 жени директно имаа корист преку разни обуки, зајакнување на капацитетите, правна помош итн. во 6 земји од Западен Балкан;

• Зајакнати капацитети на разни локални групи за правата на жените, кои овозможуваат зголемено и подобрено учество во процесот на пристапување кон ЕУ;

• Зајакнати капацитети на ГО за ефикасна соработка со владите, ДЕУ/КЕУ и другите ГО во регионот, зголемувајќи ја свеста на овие актери за родовите димензии на процесот на пристапување кон ЕУ, нивната важност и делување;

• Подобрена одговорност на владите и ДЕУ/КЕУ во исполнувањето на обврските за родова еднаквост и правата на жените во текот на процесот на пристапување кон ЕУ и вклучувањето на родовата перспектива во процесот на пристапување, политички и финансиски;

• Над 10 извештаи засновани на докази (почетни и завршни), кои го подобруваат знаењето и разбирањето на вклучувањето на родовата перспектива во процесите на пристапување кон ЕУ, преку континуирано следење во секоја од земјите од Западен Балкан;

• Над 10 национални родови анализи на неанализирани сектори на два јазика, кои ги информираат засегнатите страни и релевантната целна публика и придонесуваат кон вклучувањето на родовата перспектива во процесите на пристапување кон ЕУ во секоја партнерска земја.

Во рамките на оваа Акција беше формирана Коалицијата EQUAPRO. Коалицијата за родова еднаквост во процесот на пристапување кон Европската Унија (ЕУ) (EQUAPRO) е неформална коалиција на организации за правата на жените (ЖГО) во Западен Балкан, која се залага за подобрено внимание кон родовата еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ и за вклучување повеќе жени и ЖГО во политичките дијалози, процесите на креирање политики и како корисници на надворешното финансирање на ЕУ поврзани со пристапувањето.

, Регионален форум на високо ниво: Родова еднаквост во процесот на пристапување кон ЕУ, организиран од Коалицијата EQUAPRO се одржа на 12ти септември во 2023 година во хотел Александар Палас во Скопје, Северна Македонија,. Настанот ја стави родовата еднаквост во центарот на политичката дебата поврзана со процесот на пристапување кон ЕУ и создаде

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

форум за дијалог меѓу различните регионални засегнати страни. Во текот на настанот се разменија размислувања за тековните и минатите искуства во унапредувањето на родовата перспектива во процесите на пристапување кон ЕУ и споделија добри практики за родово-сензитивен процес на пристапување за сите земји од Западен Балкан. Во рамките на трите тематски сесии, панелистите дискутираа за родовата перспектива во политичкиот дијалог, вклучувањето на родовата перспектива во пристапувањето кон ЕУ и поврзаните политики, како и за важноста на вклученоста на ГО во структурите на ССП. Дел од фактите и најважните моменти од настанот се достапни тука. Дополнително, сите публикации, податоци и вести поврзани со оваа Акција се достапни на овој линк.

**НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** Континуирано

**ДОНАТОР:** АКТИВНОСТИТЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ НА ВОЛОНТЕРСКА ОСНОВА

Како резултат на проектот Совет за родова еднаквост, во 2014 година беше основана Националната платформа за родова еднаквост (НПРЕ), која оттогаш ја координира Реактор. НПРЕ има за цел да ја подобри севкупната клима за родова еднаквост во земјата, да ги зајакне женските организации, да развие интерактивни податоци засновани на знаење за родовата еднаквост, и да ја подигне јавната свест за оваа тема.

Во текот на 2023 година, Реактор продолжи со соработка со членките на НПРЕ, особено во однос на брзите реакции за актуелни прашања. Имаше најмалку десетина заеднички реакции насочени кон разни грижи поврзани со правата на жените во земјата. Една од клучните активности на НПРЕ е Маршот за правата на жените, кој се одржува секоја година по повод Меѓународниот ден на жената. На 8 март 2023 година, се одржа седмиот марш за правата на жените, насловен „Дали жените ќе преживеат тука?", испраќајќи моќна порака за предизвиците со кои се соочуваат жените во Северна Македонија, нагласувајќи го недостигот на еднаквост, слобода и безбедност.

Дополнително, Реактор иницираше и успешно реализираше два одделни стратешки и координативни состаноци со членките на НПРЕ. Во текот на 2023 година, Реактор активно учествуваше во неколку иницијативи и активности договорени на овие состаноци.

## Млади

Во текот на 2023 година, тимот на Реактор спроведе неколку иницијативи во рамките на нашата младинска програма. Како и во претходните години, Реактор ја продолжи својата присутност во Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), учествувајќи на редовните состаноци на советот, но и во активности насочени кон создавање кохезија и приоретизирање на младите, успешно поддржувајќи ги иницијативите на НМСМ поврзани со разни релевантни прашања што го засегаат животот на младите луѓе.

На пример, Реактор учествуваше и даде свој придонес во процесот на измени на Законот за младинско учество и младински политики, кој започна во февруари-март 2023 година, а беше инициран од НМСМ. Во есента 2023 година беше организиран форум за нацрт-измени, на кој беа претставени предлог-измени, укажувајќи дека предлозите поднесени од НМСМ, поддржани од Реактор, генерално беа земени предвид. Најзначајните предложени измени и дополнувања се однесуваат на олеснување на постапката за формирање локални младински совети, реструктурирање на финансирањето со посебна програма во буџетскиот план, прецизирање на функцијата на младинскиот службеник и воведување надзор над спроведувањето на законот.

Дополнително, како членка на НМСМ, Реактор одигра активна улога во обликувањето на Националната младинска стратегија 2023-2027, со Акциски план за 2023-2025, која беше усвоена во септември 2023 година. Понатаму, на генералното собрание на НМСМ во ноември 2023 година, Реактор даде коментари и препораки на нацрт-Националната стратегија за развој 2024-2044, каде што се очекува младите и родовата перспектива да бидат вклучени како меѓусекторски прашања.

Покрај овие активности, Реактор ја номинираше и поддржа својата членка Зоја Таревска Петрушевска за Извршниот одбор на НМСМ. Таа беше избрана за членка на Извршниот одбор во ноември 2023 година.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Иако во текот на 2023 година Реактор немаше официјален проект и финансирање за овој дел од нашата програма, го застапуваме овој сегмент преку тековните проекти и активно работиме на прибирање средства за поголемо вклучување. Вредно е да се напомене дека и проектите *ЕУ застапување* и *Унапредување* на родовата еднаквост преку процесот на пристапување кон ЕУ овозможија вакво вклучување, а синергиите се користат за да ја покажеме нашата посветеност на овие прашања надвор од рамките на проектната работа.

Во текот на 2023 година, претставниците на Реактор учествуваа на два одделни настани во рамките на ЕУ ТАЦСО 3 (ЕУ Техничко асистирање на граѓански организации). Во јули 2023 година, координаторката на проекти на Реактор, Зоја Таревска – Петрушевска, присуствуваше на Втората обука за вклучување на родовата перспектива за финансиска поддршка на трети страни (ФСТП). Таа беше говорничка на вториот ден од обуката, организирана за 30 претставници од ГО од земјите на Западен Балкан и Турција кои спроведуваат регрантирачки програми финансирани од ЕУ, но и за ГО заинтересирани за развивање и спроведување на ФСТП програми во иднина.

Дополнително, менаџерката за грантови на Реактор, Ана Азгур, присуствуваше на Втората годишна средба на заедницата на пракса за ФСТП, одржана во ноември 2023 година во Сараево. Целта на настанот беше да се дискутира за напредокот, новите случувања, тековните практики и заедничките предизвици, како и да се разменат искуства и знаења за успешни ФСТП практики.

**Реактор – Истражување во акција**
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

УРБАН РАЗВОЈ

**ИНИЦИЈАТИВА „СОНЧЕВИ УЧИЛИШТА"**

**ДОНАТОР:** ОСФ МАКЕДОНИЈА

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈУЛИ 2023 – ЈУНИ 2024

Инцијативата „Сончеви училишта" ги вклучува државните училишта и единиците на локалната самоуправа во процесот на преминување кон чиста и обновлива енергија, конкретно сончева енергија, преку фотоволтаична технологија. Иницијативата е поддржана и спроведувана од Фондацијата Отворено општество за Западен Балкан и Фондацијата Отворено општество – Македонија, а образовниот аспект го спроведува Националниот младински совет на Македонија. Оваа иницијатива паралелно се спроведува во Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово и Србија.

Реактор ја води истражувачката компонента, спроведувана во 8 основни училишта и 4 средни училишта во четири општини: Бутел, Чаир, Berovo и Штип, во две фази – пред и по поставувањето на сончевите панели на покривите на училиштата опфатени со истражувањето. Целта е да се процени дали фотоволтаичните инсталации и образовните активности за важноста на зелената енергија ќе имаат влијание врз задоволството од училишната средина и процесите, како и врз ставовите поврзани со зелената енергија. Двете фази на студијата ќе опфатат до 1760 ученици, 1320 родители и 400 наставници.

Во текот на 2023 година (октомври-ноември) беше спроведена првата фаза од студијата, во која учествуваа 880 ученици, 188 наставници и 536 родители. Втората фаза е закажана да се спроведе во пролетта следната година (март-април).

## ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

ЗАСТАПУВАЊЕ

Во согласност со претходните години и нашите напори во 2023 година, Реактор продолжи да служи како ресурсен центар за релевантни истражувања и анализи. Овие ресурси континуирано и конзистентно беа користени и дистрибуирани до засегнатите страни на локално, национално и меѓународно ниво.

Како и претходно, нашиот пристап за застапување опфаќа две клучни компоненти:

1. Онлајн пристап – лансирање и ажурирање на веб-платформи и селектирана содржина на социјалните мрежи, применувајќи современи техники за визуелизација и претставување на податоци.
2. Офлајн пристап – одржување континуирано производство на истражувачки резултати и препораки, вклучување во лобирачки напори, консултативни состаноци, дебати и дискусии.

Покрај нашето редовно производство на релевантни истражувачки резултати, приоритет ѝ дадовме и на изработката на кориснички пријателски веб-простори за презентирање на податоци, наоди и препораки.

## Организациски развој

Кон крајот на 2022 и во првиот дел од 2023 година, Реактор започна процес на зајакнување на својот тим и создавање нова организациска стратегија. Новата стратегија имаше за цел да ги земе предвид сите промени во надворешниот контекст, општествени и политички, како и внатрешните промени во Реактор, кои бараа обновување на главната мисија и визија, како и посветено реструктуирање на клучните цели и работата на Реактор. Работата што започна во 2022 година продолжи во текот на првата половина од 2023 година. Пред сè, беше ангажиран надворешен експерт за да ја разгледа методологијата и поврзаните задачи, а како резултат на тоа беше изработен детален извештај со фокусирана дијагноза на Реактор, како и нацрт-организациска стратегија.

## СЛЕДЕЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И УЧЕЊЕ

Во согласност со организациската стратегија за развој и стратешките определби на организацијата за континуирано подобрување на работата и постигнувањата, во 2021 година беше одржана еднодневна стратешка работилница со целиот тим на Реактор, при што беше искористена веќе подготвената стратешка рамка за следење, евалуација и учење (изработена од надворешната експертка Марина Скрабало, од ГОНГ Хрватска, 2016 година). Користејќи го овој стратешки документ како водич, тимот на Реактор заеднички ги идентификуваше тековните состојби во однос на областите на делување, како и теоријата на промени на организацијата, и направи самоевалуација со дополнителна дискусија за да се дефинираат следните насоки, процеси и актери во однос на истражувачката и застапничката работа на Реактор насочена кон постигнување позитивни општествени промени во областите на делување, како и утврдување на следните чекори за спроведување на тековните и идните активности и можните решенија за следење и евалуација на организациско ниво (забелешка: на проектно ниво, Реактор редовно спроведува следење и евалуација во рамки на договорени временски рамки и известувања за активности за донаторски тела). Продоливме со овој процес во текот на 2022 (основните стратешки документи на Реактор беа ажурирани и внатрешните политики беа усогласени со тековните законски промени, вклучително и прописите поврзани со заштитата на личните податоци, доверливоста и стандардите за спречување на сексуална експлоатација и злоупотреба (PSEA).По дводневна стратешка средба одржана во декември 2022 година, со поддршка од надворешен експерт за организациска

проценка и развој, Реактор продолжи да ги спроведува овие процеси на организациско зајакнување на посистематски начин во текот на 2023 година.

Сепак, поради ненадејните промени во тимот поврзани со клучните членови на персоналот на Реактор, новоизработената организациска стратегија ќе треба повторно да се преиспита и ревидира во текот на 2024 година.

## Нови вработени

На редовното Собрание на организацијата, одржано во јули 2023 година, претседателката беше реизбрана.

Во текот на годината немаше нови вработувања, иако организацијата се соочи со подолги отсуства на две клучни лица од тимот – координаторката за истражување и правната експертка/истражувачка. И покрај дополнителниот товар, тимот успеа успешно да ги реализира сите планирани активности.

Нови вработувања се предвидени во текот на следната календарска година.

20 REACTOR years research in action

# SOURCES OF FUNDING 2026-2010

Reactor is committed to a policy of full transparency and to making the information about our sources of funding publicly available. This document contains a detailed description of all project and institutional funding that Reactor has received since 2010, including who provided the funding, how much funding was provided, as well what projects the funding was awarded for, including their planned duration. Please note that funding is listed based on the date when the grant contract was signed.

update of this document was made on JUL 20th 2026

## 2026

| | | |
|---|---|---|
| Ministry of Foreign and European Affairs, Defence, Development Cooperation and Foreign Trade of the Grand Duchy of Luxembourg | 39.000 EUR | Breaking the silence: Gendered corruption, power, and public truth in North Macedonia (MAR - DEC 2026) |
| European Commission – Horizon | 64.500 EUR | ERA-CAREERS: From Charter to Practice – Strengthening Research Careers Through Capacity Building and Communities of Practice (SEP 2026 - AUG 2029) |

## 2025

| | | |
|---|---|---|
| Ministry of Foreign and European Affairs, Defence, Development Cooperation and Foreign Trade of the Grand Duchy of Luxembourg | 29.678 EUR | Breaking the silence: Gendered corruption, power, and public truth in North Macedonia (JUL 2025 - DEC 2025) |
| French Embassy in Skopje | 19.250 EUR | Perinatal mental health (JUL 2025 - JUN 2026) |
| National Foundation for Civil Society Development Civic Resource Center Skopje | 614.500 MKD | Local voices for democracy: Power, influence and equality in practice (JUL 2025 - MAR 2026) |
| Kvinna till Kvinna Foundation | 549.722 SEK | Reclaiming Public Space through Feminist Urban Engagement (AUG 2025 - MAR 2026) |
| Open Society Foundation | 42.682 USD | Just Green Transition Phase 3 - Research Grant Consortium: Albania, Bosnia and Herzegovina, North Macedonia, Kosovo, Serbia (NOV 2025 - MAY 2026) |

## 2024

| | | |
|---|---|---|
| Kvinna till Kvinna Foundation | 111.723 EUR | EU Advocacy for Advancing Women's Rights (JAN 2024 - DEC 2026) |
| European Commission | 17.441 EUR | WE CARE. United we stand to fight against sexual and gender-based violence (APR 2024 - SEP 2026) |
| Kvinna till Kvinna Foundation | 537.145 SEK | Women Safety in Action: Building Gender Inclusive Public Spaces (APR 2024 - MAR 2025) |
| Open Society Foundation | 29.642 EUR | Just Green Transition Phase 2 - Research Grant Consortium: Albania, Bosnia and Herzegovina, North Macedonia, Kosovo, Serbia (AUG 2024 - JUL 2025) |

## 2023

| | | |
|---|---|---|
| Open Society Foundation | 35.530 USD | Sunny Schools Initiative – WB Energy Innovation and Democratization (JUL-2023 - JUN -2024) |

## 2022

| | | |
|---|---|---|
| OSCE Mission to Skopje | **684.450 MKD** | RFQ/SkP/ analysis on artificial intelligence and equality, including gender equality (JUL 2022 - DEC 2022) |
| Kvinna Till Kvinna Foundation | **65.401.51 SEK** | Addressing gender-based discrimination and furthering women's labour rights in North Macedonia (MAY - DEC 2022) |
| National Democratic Institute for International Affairs (NDI) | **26.077 EUR** | North Macedonian women lead advancing gender equality through women's political participation (MAR 2022 – MAR 2023) |

## 2021

| | | |
|---|---|---|
| The Association for Men and Gender Issues Styria | **18.443 EUR** | Establishment of multi-professional prevention of gender-based violence, victim safety oriented perpetrator work and men's counselling in North Macedonia (acronym: maeb nm) needs analysis & dissemination (31.12.2022 - 01.09.2021) |
| Kvinna till Kvinna Foundation | **120.173 EUR** | EU Advocacy for Advancing Women's Rights (2023 - 2021) |

## 2020

| | | |
|---|---|---|
| CIVICA Mobilitas | **520.000 MKD** | End Period Poverty - Advocacy to Relieve Period Poverty in RNM (JUN 2020 - AUG 2021) |
| European Commission | **428.106 EUR** | Furthering Gender Equality through the EU Accession Process (MAR 2020 - FEB 2024) |
| The Association for Men and Gender Issues Styria | **10.900 EUR** | Best practice for the promotion of caring masculinities to improve work life balance (JAN 2020 - FEB 2022) |

## 2019

| | | |
|---|---|---|
| UNICEF | **1.654.632 MKD** | Behavioral insight on teachers' motivation and performance through evidence based interventions in education (AUG 2019 - JUL 2020) |
| Kvinna till Kvinna Foundation | **45.770 EUR** | EU Advocacy (2020 - 2019) |
| European Commission | **50.508 EUR** | EU - Structural Dialogue (APR 2019 - MAR 2022) |

## 2018

| | | |
|---|---|---|
| European Center for Not-for-Profit Law | **6.000 USD** | Western Balkans Assembly Monitor (FEB 2018 - DEC 2018) |
| European Commission | **90.445 EUR** | Empowering CSO's in Combatting Discrimination and Furthering Women's Labour Rights in Republic of Macedonia (AUG 2018 – DEC 2021) |

## 2017

| | | |
|---|---|---|
| Kvinna till Kvinna Foundation | **47.520 EUR** | EU Advocacy (2017 - 2017) |
| CIVICA mobilitas | **1.980.531 MKD** | Youth advocacy for sustainable future (MAY 2017 - JUN 2018) |
| USAID CEP | **72.027 USD** | Mobilizing for gender equality (AUG 2017 - JUL 2019) |

| | | |
|---|---|---|
| UN Women | **1.343.466 MKD** | Scoping study (OCT 2017 - MAY 2018) |
| Ministry of Finance (through IPA) | **46.880 EUR** | Gender equal EU integration (DEC 2017 - JUN 2019) |

## 2016

| | | |
|---|---|---|
| European Commission (through IPA) | **25.600 USD** | Mechanism for Civil Society Organisations (IPA2CSO) (2018 - 2016) |
| National Democratic Institute | **25.000 USD** | Women to Women: Supporting Womens Political Participation (2017 - 201 |
| Regional Research Promotion Programme | **51.000 USD** | Balkan Social Enterprise Research Network (JUN 2016 - NOE 2016) |
| OSF Macedonia | **12.300 EUR** | Research on public perception of the Law on Free Legal Aid (SEP 2016 - NOV 2016) |
| OSF Macedonia | **27.218 USD** | Research - Legal Needs (OCT 2016 - DEC 2017) |

## 2015

| | | |
|---|---|---|
| US Embassy | **3.000 USD** | Working together for clean air (APR 2015 - MAR 2016) |
| European Center for Not-for-Profit Law | **16.000 USD** | Western Balkans Assembly Monitor (OCT 2015 - JUN 2016) |
| Kvinna till Kvinna Foundation | **30.700 EUR** | EU Advocacy (NOE 2015 - DEC 2016) |
| National Youth Council of Macedonia | **84.900 MKD** | Representative survey (2015) |
| Macedonian Centre for European Training | **310.000 MKD** | Representative survey (2015 - 2014) |

## 2014

| | | |
|---|---|---|
| Macedonian Centre for European Training | **400.985 MKD** | Representative survey (2013 - 2014) |
| UN Women | **21.570 EUR** | Gender analyses of programs and budgets in Local Self-Government Units (OCT 2014 - FEB 2015) |
| Regional Research Promotion Programme | **181.143 CHF** | The Challenges and Opportunities for Employment of Marginalized Groups by Social Enterprises (AUG 2014 - JAN 2016) |
| USAID | **122.712 USD** | Civil Society Project (201[illegible] - 2014) |
| OSF Think Tank Fund | **94.999 USD** | Organizational Development Grant (SEP 2014 - SEP 2016) |
| French Embassy in Macedonia | **21.300 EUR** | Project: Making Equality Count (FEB 2014 - JAN 2015) |
| On Think Tanks (blog) | **460 USD** | Award in Data Vizualization Competition |

## 2013

| | | |
|---|---|---|
| Center for Intercultural Dialogue | **3.500 EUR** | Project: Assessment of Capacities and Needs of CSOs in the Cross Border Region (Macedonia-Bulgaria) (JUN 2013 - NOV 2013) |
| OSF Macedonia | **616.000 MKD** | Project: FOI (FEB 2013 - JAN 2013) |
| Youth Educational Forum | **125.000 MKD** | Project: Youth and Media (APR 2013 - FEB 2014) |

| | | |
|---|---|---|
| **OSF Information Program and Think Tank Fund** | **25.000 USD** | Project: SkopjeRaste 2.0 (JUN 2013 - MAY 2014) |
| **European Commission** (through IPA) | **13.500 EUR** | Project: Good Governance Advocacy Network (NOV 2013 - APR 2015) |
| **Ministry of Finance** (through IPA) | **89.480 EUR** | Project: Gender Equality Council (FEB 2014 - APR 2015) |

## 2012

| | | |
|---|---|---|
| **Macedonian Young Lawyers Association** | **40.000 MKD** | Project: Monitoring of the Law on Free Legal Aid (AUG 2013 - SEP 2013) |
| **OSF Macedonia** | **16.724 EUR** | Project: Legal Needs and Paths to Justice (JUL 2012 - DEC 2012) |
| **UN WOMEN** | **1.339.276 MKD** | Project: Scoping Study on Violence Against Women in Skopje, The Case Studies of Center and Cair (JAN 2012 - SEP 2012) |
| **OSF Information Program and Think Tank Fund** | **25.000 USD** | Project: Transformations of Urban Spaces in Skopje (JAN 2012 - JAN 2013) |
| **US Embassy Skopje** | **36.073 USD** | Project: Support of the Youth Council (SEP 2012 - OCT 2013) |
| **USAID** | **110.000 USD** | Project: Civil Society Project (FEB 2012 - AUG 2014) |

## 2011

| | | |
|---|---|---|
| **OSF Macedonia** | **5.000 EUR** | Project: Youth Unemployment (JAN 2011 - DEC 2011) (Matching Funding) |
| **European Fund for the Balkans** (through Think and Link Regional Policy Programme) | **11.740 EUR** | Project: Finding the Key to the Glass Door: Demystifying the Reasons for Women's Low Participation in the Labor Market (APR 2011 - FEB 2012) |
| **OSF Think Tank Fund** | **105.000 EUR** | Core and Institutional Support (JAN 2011 - DEC 2013) |

## 2010

| | | |
|---|---|---|
| **European Commission** (through EIDHR) | **80.000 EUR** | Project: Youth Unemployment (JAN 2011 - DEC 2011) |
| **European Commission** (through EIDHR) | **42.400 EUR** | Project: Women in the Macedonian Economy (DEC 2009 - DEC 2010) |
| **OSF Macedonia** | **10.610 EUR** | Project: Women in the Macedonian Economy (DEC 2009- DEC 2010) (Matching Funding) |
| **Swiss Agency for Development and Cooperation** (through Regional Research Promotion Programme) | **24.870 CHF** | Project: Generation: Getting Nowhere - The transitions of unemployed youth in transitional Macedonia (MAR 2010 - MAR 2011) |